- Да се предложи техничко решение за регулација на водотекот под мостот на магистралниот пат М-2 и утврди најповолно техничко решение за локалниот пат кој поминува под мостот со висински карактеристики и попречен пресек;
- Да се изврши проектирање на делницата од локалниот пат, односно да се дефинира планумот, вертикалниот и хоризонталниот пресек на локалниот пат, како и потребните објекти на патот, АБ мост на коритото на Крива Река, пропусти, потпорни ѕидови, земајќи

го во предвид и отстранувањето на постојниот АБ мост.
- Да се изработи урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со ажурирана геодетска подлога и идеен проект за локалниот пат.

СПЕЦИФИЧНИ ЗАДАЧИ, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

Избраниот Економски оператор ќе биде одговорен за реализација и изработка на следните специфични задачи:

Задача 1: <u>Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за локален пат (со мост на Крива Река) од спој со М -2 до м.в. Крстата падина – Општина Крива Паланка.</u>

Со урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се уредуваат поединечни, изолирани и далечни градби, односно групи на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, како што се: инфраструктурни водови (сообраќајна инфраструктура - локален пат), односно делови и позиции од сите видови инфраструктура вон населени места и вон опфат на урбанистички планови, нивните помошни и придружни градби и инсталации.

Главните задачи и активности поврзани со изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локалкен пат, вклучуваат, но не се ограничени на:

1.1. Да се обезбеди Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат;
1.2. Да се обезбедат Услови за планирање на просторот за предметниот проектен опфат од Агенцијата за планирање на просторот ;
1.3. Да се изработи и одобри Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план;
1.4. Да се изработи идеен проект за патот и новиот мост од градежната струка (во кој ќе биде обработен делот за патишта и сообраќај);
1.5. Врз основа на идејното решение за патот да се дефинира проектен опфат на просторот кој ќе биде зафатен со изградбата на локалниот пат и нов мост;
1.6. Да се подготви Документациона основа на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план (графички и текстуален дел) каде се систематизирани податоците за постојната состојба во рамките на проектниот опфат, со анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат;
1.7. Да се изработи Урбанистичко решение на проектниот опфатот со: површини за градење со градежни линии, намена на градбите, нумерација на поставените површини за градење, вкупна површина на проектен опфат, процент на изграденост на земјиштето, нивелманско решение, градежни линии за инфраструктурни водови и градби;
1.8. Да се разработат сите архитектонски елементи на партерот и надземните делови од инфраструктурата, градежните и сообраќајните елементи на локалниот пат, новиот мост, пристап од сервисни улици, пешачки патеки и друго;
1.9. Да се разработат градежно-техничките елементи на сите инфраструктурни планирани водови и објекти, во делот на дефинирање на трасата и спецификацијата на подземните водови и во делот на надземните градби што припаѓаат на локалниот пат и новиот мост;
1.10. Да се изработи табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат и за градбите во проектниот опфат (локалниот пат и новиот мост);

1.11. При изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, задолжително треба да се обезбедат потребните податоци, информации и согласности од релевантните јавни претпријатија, институции и органи на државната управа.

Задача 2: Изработка на Основен проект за рушење - отстранување на постоечки АБ мост.

Со цел да се добие Одобрение за отстранување на постојниот мост а во согласност со член 99 од Законот за градење, Економскиот оператор треба да изработи проект за отстранување на постоечкиот мост во кој ќе се даде техничко решение и опис за начинот на отстранување на мостот, со што нема да се влијае на стабилноста на земјиштето или можноста на оштетување на постојните инсталации, како и на транспортот и згрижувањето на градежниот отпад што се отстранува.

Основниот проект за отстранување на постојниот мост е предмет на Ревизија од страна на овластен ревидент ангажиран од УНДП.

Задача 3: Основен проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина – Општина Крива Паланка.

Техничкото решение на Основниот проект треба да претставува синтеза од сите неопходни области и фази: урбанизам, геодезија, геотехника, градежништво-патишта, хидрологија, хидротехника, градежни конструкции и сообраќај.

Во Основниот проект треба да се разработи траса на патот усвоена во Урбанистичкиот проект , каде што се дефинираат предвидената (претходна) брзина, конструктивните елементи на напречниот профил и граничните елементи на трасата и објектите во согласност со просторните услови на терен, важечките прописи и стандарди за проектирање на јавни патишта од локален карактер.

3.1. Од областа на Геодезијата потребно е да се изработи следното:

- Дигитални топографски карти;
- Изготвување на ажурирана геодетска подлога;
- Проектирање и изведба на оперативен полигонски влак;
- Изработка на Елаборат за геодетско обележување;

3.1.1 Нумеричко дефинирање на елементарните и деталните точки

Нумеричко дефинирање на елементарните (главни) и детални точки во апсолутен координатен систем преку нивните тековни координати (xi,yi,zi). Овие резултати да се искористат како основа за геодетско обележување на трасата на патот со цел поставување на аналитичка врска меѓу проектираната траса и геодетската основа (оперативниот полигон) во патниот појас.

Геодетските мерења да бидат подетални во зоната на мостот со подолжни и попречни профили на коритото на реката во зона 50 m возводно и 50 m низводно.

3.2. Од областа на Геотехника да се предложи соодветен обем на истражни работи со кои ќе се утврдат физичко – механичките карактеристики на теренот и влезните податоци неопходни за димензионирање на коловозната површина на локалниот пат.

Да се изработи Елаборат за геотехнички истражувања и димензионирање на коловозната конструкција кој ќе содржи:

- Инженерско-геолошки карти како подлоги за проектирање
- Картирање на теренот
- Геотехнички профили

- Физичко-механички својства на теренот

- Класа на теренот

Условите и класата на теренот на локацијата на патната делница потребно е да се дефинираат во согласност со морфолошките карактеристики, градбата на теренот претставена преку инженерско - геолошките и физичко - механичките карактеристики како и други урбанистички и просторни ограничувања.

- Геотехнички услови, снабдување со материјал

Согласно резултатите од геотехничките истражни работи кои ќе се изведуваат според посебна програма предложена од проектантот и ревидирана пред нејзино прифаќање од страна на Инвеститорот потребно е да се дефинира геотехничката - геолошката структура, градбата на теренот во зона на патниот појас со посебен осврт на зоната на мостот, а на места и пошироко за утврдување на стабилноста на теренот, утврдање на меродавните геомеханички карактеристики на природното тло, како и оние на материјалите од позајмишта и депонии со услови на нивната примена во патната конструкција (долен и горен строј на патот, објекти и др.).

3.3. Од областа на Градежништвото: Патишта, Конструкции и Хидротехника потребно е да се изработи, но да не се ограничи на:

3.3.1. Детални анализи и пресметки за:

- коловозниот профил – конструктивни пресметки на долниот (подтло, доколку е потребно подобрување), горниот строј во согласност со теренските и геомеханичките испитувања, сообраќајни оптоварувања, и климатските влијанија ;
- нивелациони односи на применетите елементи (земјани пресметки на ископи и насипи);
- наклони и пресметки за стабилност на косините на коловозниот профил;
- систем за одводнување , пропусти , каналетки и друго,
- детални пресметки на сите конструктивни елементи на новиот мост (темелење, столбови, коловозната плоча, дилатациони спојници и лежишта)

3.3.2. Нормални напречни профили и конструктивни детали со графичка презентација во размер 1:50 и деталите во размер 1:10 со следните елементи:

- широчина на одделни елементи на планумот и вкупна широчина на коловозниот профил,
- релативни нивелациони односи на применетите елементи,
- наклони и услови за обликување на косините на трупот,
- граници на ангажирано земјиште(патно земјиште),
- конструктивни решенија на долниот и горниот строј со типски детали,
- систем за одводнување и заштита со потребни детали,
- вид и положба на елементите на сообраќајно - техничката опрема на патот

3.3.3. Ситуационен план и надолжни профили

Графичките прилози во Основниот проект да бидат изработени со соодветен размер на прикажување, 1:1000 и/или 1:500, додека надолжните профили да се изработат во размер 1:1000/100 и/или 1:500/50. На ситуациониот план треба да се прикажат релевантните податоци за проектната геометрија во сите три проекции (елементарни и детални точки), како и комплетно претставување на патот и објектите во котирана проекција, со детален приказ на постојните

водови, објекти и одводнувањето на површинските и прибрежните води (во ситуационен план и во надолжен профил). Во рамките на овие активности да се изработи план за одводнување и заштита од површинските, подземните и прибрежните води.

3.3.4. Коловозна конструкција

На основа на релевантните параметри: сообраќајното оптоварување, климатските, топографските и геотехничките карактеристики на теренот, расположливите ресурси (природни и вештачки материјали), како и соодветна технологија на изведување на работите, да се изработи проект за избор, димензионирање и изведување на коловозната конструкција, подтлото – носив слој и горен слој.

3.3.5. Карактеристични и критични напречни профили

Напречните профили на патот да содржат: стационажа, број на профил, линија на терен, граници на слоевите со слични геотехнички особини, коти на нивелета, коти на лев и десен раб, елементи за одводнување и сл.

3.3.6. Хидролошки и хидраулички анализи и концепт за одводнување.

Да се извршат детални хидролошко-хидраулични анализи и пресметки, како што се: интензитетот на врнежите, карактеристиките на сливното подрачје, климатските и метеоролошките услови на локацијата долж проектниот опфат, топографијата, условите на почвата, условите на животната средина итн. За пресметка на одводнување на површината на патот и соодветните протоци за димензионирање на страничните одводи/канали, пропусти, проценка и пресметка на стабилноста на косините/наклонот или евентуални свлечишта.
Овие пресметки треба да се извршат врз основа на следните податоци: метеоролошки и хидролошки податоци и анализи за врнежите и големи води по суводолици со различна веројатност на појава (5, 10, 20, 50, 100 години) во сливното подрачје на суводолиците. Дополнително, да се даде осврт на режимот на врнежите – појава на дожд и топење на снег, нивно траење, висина и интензитет, со податоци од најблиската метеоролошка станица.
За ефикасно и рационално одводнување на површинските води потребно е да се изврши анализа на површинските води од коловозот и површинските води од околниот терен кои гравитираат кон коловозот, да се предвиди соодветен систем за одводнување со посебен акцент на водотекот на Селска Река кој гравитира кон патот, како и соодветни хидролошки и хидраулички анализи за потребите за димензионирање на АБ – Мост на Крива Река.

3.3.7. Инженерски конструкции и објекти

Да се изработат детални конструктивни пресметки на сите елементи на мостот (горен строј, долен строј и фундирање). Пресметките да се препорачува да се спроведат според македонските Еврокодови (МКС EN 1990-1999).

За анализите и пресметките на мостовската конструкција се препорачува да се користи адекватен лиценциран програм.

Да се дефинира сеизмичката категоризација и евентуалната сеизмичка микрореонизација, вклучувајќи позитивно мислење од страна на субјект кој врши научно-истражувачка дејност – научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија (мислење за проектиран степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на

градбата - МПС). За двете горенаведени активности, трошоците кон субјектот ќе бидат на товар на Инвеститорот – Општина Крива Паланка.

Дефинирање на коловозот во согласност со патот, хидроизолацијата на коловозната плоча, дилатациони спојници и лежишта. Да се даде решение за одводнување на атмосферските води од површината на мостот.

Во согласност со важечките прописи и стандарди пред пуштање на објектот во експлоатација, да се предвиди пробно товарење од овластена фирма за ваков вид на работи.
Во зависност од потребите да се изработи проектна документација за останатите инженерски конструкции (потпорни и заштитни ѕидови, заштита од одрони, свлечишта и слични конструкции за заштита на трупот на патот) и објекти (цевасти/или плочасти пропусти).

3.3.8. Обем на земјени работи и оптимизација на транспортот и вградување на земјениот материјал

На основа на дефинираниот ситуационен и нивелационен тек на трасата и резултатите од геотехничките истражувања во рамките на патот, да се пристапи кон детална оптимизација на земјените работи (распоред, транспорт, технологија на градење).

3.4. Од областа на сообраќајот да се дефинира сообраќајниот режим, хоризонталната и вертикална сообраќајна сигнализација и опрема на патот.

3.5. Технички спецификации за материјали и опрема - Интегрален дел на техничката документација е да се изработи детален технички опис и стандарди што треба да ги исполт сите предвидени материјали и опрема. Бројот (ознаките) на позициите од Техничките спецификации се прикажуваат во колона пред соодветните позиции од Предмерот.

3.6. Проектантот е должен да припреми Предмер на количини за сите предвидени работи со пресметки според пазарни единични цени во моментот на изработка на Проектот.

ГЛАВНИ РЕЗУЛТАТИ ОД УСЛУГИТЕ

Достава на ревидирана и одобрена техничка документаци до Инвеститорот:

Урбанистички проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина **;**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план треба да содржи документациона основа, плански дел и проектен дел и прилози: проектна програма, геодетски елаборат за ажурирана подлога и извештај од стручна ревизија.

- Документациона основа на проектниот опфат со сите достапни податоци за постојната состојба што се релевантни за конкретниот проектен зафат и вид на градба.
- Планскиот дел од урбанистичкиот проект содржи: урбанистичко решение на опфатот, регулациско и нивелациско решение, површини за градење со градежни линии, максимална височина изразена во метри, внатрешни сообраќајници, рампи, стационарен сообраќај и водови на инфраструктурата и други детални плански одредби.
- Проектниот дел на урбанистички проект за локален пат ги содржи идејните проекти за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонската и градежната (ниско градба сообраќај, одводнување и осветлување на патот доколку треба).

- Составен дел од урбанистичкиот проект: проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, извештај од извршена стручна ревизија, геодетски елаборат за ажурирана подлога со нанесена граница на проектен опфат
- Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план чијшто предмет на уредување е сообраќајна или друга инфраструктура, може да содржи и студии и претходни работи, како и подетална проектно-техничка документација за техничко-технолошките и градежни аспекти на градбата предмет на урбанистичкиот проект, доколку се тие потребни.

Основен проект за рушење – отстранување на постојниот АБ мост на Крива Река – Општина Крива Паланка;

Основен проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина , со следниве области – фази: геодезија, геотехника, патишта, хидротехника, конструкции и сообраќај;

Елаборати како дел од Урбанистичкиот и Основниот проект:

- Елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за проектниот опфат;
- Елаборат за заштита на животна средина;
- Геодетски елаборат за нумерички податоци;
- Геотехнички елаборат;
- Елаборат за Оперативен полигонски влак;
- Елаборат за заштита при работа;
- Изработка на Елаборат за експропријација на гарадежното земјиште во проектниот опфат;
- Други елаборати предвидени со постојната законска регулатива.

Напомена:

1) Понудувачот треба да достави биографии (CV) на сите горенаведени клучни инженери-проектанти. Недоставувањето на соодветна потврда за експертиза за секоја од областите за проектирање се смета за основа за дисквалификација.
2) Понудувачот треба да достави потпишана изјава за достапност на сите предложени клучни експерти за времетраењето на задачата. Еден експерт може да биде предложен само од страна на една фирма понудувач. Доколку еден ист клучен експерт биде понуден од страна на две или повеќе фирми, нивните понуди ќе бидат дисквалификувани.
3) Проектантската фирма / Конзорциумот треба да обезбеди дополнителен персонал – инженери/експерти потребни за успешно завршување на задачата со соодветно Овластување за проектирање (на пр., геотехнички инженери, архитекти, инженери по електротехника, геометри, CAD техничари, овластен експерт за заштита на животна средина, градежен инженер - насока хидротехника, овластени сообраќајни инженери, машински инженери и т.н.), согласно барањата на националните прописи. Понудувачите не треба да поднесуваат биографии (CV) од дополнителните експерти/инженери или од потребниот дополнителен персонал.

Ревизија и осигурување на квалитет

Ревизијата на сите Основни проекти и документи ќе се изврши од страна на независна лиценцирана фирма за ревизија на проектна документација ангажиран од УНДП со посебни

договори. Избраните овластени ревиденти ќе работат паралелно со избраниот Проектант во текот на изработката на техничката документација. Сите забелешки дадени од Ревидентот во тек на подготовка на техничката документација ќе треба да се адресираат во нацрт и конечните верзии на проектната документација заради добивање на последователно позитивно мислење.

Дополнителни трошоци

Проектантската фирма/конзорциумот треба да ги пресмета можните трошоци за добивање на различни мапи, планови и други релевантни документи или информации потребни за успешно завршување на сите задачи. Инвеститорот нема да прифати никакви дополнителни трошоци што не се вклучени во финансиската понуда на проектантската фирма/конзорциумот.

Сите примарни податоци, проекти, извештаи и други документи подготвени во текот на оваа задача ќе се достават на одговорното лице од Општина Крива Паланка. Проектната документација се доставува во 4 хартиени примероци и 2 примероци во дигитален отворен (xls, doc, dwg ...) и затворен формат (pdf) со запис на УСБ . Хартиената копија на проектната документација треба да биде форматирана во А4 формат.

Барања за соработка

Се очекува проектантскиот тим проактивно да соработува со ревидентите на проектите, претставниците на општина Крива Паланка и тимот на експерти од УНДП.

Анекс 1. Преглед на важечка регулатива и документациона основа

1.1. При процесот на проектирање да се следи законската регулатива Република Северна Македонија за изработка на ваков тип на проектна документација :

- Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32/2020 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр.225/2020, 219/21 и 104/22);
- Законот за градење (Службен весник на Република Македонија бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115 / 14,149 / 14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и подзаконските акти што произлегуваат од Законот за градење;
- Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија бр. 60/2012),
- Правилникот за содржината на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи, со сите измени и дополни (Службен весник на РМ, бр. 225/2020, 24/2011, 81/2013),
- Закон за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015; 150/2015; 31/2016; 71/2016 и 163/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/2021). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 160/2009 од 10 март 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“бр. 39/2010 и Правилник за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и објектите на патот (Службен весник на РМ 110/2009);

- Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 122/2021), Правилникот за сообраќајните знаци, опрема и сигнализација на патот (Службен весник на РМ бр.174/2020) и Правилникот за сообраќајно-технички критериуми кои треба да ги исполнуваат техничките средства за забавување на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ бр.117/2016).
- Законот за катастар на недвижности (Службен весник на РМ бр. 55/13, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/16, 172/16 и 64/18) и со Правилникот за основни геодетски работи (Службен весник на РМ бр. 151/13);
- Законот за животна средина (Службен весник бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 186/13 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на РСМ “бр.89/22).

2.2. При анализа и пресметка на мостовската конструкција пожелно е да се користат македонските евро кодови (МКС EN 1990-1999)[2].

[2] Законската обврска за стапување во сила на македонските евро кодови (МКС EN 1990-1999) на 02.09.2023 се продолжува уште за една година, затоа пожелно е избраната Проектантска фирма или Конзорциум да ги користи македонските евро кодови.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ

дипломиран градежен инженер (NQF 240 ECTS)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 07.03.2028 год.

Број: 2.1930

Издадено на: 08.03.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Радевски
дипл.инж.арх.

II. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕХНИЧКИ ОПИС

СОДРЖИНА НА ТЕХНИЧКИ ОПИС

1 ТЕХНИЧКИ ОПИС 3
1.1 Вовед 3
1.2 Подлоги за работа 3
1.3 Опис на постојните физички состојби на речното корито на Крива Река 4
1.4 Пороен водотек непосредно пред мостовската конструкција....4
2 ХИДРОЛОШКИ АНАЛИЗИ НА СООДВЕТНИТЕ ВОДОТЕЦИ ВО ЗОНА НА МОСТОВСКАТА КОНСТРУКЦИЈА 4
2.1 Претходни хидролошки анализи 4
2.2 Хидролошки анализи на Крива Река согласно систематско мерените податоци....5
2.3 Определување на големи води на Крива Река со статистички параметри 7
2.3.1 Коментари, споредба и заклучоци по добиените резултати....10
2.4 Хидролошки анализи за разгледуваната суводолица....11
2.4.1 Усвојување на меродавни големи води....11
2.4.2 Определување на сливна површина 11
2.4.3 Користење на земјиштето во сливот, одредување на вредноста CN12
2.4.4 Метода на синтетички хидрограм 13
3 ГЕОМЕХАНИЧКИ ПАРАМЕТРИ НА ПРЕДМЕТНАТА ЛОКАЦИЈА 15
4 ХИДРАУЛИЧКИ ПРЕСМЕТКИ НА РЕЧНОТО КОРИТО....17
4.1 Алгоритам на пресметка на софтверот HEC RAS 17
4.2 Хидрауличка анализа на природно речно корито....19
4.3 Стабилност на природното речно корито....25
4.3.1 Констатација, заклучок и препорака 26
4.4 Опис на техничкото решение на речното корито во зона на мостовска конструкција 26
4.5 Хидрауличка анализа на регулирано речно корито 28
4.6 Стабилност на регулирано речно корито 35
4.7 Определување на меѓусебно растојание помеѓу појасни стабилизациони прагови 36
4.8 Пресметки на противерозиона заштита од грубо реден камен на средните столбови на мостовската конструкција 36
4.8.1 Потребен дијаметар на заштитно зрно и дебелина на заштитен слој36
4.9 Заштита на дно и брегот на главното корито....37
4.9.1 Пресметка на потребен дијаметар на зрно на камен и дебелина на заштитен слој 37
4.9.2 Хидрауличка анализа за регулираната суводолица....38
4.10 Констатација и заклучок....38
5 ГЕОДЕТСКИ КООРДИНАТИ НА РЕГУЛИРАНОТО РЕЧНО КОРИТО 39
6 АНАЛИЗА НА ЗЕМЈАНИТЕ РАБОТИ....41
7 ПРЕДМЕР НА РАБОТИТЕ....42
8 ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ИЗВЕДБА НА РАБОТИТЕ....47

8.1 Спецификација на работите и услови за изведба 47
8.1.1 Градежни работи 47
8.1.2 Припремни работи 47
8.1.3 Земјани работи.....48
8.1.4 Изведба на заштитни градби од камен.....50
8.1.5 Изведба на заштитна облога на речното корито.....50
8.1.6 Технички услови за поставување на габионите.....51
8.1.7 Технички услови за поставување на геотекстили 53
9 ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ.....54

1 Технички опис

1.1 Вовед

Со финансиска и техничка поддршка на Фондот за техничка документација (ФТД), Општина Крива Паланка има намера да изработи комплетна проектна документација за изградба на локален пат од спој со А-2 до м.в. Крстата падина. Еден од приоритетите на Општина Крива Паланка во областа на транспортната инфраструктура е подобрување на мобилноста на жителите во селските населби како и нивно поврзување со градот Крива Паланка. За таа цел, општината бара да ангажира искусна фирма (или конзорциум) за изработка на техничка документацијата (Проектант) за изградба на локален пат од спој со А-2 до м.в. Крстата падина со приближна должина од околу 0.95 km. Целта на бараните услуги е да се обезбеди комплетна техничка документација на ниво на Урбанистички и Основен проект со сите градежни области и фази неопходни за добивање на Одобрение за градење. При изборот на оптимлана траса на патот, Проектантот во најголема мера треба да се прилагоди на постојниот некатегоризиран земјен пат кој започнува од водотекот на Селска Река кој проаѓа под надпатникот на Магистралниот пат А-2 и продолжува делумно низ населен дел, во продолжение се пресекува со коритото на Крива Река каде е потребно да се проектира нов мост и да се сруши постојниот. Трасата на постојниот земјен пат потоа продолжува кон и завршува во населбата Крстата падина. На делови патот поминува покрај објекти и огради кои се блиску до патот и истиот е со мала ширина. По должина на трасата на неколку места има сувозидини каде што треба да се провери потребата од проектирање на потпорни ѕидови. Проценетата должина на овој патен правец е околу 0.95 km.

Техничкото решение предвидено за заштита на мостот се состои од група на мерки чија заедничка цел е да го спречат поткопувањето поради мостовската конструкција, локалните контракции во коритото на места на мостовските средни и крајни столбови како и можното меандрирање и промена на локацијата на матицата во расположливиот простор помеѓу мостовските елементи. Предвидено е на краток потез да се изврши проширување на главното корито и зарамнување на плавените брегови во ширина на крајните мостовски столбови. Должината на која е предвидено проширувањето на коритото е 50.00 метри, со вкупна ширина од 40.00 метри. Проширувањето на главното корито е извршено со цел да се зголеми проточната моќ на коритото, да се намали длабочината на течење, а со тоа и брзините кој се јавуваат.

1.2 Подлоги за работа

Како основа за анализа и проектирање во рамките на предметниов основен проект се користени следниве подлоги:

- Проектна програма
- Геодетски подлоги. Во овие подлоги спаѓа геодетската ситуација во размер 1:1000, како и деталните снимања на постоечката теренска состојба на речното корито со снимени точки на речно корито и дно
- Соодветни габаритни димензии на предвидената мостовска конструкција превземени од соодветниот Идеен проект
- Податоци од Управата за хидрометеоролошки работи – мерени податоци за максималните протоци на Крива Река во периодот од 1961 – 2010 година
- Извршена теренска проспеспекција на теренот и увидување на просторните ограничувања, реалната состојба на речното корито
- Постоечката состојба на регионалниот пат и мостовската конструкција
- Консултации со Инвеститор и надлежни институции
- Главен проект за регулација на Крива Река km 45+393.30 – 46+836.00 изработен од страна на ООЗТ “Пелагонија – проект” – Скопје, технички број 2351/11 со датум на изработка 03.02.1981

- Извадоци од елаборатот од извршените геотехнички испитувања и истражувања на локација предвидена за изградба на мост, со цел дефинирање на слоевитоста на теренот на самата локација, определување на класификационите карактеристики на застапените материјали, нивните физичко-механички карактеристики и појавата на подземна вода

1.3 Опис на постојните физички состојби на речното корито на Крива Река

Крива Река е најдолга (L=75 km), а по површина на сливот (F=1002 km^2) најголема притока на реката Пчиња. Извира на Осоговските Планини, северно од Царев Врв (2085 м) на надморска височина од 1932 mNV, а во Пчиња се влева кај Клечовце, на надморска височина од 294 mNV. Врз основа на извршените геодетски снимања изработен е теренски модел со соодветно приложени ситуација, надолжни профили и попречни профили. Од анализа на на овие графички прилози и извршената теренска проспекција, констатирани се следните карактеристики:

- Речното корито во близина мостот, низводно и спротиводно е со благи кривини, со ретки промени во талвегот на токот
- Непостоење на јасна граница меѓу минор коритото и индундациите
- Речно дно во релативно чиста состојба
- Брегови обраснати со вегетација
- Речното корито е со променлив пад

Соодветниот водотек е предвидено да се регулира на краток потез непосредно пред и по новопредвидената мостовска конструкција.

1.4 Пороен водотек непосредно пред мостовската конструкција

Непосредно пред предвидената мостовска конструкција во коритото на Крива Река се влива пороен водотек. Со цел вклопување во новопредвидената регулација на Крива Река, поројниот водотек на краток потег исто така се регулира со цел подобрување на хидрауличките услови на течење и вклопување во целокупното техничко решение.

2 Хидролошки анализи на соодветните водотеци во зона на мостовската конструкција

2.1 Претходни хидролошки анализи

Согласно подлогите на работа добиени од страна на Инвеститорот од посебна важност за овој Проект се хидролошките проучувања и анализи за големите води кои се содржани во Главниот проект за регулација на Крива Река km 45+393.30 – 46+836.00 изработен од страна на ООЗТ “Пелагонија – проект” – Скопје. Во истиот, пресметувањето на меродавните големи стогодишни води предвидени за изработка на техничко решение за регулација на Крива Река во централното градско подрачје се пресметани со примена на емпириски формули и притоа добиени се соодветените меродавни протоци:

- Емпириска формула по Горбачев Q=220.00 m^3/sec
- Емпириска формула по Фулер Q=218.00 m^3/sec
- Емпириска формула по Баварски железници Q=164.00 m^3/sec
- Емпириска формула по Исковски Q=215.00 m^3/sec
- Емпириска формула по Јоксимовиќ Q=170.00 m^3/sec
- Емпириска формула по Сребреновиќ Q=257.00 m^3/sec
- Емпириска формула по Ѓандоти Q=237.00 m^3/sec

По анализирањето на сите расположливи податоци за сливната површина, како меродавна стогодишна вода е усвоен проток со вредност од Q=220.00 m^3/sec.

2.2 Хидролошки анализи на Крива Река согласно систематско мерените податоци

Сливот на Крива Река во зоната на новопредвидената мостовска конструкција спаѓа во редот на истражените сливови за кои постојат систематски мерени податоци за карактеристичните месечни минимални, средни и максимални протоци. Истите се добиени од страна на Управата за хидрометеоролошки работи за хидролошка станица Крива Паланка. Во продолжение дадени се табеларен и графички приказ за релевантните максимални протоци во периодот од 1961 – 2010 година.

Табела 1 Табеларен приказ на систематските мерени максимални протоци за Крива Река на хидролошка станица Крива Паланка

река: **КРИВА РЕКА** сливна површина: **262.40** km^2 период **1961-2010** година

Хидролошка станица: **К.ПАЛАНКА 740.00** mnm

ред. бр.	календ. година	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	Qmax m^3/s
1	1961	5.12	2.06	8.39	7.84	12.56	4.48	3.80	0.71	0.68	7.95	32.93	6.04	32.93
2	1962	4.24	11.78	58.37	59.22	9.52	15.36	57.12	2.60	1.73	4.04	39.23	17.33	59.22
3	1963	25.81	81.00	10.66	24.57	38.72	9.76	6.87	13.76	4.14	8.93	4.20	8.40	81.00
4	1964	2.33	7.73	6.32	10.99	199.20	28.08	25.04	7.54	15.04	15.00	18.30	6.04	199.20
5	1965	16.19	5.84	13.59	16.17	20.72	6.44	84.80	10.32	0.86	1.14	2.97	4.90	84.80
6	1966	11.18	26.25	4.56	7.00	29.92	51.60	3.80	211.20	2.20	14.10	15.38	20.85	211.20
7	1967	7.93	4.90	4.89	18.13	10.32	12.00	43.52	8.72	1.62	2.97	1.42	6.65	43.52
8	1968	3.22	6.44	10.66	5.45	7.78	20.72	3.32	9.28	140.00	0.74	4.72	16.65	140.00
9	1969	8.39	64.05	11.44	27.79	17.36	32.72	21.44	2.60	25.52	0.67	5.64	23.93	64.05
10	1970	20.67	16.50	27.43	15.75	23.60	66.56	250.40	57.12	13.20	6.75	5.01	30.08	250.40
Qmax (61-70)		25.81	81.00	58.37	59.22	199.20	66.56	250.40	211.20	140.00	15.00	39.23	30.08	250.40
11	1971	87.75	5.45	25.61	12.81	9.44	5.58	126.40	18.40	48.80	0.74	1.92	0.85	126.40
12	1972	3.15	5.66	5.66	3.54	10.96	10.64	28.40	41.44	83.20	71.78	15.08	5.23	83.20
13	1973	6.31	28.50	17.68	55.44	46.08	54.24	9.84	55.60	42.00	22.95	6.32	31.65	55.60
14	1974	4.73	20.10	9.49	12.32	64.96	60.96	12.56	12.56	4.48	5.27	6.65	1.84	64.96
15	1975	2.11	1.42	11.18	10.71	24.24	17.36	10.80	5.22	152.00	36.30	10.65	6.65	152.00
16	1976	8.58	3.41	3.09	9.24	8.72	19.20	79.20	14.40	3.17	31.13	21.68	10.65	79.20
17	1977	8.58	16.65	5.58	4.91	6.44	12.88	98.40	26.00	1.62	1.05	1.73	1.32	98.40
18	1978	2.46	11.78	10.92	8.54	11.36	7.78	1.73	0.55	5.82	1.95	1.73	12.90	12.90
19	1979	16.84	16.65	3.50	23.80	6.87	5.42	3.17	22.64	3.17	3.11	49.50	15.68	49.50
20	1980	13.33	6.24	35.82	8.33	27.20	9.28	2.60	3.01	3.17	11.48	4.37	5.45	35.82
Qmax (71-80)		87.75	28.50	35.82	55.44	64.96	60.96	126.40	55.60	152.00	71.78	49.50	31.65	152.00
21	1981	2.30	5.76	14.20	6.12	6.12	18.08	26.80	7.54	11.68	25.60	3.90	15.20	26.80
22	1982	7.41	5.04	10.90	14.70	22.40	7.54	9.76	14.40	3.80	1.14	7.78	5.58	22.40
23	1983	1.60	4.05	5.22	10.40	2.50	19.92	15.36	1.41	6.87	1.28	2.00	2.20	19.92
24	1984	2.70	4.20	9.63	10.40	7.04	4.14	2.08	1.41	3.32	1.14	3.00	0.96	10.40
25	1985	3.00	2.80	5.22	7.41	5.94	2.87	1.03	0.52	0.55	0.60	8.15	1.44	8.15

26	**1986**	4.35	17.40	7.78	6.68	5.94	3.17	4.48	1.62	0.68	1.84	1.76	1.76	17.40
27	**1987**	2.20	2.90	29.80	29.80	11.40	5.22	1.22	0.49	1.96	2.00	6.30	1.84	29.80
28	**1988**	1.28	1.92	4.35	4.68	5.76	1.96	0.86	0.35	0.49	1.20	5.94	4.35	5.94
29	**1989**	1.07	2.57	2.46	8.54	7.10	11.12	8.96	2.33	2.46	5.27	6.04	2.84	11.12
30	**1990**	1.50	1.84	1.50	8.54	7.10	2.08	0.68	1.12	0.40	0.49	0.67	7.29	8.54
Qmax (81-90)		7.41	17.40	29.80	29.80	22.40	19.92	26.80	14.40	11.68	25.60	8.15	15.20	29.80
31	**1991**	1.40	11.25	4.40	13.44	16.40	23.12	4.48	4.14	1.96	16.65	9.68	3.11	23.12
32	**1992**	1.40	1.84	2.95	10.50	3.96	11.12	12.56	0.86	0.86	0.97	4.55	11.78	12.56
33	**1993**	1.69	1.55	9.34	6.38	2.37	1.62	0.43	0.21	0.65	2.37	0.89	2.57	9.34
34	**1994**	2.37	1.42	1.42	7.62	3.24	1.84	5.22	0.52	1.22	0.63	0.63	1.30	7.62
35	**1995**	4.95	3.49	2.37	8.54	7.19	3.63	32.08	5.82	6.66	1.30	8.07	20.00	32.08
36	**1996**	19.30	11.90	7.40	12.30	17.60	8.48	1.78	5.15	6.83	1.52	6.26	12.30	19.30
37	**1997**	4.96	2.64	4.15	22.90	9.30	9.12	1.22	2.24	0.64	3.61	6.26	4.69	22.90
38	**1998**	2.56	5.50	3.28	8.30	4.00	3.42	2.48	4.45	1.53	10.90	3.46	4.75	10.90
39	**1999**	4.00	11.60	13.00	25.30	9.20	11.84	3.20	2.05	2.40	4.00	7.10	6.25	25.30
40	**2000**	4.50	4.25	7.70	11.20	5.75	2.48	1.34	0.30	0.50	0.84	1.00	1.36	11.20
Qmax (91-00)		19.30	11.90	13.00	25.30	17.60	23.12	32.08	5.82	6.83	16.65	9.68	20.00	32.08
41	**2001**	1.60	1.24	1.12	14.20	3.64	1.96	2.38	1.84	2.08	0.69	1.36	1.00	14.20
42	**2002**	1.36	1.84	8.00	6.25	13.00	4.75	9.20	3.23	8.30	27.50	4.25	9.85	27.50
43	**2003**	21.10	6.00	2.74	7.40	7.40	8.90	2.20	3.10	0.61	4.00	1.12	2.56	21.10
44	**2004**	5.25	10.50	7.70	6.50	8.90	39.00	4.00	1.84	3.82	1.84	15.00	7.70	39.00
45	**2005**	3.64	25.30	15.40	12.00	8.90	10.90	5.50	8.00	6.25	6.25	3.46	23.10	25.30
46	**2006**	6.25	4.25	16.20	8.90	8.30	12.00	1.96	8.90	1.00	4.75	4.75	1.60	16.20
47	**2007**	3.65	2.56	9.20	3.46	9.50	3.82	1.24	8.60	1.72	5.50	13.00	3.46	13.00
48	**2008**	1.95	2.81	9.20	12.30	4.48	2.81	5.86	2.63	6.55	3.53	1.57	10.80	12.30
49	**2009**	12.30	6.25	17.50	13.40	4.50	14.60	9.20	2.56	0.92	3.82	30.80	10.90	30.80
50	**2010**	6.62	13.56	8.10	12.54	6.28	9.74	6.97	1.84	2.12	3.69	14.08	44.92	44.92
Qmax (2001-10)		21.10	25.30	17.50	14.20	13.00	39.00	9.20	8.90	8.30	27.50	30.80	44.92	44.92
Qmax 1961 - 2010		87.75	81.00	58.37	59.22	199.20	66.56	250.40	211.20	152.00	71.78	49.50	44.92	**250.40**

Слика 1 Хидрограм на систематските мерени максимални протоци за Крива Река на хидролошка станица Крива Паланка

2.3 Определување на големи води на Крива Река со статистички параметри

Определувањето на големите води со статистички методи е направено со користење на максималните годишни протекувања измерени во Крива река за хидролошка станица Крива Паланка за период од 1961 до 2010 година. Направена е статистичка анализа на низата на мерени податоци во станицата Крива Паланка и хидрограм на максималните годишни протекувања. Од хидрограмот може да се забележи дека мерените податоци до 1985 година имаат еден тренд, додека трендот е многу различен за податоците по 1985 година. Поради тоа може да се заклучи дека податоците не припаѓаат на хомогена низа. Хомогеноста (еднородноста) е нарушена заради изградбата на хидројаловиштето Тораница. Со изградбата на хидројаловиштето реката е пренасочена преку деривационен тунел со максимален проток од 60 m^3/s. Поради ретензијата која хидројаловиштето ја овозможува, протокот во Крива Река по 1985 година е видно намален. Анализирани се низите од 1961-2010 година. Сите мерени податоци се статистички обработени, пресметани се основните статистички параметри (број на мерени податоци (N), карактеристични вредности на низата: среден протек (Qsr), минимален (Qmin) и максимален протек (Qmax), средно кавадратно отстапување (σ), коефициент на варијација (Cv) и коефициент на асиметрија (Cs)) од низите. За определување на големите води со различна повторливост применети се Лог – нормална и Гумбелова распределба. Резултатите од пресметките на големите води со различен период на повторливост за станицата Крива Паланка се приложени табеларно и графички соодветно.

Лог-нормална теоретска распределба

Статистички параметри на низата				Стат.параметри на логоритамска низа
Qsr	50.1		50.1	3.4
S^2	3054.6	61.09192	3054.6	0.9
σ	55.3	7.816132	55.3	1.0
Cv	1.1		1.1	0.3
Cs	2.2		2.0	0.390

медијана	27.2
мода	25.3

T [год]	p	p [%]	z	z·σy	y=ln(Q)	$Q=e^y$
10000	0.000	0.0%	3.72	3.54	6.98	965.11
1000	0.001	0.1%	3.1	2.95	6.39	534.99
100	0.010	1.0%	2.33	2.22	5.65	257.11
20	0.050	5.0%	1.65	1.57	5.01	134.61
5	0.200	20.0%	0.84	0.80	4.24	62.28
2	0.500	50.0%	0	0.00	3.44	28.00
1.25	0.800	80.0%	-0.84	-0.80	2.64	12.59
1.11	0.901	90.1%	-1.28	-1.22	2.22	8.28
1.05	0.952	95.2%	-1.65	-1.57	1.87	5.82
1.01	0.990	99.0%	-2.33	-2.22	1.22	3.05
1.001	0.999	99.9%	-3.09	-2.94	0.50	1.48

Табела 2 Пресметани меродавни големи води по Лог-нормална теоретска распределба



Слика 2 Графички приказ на меродавните големи води по Лог – нормална теоретска распределба

Гумбелова теоретска распределба

0.02302	α=1/(0.786·σ)
25.20	β=Qsr-(0.45·σ)

T [год]	p	p [%]	z	Q=z/α+β
10000	0.000	0.0%	9.21	382.76
1000	0.001	0.1%	6.908	292.76
100	0.010	1.0%	4.6	202.52
20	0.050	5.0%	2.97	138.80
5	0.200	20.0%	1.5	81.32
2	0.500	50.0%	0.367	37.03
1.25	0.800	80.0%	-0.476	4.07
1.11	0.901	90.1%	-0.834	-9.93
1.05	0.952	95.2%	-1.097	-20.21
1.01	0.990	99.0%	-1.527	-37.02
1.001	0.999	99.9%	-1.933	-52.90

Табела 3 Пресметани меродавни големи води по Гумбелова теоретска распределба



Слика 3 Графички приказ на меродавните големи води по Гумбелова теоретска распределба

Слика 4 Споредба на пресметаните меродавни големи води по двете статистички методи

2.3.1 Коментари, споредба и заклучоци по добиените резултати

Вредностите за меродавната стогодишна вода за хидролошката станица Крива Паланка со статистичките методи се со блиски вредности (Q_{100}=257.11 m^3/s според Лог - нормална и Q_{100}=202.52 m^3/s според Гумбеловата распределба). Доколку истите се споредат со хидролошките параметри кои што се претходно пресметани за Главниот проект (усвоена меродавна голема вода од Q_{100}=220.00 m^3/s), исто така се заклучува дека пресметаните хидролошки вредности се движат близу овој проток.

Имајќи ги во предвид сите претходно дискутирани анализи на режимот на водата во Крива Река за меродавна вода за димензионирање на конструкцијата на мостот се усвојува **Q=202.52m³/s** пресметана спрема Гумбеловата распределба.

2.4 Хидролошки анализи за разгледуваната суводолица

Со оглед на тоа дека сливот на разгледуваниот водотек спаѓа во редот на неистражени сливови односно нема податоци за систематски хидролошки мерења, применета е параметарската метода SCS, методата на синтетичкиот хидрограм со цел одредување на големите води.

2.4.1 Усвојување на меродавни големи води

Со оглед на тоа дека разгледуваниот водотек минува близу инфраструктура каде што излевањето на истите би предизвикало човечки и материјални загуби, согласно препораките на стручната литература како меродавна голема вода е усвоена вода со веројатност на појава 1% - појава еднаш во сто години.

2.4.2 Определување на сливна површина

Определувањето на сливната површина е извршено со соодветни ортофото подлоги како и преку соодветна топографска карта за разгледуваното подрачје. Во продолжение приложен е графички исечок за соодветната сливна површина.



Слика 5 Сливна површина кон разгледуваниот водотек

2.4.3 Користење на земјиштето во сливот, одредување на вредноста CN

При определувањето на големите води со методата на синтетичкиот хидрограм од голема важност е утврдувањето на вредноста CN, чија вредност ги изразува педолошкиот состав на земјиштето, начинот на користење, како и типот на вегетативниот покривач. Согласно Corine Land Cover подлогите утврдено е дека покриеноста на земјиштето во сливот е поделено на шуми и земјоделски површини. Во прилог се дадени табеларен и графички приказ на користењето на земјиштето на сливот.

реден број	користење на земјиштето на сливот	површина F (km2)	CN вредност
1	Комплексни површини на обработка	0,91	84
2	Земјоделско земјиште	0,69	85
3	Шумски површини	2,42	73
		4,03	**78**

Табела 4 Табеларен приказ на земјиштето во сливот



Слика 6 Поделба на земјишните комплекси согласно Corine Land Cover подлогата

2.4.4 Метода на синтетички хидрограм

Со оглед на тоа дека сливот на именуваниот водотек спаѓа во редот на неистражени сливови односно нема податоци за систематски хидролошки мерења применета е параметарската SCS метода, методата на синтетичкиот хидрограм. Во продолжение се дадени следните пресметки потребни за методата на синтетички хидрограм. Основните геометриско-топографски карактеристики на сливот се:

F	Ho	H	ΔH	Lt	St	St
km^2	mnv	mnv	m	km	%	‰
4,03	577,00	1040,00	463,00	4,51	10,27	102,66

Табела 5 Карактеристики на сливот на водотекот

Ознаките во горната табела претставуваат:

F - сливна површина

Ho - најниска точка на водотекот
H - највисока точка на водотекот
ΔH - разлика помеѓу (H – Ho)
L_t - должина на водотекот мерено по течението
L_s - воздушно растојание помеѓу точките Ho и H
S_t - пад на водотекот $St = \frac{\Delta H}{Lt}$ (%)
S_s - просечен пад на сливот $Ss = \frac{\Delta H}{Ls}$ (%)

Пресметувањето на карактеристичните времиња ќе биде извршено по следниот редослед:

- Време на концентрација „T_c”, $T_C = (0{,}868\frac{Lt^2}{St})^{0{,}385}$ (h)
- Време од тежиштето на ефективниот дожд до врвот на хидрограмот t_p”, $t_p=0{,}6T_c$ (h)
- Време на траење на ефективните дождови „T_k”, $T_k=T_c(1+T_c)^{-0.2}$ (h)
- Време на растење на хидрограмот (Q до Q_{max}) $T_p=(T_k/2+T_o)*3/(k+2)$; k=1,00 (h)
- Време на опаѓање на хидрограмот „T_r ” (ретардација), $T_r=K*T_p$ (h)
- Вкупно траење на директно истекување на паднатиот дожд за Хидрограм со облик на триаголник $T_v=T_p+T_r$ (h)

Пресметувањето на карактеристичните времиња прикажани во горните релации согласно методата S.C.S. е дадено во следната табела:

Tc	tp	Tk	K	Tp	Tr	Tb
(h)	(h)	(h)		(h)	(h)	(h)
0,51	0,30	**0,47**	1,00	0,74	0,74	1,48

Табела 6 Карактеристични времиња на сливот

Определување на ефективните врнежи „P_e" по методата SCS за меродавно време на траење на дождот „T_k" во минути:

$$Pe = \frac{(P-0.2d)^2}{P+0,8d}$$ каде:

- P_e - ефективен дожд во (mm)
- P - пресметани бруто интензивни врнежи со траење „Tk"
- d - дефицит на влажност на почвата

Вредноста за „d" зависи пред се од типот на земјиштето и вегетацијата, а се претставени со врската преку „CN". Вредноста на CN е пресметана и изнесува 78.

$$CN = \frac{1000}{10 + 0,0394d}$$

d= (1000/CN-10)*25 (mm)

Согласно на ова, големите води со одреден период на повторување се пресметуваат со следната равенка:

$$Qmax = \frac{0,56A*Pe}{Tp(1+K)}$$ (m^3/s)

Тк=0.47 часа (28 мин) од таблица со интерполација се добиени бруто врнежи и се прикажани во следната табела:						
t	Траење	Крива Паланка 20 min.	Крива Паланка 40 min.	Крива Паланка 28 min.	Pe	Qmax
(год.)	Вер. (%)	P (mm)	P (mm)	P (mm)	(mm)	(m^3/s)
2	50	13,44	16,48	14,65	0,00	0,00
5	20	18,25	21,56	19,57	0,36	0,54
10	10	21,44	24,92	22,83	0,90	1,36
25	4	25,47	29,18	26,95	1,89	2,85
50	2	28,45	32,33	30,00	2,81	4,25
100	**1**	**31,42**	**35,46**	**33,03**	**3,87**	**5,85**
1000	0,1	41,22	45,81	43,05	8,22	12,41

Табела 7 Пресметани меродавни големи води

Согласно важноста на водотекот и степенот на заштита која што треба да ја овозможи, како меродавна голема вода со која ќе се извршат хидрауличките анализи е усвоена голема вода со веројатност на појава 1%, односно стогодишна голема вода која во овој случај изнесува 5.85 m^3/sec.

3 Геомеханички параметри на предметната локација

За проверка на карактерот на материјалот во речното корито земени се проби директно од терен и извршена контрола на гранулометрискиот состав. Составот на наносот е добиен од геомеханичките испитувања кои се исто така направени за потребите на проектот. Истите се со цел дефинирање на критичните параметри на токот (критична влечна сила и критична брзина на течење), со цел одредување на мерките за заштита и регулација на речното корито во и вон зона на мостот. Врз основа на изведените геотехнички истражувања и испитувања, можат да се издвојат следните заклучоци и препораки:

- На предметната локација се спроведени 2 (две) истражни дупнатини со единечна длабина од 10.00m, а за време на истражното раскопување е регистрирана појава на подземна вода на ниво -2.70 m и ниво -2.50 m од кота на терен. Треба да се напомене дека нивото на подземна вода може да варира во зависност од периодот на годината и временските услови.



Слика 7 Скица со распоред на теренски истраги и истражни дупнатини

- Врз основа на инженерско-геолошкото картирање на теренот како и спроведените истражувања и испитувања може да се заклучи дека на предметната микролокација се застапени неврзани каспести маси, дробина до степен на прашинесто – песоклив чакал GW (DR) со кафена до сива боја боја, која претставуваат прекривка на матичната карпа – Албит-епидот-хлоритски шкрилци (Sep) кои се карактеризираат со сиво-зелена боја, шкрилеста текстура, делумно распаднати и испукани



Слика 8 Надолжни геомеханички профили

- Врз основ на теренската проспекција и спроведените теренски и лабораториски истражни работи проценети се условите за ископ согласно ГН 200 и тоа: површинските слоеви од дробина до степен на прашинесто- песоклив чакал со сива до кафена боја III-IV категорија односно машински ископ, додека хлоритски шкрилци по длабина IV-V категорија односно риперување и отежнато риперување.



Р.бр.	Ознака	Интервал	Чакал [%]	Песок [%]	Прашина [%]	Глина [%]	Cu [/]	k [m/s]
①	Д-1	0.00-8.00 m	50.00	38.00	12.00	00.00	100.00	3.66^{-5}

Слика 9 Дијаграм на гранулометриски состав

- Согласно гранулометриската крива, материјалот во зоната на речното корито е проценет како ситен чакал со среден дијаметар на зрното од d=2.00mm и со гранична брзина на течење за 1.00 метар воден столб од Vgr=0.75m/sec.

4 Хидраулички пресметки на речното корито

Поради честите промени на геометриските карактеристики на токот, променливоста на дното на речното корито, променливоста на рапавина во дно и во инундација, течењето во речните корита е усвоено како стационарно нерамномерно течење. Хидрауличките пресметки извршени се со помош на софтверскиот пакет HEC RAS, при што како влезни параметри може да се набројат: геометриските податоци (снимената постоечка ситуација, надолжниот пад, попречните пресеци), коефициентите кои што ја дефинираат загубата на енергија (тука спаѓаат коефициентот на рапавина, коефициентите кои што ја изразуваат геометриската променливост на пресеци, коефициентите на загуба пред и по мостовска конструкција), податоци за протокот (усвоена меродавна голема вода), граничните услови на текот, висинска диспозиција на објектите во речното корито и слично. Како излезни параметри кои што се добиени од софтверот може да се набројат: водостој во водотекот, средна брзина на токот, проточна површина, натопен обем, хидраулички радиус, тангенцијални напрегања, фрудов број итн. Извршени се две хидраулички анализи, во првата анализирано е природното речно корито со нанесена мостовска конструкција, додека пак во втората анализа третирано е регулираното речно корито со нанесена мостовска конструкција со цел споредба на двете состојби. Хидрауличките анализи се изготвени за меродавен проток од **202.52+5.85=208.40** m^3/sec.

4.1 Алгоритам на пресметка на софтверот HEC RAS

Поради тоа што е предвидена хидрауличка анализа на природно и регулирано корито кај кои што има честа промена на геометриските карактеристики на токот, промена на наклонот на нивелетата и промена на рапавината низ попречниот пресек вкупните анализи се извршени за стационарен нерамномерен режим (Steady flow), при што течењето е усвоено како еднодимензионално. Притоа, за одредување на параметрите на токот помеѓу два соседни пресеци се користи основната енергетска равенка:

$$y_2 + z_2 + \frac{\alpha_2 V_2}{2g} = y_1 + z_1 + \frac{\alpha_1 V_1}{2g} + h_E$$

z_2, z_1 –висински коти на речното дно на разгледуваните пресеци, mNV

y_2, y_1 –нормална длабочина во напречниот пресек, m

$\frac{\alpha_2 V_2}{2g}, \frac{\alpha_1 V_1}{2g}$ – кинетичка енергија на разгледуваните пресеци, m

h_E–енергетска загуба, m

Енергетската загуба се пресметува спрема изразот:

$$h_E = S_F * L + K * \left(\frac{\alpha_2 V_2}{2g} + \frac{\alpha_1 V_1}{2g}\right)$$

L – должина меѓу два споредбени пресеци, m

S_F – наклон на линијата на енергија, m/m

K – коефициент на локални загуби

Со изградбата на мостови обично се затвора дел од речното корито. Со тоа се намалува проточниот профил на реката и во зависност од степенот на контракција, се врши забавување на токот пред мостот. Следствено на ова, нивото на вода спротиводно се подигнува и се создава висинска денивелација во однос на токот низводно од мостот. Поради оваа висинска

денивелација се причинува бурен воден ток низ мостовскиот отвор, за да подоцна токот се врати во нормална длабочина на течење низводно од разгледуваниот мостовски отвор. За реално прикажување на загубите предизивикани од течењето спротиводно и низводно, како и загубите предизвикани од мостовската конструкција од особена важност е диспозицијата на попречните пресеци прикажани на долната слика. Анализите се спроведуваат за делници пред и по самиот мост, како и за самиот мост вклучително.



Рагледувани делници за токот низ мостовска конструкција

Распоред на профилите за анализа

Дефинирањето на хидродинамичките параметри е во зависност од состојбите во текот и влијанието на мостовската конструкција на основниот тек. Кога течењето е слободно и без дополнителни отпори, пресметките се спроведуваат вообичаено со примена на енергетската равенка. При зголемени проточни количини и појава на состојби на возводно потопување и низводно слободно истекување се применува зависноста:

$$Q = C_Q * A * \sqrt{2g}\left[y_3 - \frac{z}{2} + \frac{\alpha_3 V_3}{2g}\right]$$

Појавата на големи води може да предизвика потопување на возводниот и низводниот дел што ќе побуди состојба на потопено истекување кое го опишува зависноста:

$$Q = C_Q * A * \sqrt{2gH}$$

Катастрофално големите води можат да предизвикаат состојба на потопено истекување под и прелевање преку мостот, односно во анализите на текот се вклучува и зависноста за преливањето третирајќи го како преливник со широк праг:

$$Q = C_Q * B * \sqrt{2gH}^{3/2}$$

За пресметка на реалните тангенцијални напрегања во софтверот HEC-RAS се користи средниот израз:

$$\tau = \rho * g * R * S_F$$

τ –тангенцијални напрегањакои се јавуваат во корито при проток од **208.40** m^3/sec, N/m^2

ρ – специфична густина на водата, N/m^3

g – гравитационо забрзување, m/sec^2

R – хидраулички радиус за карактеристичниот пресек, m

S_F – пад на линијата на енергија за карактеристичниот пресек, m/m

4.2 Хидрауличка анализа на природно речно корито

За добивање на целосна слика на влијанието на усвоената голема меродавна вода врз речното корито и мостовската конструкција извршена е хидрауличка анализа на природното речно корито со внесени геометриски ограничувања, мостовската конструкција. Согласно препораките од стручната литература, за хидрауличката анализа на природното речно корито усвоен е коефициент на рапавина од 0,040 за минор коритото и 0,050 за инундациите, кој што одговара на средната вредност за корита на големи и средни реки значително обраснати, кривулести и делумно покриени со треви, камења, вегетација и немирен ток. Хидрауличката анализа е извршена за проток **208.40** m^3/sec, согласно приложените хидролошки анализи. При извршувањето на хидрауличката пресметка усвоени се следните влезни параметри и гранични услови:

- Усвоено е стационарно нерамномерно течење во речното корито;
- Режим на течење – мешовит;
- Како почетни гранични услови усвоен е наклонот на моменталното речно корито, усвоен е наклон од 0.98% (спротиводно и низводно)
- Како опструкција во токот внесена е мостовската конструкција (должина на мостовска конструкција 36,00 метри, ширина на мост 4,00 метри, 3 отвори – два средни столбови и два крајни столбови), горна кота на плоча 580,25 мНВ, долна кота на плоча 579,35 мНВ, коефициенти на стеснување 0,30 и проширување 0,50)

Притоа добиени се приложените хидраулички параметри (излезни параметри од софтверот) за карактеристичните попречни пресеци на нерегулирано природно корито (моментална состојба) и мостовските отвори. Во прилог исто така се приложени неколку карактеристични попречни пресеци и мостовските конструкции долж разгледуваната делница.



Слика 10 Аксонометриски поглед на природно корито со нанесена мостовска конструкција



Слика 11 Надолжен профил на природно корито со нанесена мостовска конструкција



Слика 12 Попречни профили на природно корито со нанесена мостовска конструкција

Табела 8 Излезни хидраулички параметри за природно нерегулирано корито

ИЗЛЕЗНИ ПАРАМЕТРИ НА ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ											
Стационажа на попречен профил	Q	Кота на речно дно	Кота на водно ниво	Кота на критична длабочина	Кота на линија на енергија	Наклон на енергетска линија	Брзина на текот	Проточна површина	Ширина на водно огледало	Тангенцијални напрегања	Фрудов број
	(m^3/s)	(m)	(m)	(m)	(m)	(m/m)	(m/s)	(m^2)	(m)	(N/m^2)	
50	208.4	576.22	580.33	579.02	580.46	0.000866	2.2	142.67	55.72	32.8	0.35
40	208.4	576.12	580.33		580.45	0.000749	2.07	153.41	60	29.05	0.33
33.52	208.4	576	580.34		580.44	0.000616	1.92	163.29	60	24.72	0.3
30	208.4	575.93	580.34		580.43	0.000526	1.8	172.61	60	21.41	0.28
25.34	208.4	575.83	580.34		580.43	0.000519	1.8	172.57	60	21.37	0.28
22	208.4	575.76	580.32		580.43	0.000586	1.92	165.18	60	24.28	0.3
18.11	мостовска конструкција										
15	208.4	575.62	580.03		580.19	0.000937	2.34	140.32	60	36.86	0.37
10	208.4	575.52	580		580.18	0.001013	2.44	135.42	60	40.05	0.39
0	208.4	575.43	577.81	578.48	579.84	0.024554	7.24	41.75	45.67	453.42	1.67

Табела 9 Излезни хидраулички параметри на мостовска конструкција при нерегулирана состојба на коритото

мостовска конструкција 0+018.11		
Опис	Спротиводно	Низводно
Кота на линија на енергија (m)	580.38	580.33
Кота на водно ниво (m)	579.82	579.69
Кота на критично водно ниво (m)	579.01	579.11
Максимална длабочина(m)	4.07	4.06
Брзина на токот (m/s)	2.76	2.87
Проточна површина (m^2)	75.61	72.64
Фрудов број	0.53	0.56
Мостовски отвор (m^2)	72.64	72.64
Ширина на водно огледало (m)	36.00	36.00
Тангенцијални напрегања (N/m^2)	80.71	83.71

4.3 Стабилност на природното речно корито

Согласно гранулометриската крива, материјалот во зоната на речното корито е проценет како ситен чакал со среден дијаметар на зрното од d=2.00mm и со гранична брзина на течење за 1.00 метар воден столб од Vgr=0.75m/sec. Граничната критична влечна брзина за средна длабочина на течење за природна нерегулирана состојба на коритото (h=4.16m) е пресметана со теоретската равенка:

$$Vgr=Vgr_1*h^{0.5}$$

Согласно на ова, теоретската критична брзина е пресметана и изнесува 1.52 m/sec.

За пресметка на граничните тангенцијални напрегања се користи средниот израз:

$$\tau_C = 0.06 * g * (\rho_S - \rho_V) * d_{SR} = 0{,}06 * 9{,}81 * (2650 - 1000) * 0{,}002 = 1.94\ N/m2$$

τ_C –гранични тангенцијални напрегања, N/m^2

g – гравитационо забрзување, m/sec^2

ρ_S – специфична густина на наносот, kg/m^3

ρ_V – специфична густина на водата, kg/m^3

d_{SR} – среден дијаметар на зрно, изнесува 2.00mm

Согласно на ова, граничните тангенцијални напрегања изнесуваат 1.94 N/m^2.

По извршената хидрауличка анализа за природното речно корито и мостовската конструкција и согласно излезните параметри добиени се следните параметри на ток:

- Пристапната брзина кон мостот изнесува 1.92 m/sec и тангенцијално напрегање од 24.28 N/m^2
- За мостовската конструкција, гледано спротиводно, средната брзина на течење изнесува 2.76 m/sec и тангенцијално напрегање од 80.71 N/m^2
- За мостовската конструкција, гледано низводно, средната брзина на течење изнесува 2.87 m/sec и тангенцијално напрегање од 83.71 N/m^2

Согласно споредбата на критичните параметри на токот и реалните параметри (брзина и тангенцијални напрегања), доколку се задржи природната состојба на речното корито во зоната на мостовска конструкција може да се заклучи дека при појава на меродавни големи води би била нарушена целокупната стабилност на речното корито и би се јавило поткопување во зоната на средните и крајните столбови на мостовската конструкција. Потребата од проширување и делумно регулирање на речното корито и заштита на мостовските столбови е оправдана мерка со цел овозможување на безбедно и функционално техничко решение.

4.3.1 Констатација, заклучок и препорака

По извршените хидраулички анализи за природно речно корито со нанесените ограничувачки фактори, а согласно приложените излезни параметри од софтверот може да се заклучи дека во оваа делница речното корито се одликува со голема променливост во надолжен правец (честа и нагла промена на наклонот на дното) како и голема променливост во попречен правец. Ваквите промени во геометријата се директно манифестирани и се одразуваат во проточниот капацитет на речното корито, прикажано преку промени во брзините на токот, длабочината на течење, вредностите на фрудовите броеви, ширината на водното огледало, тангенцијалните напрегања. Исто така, вреди да се напомене дека на целиот дел од разгледуваната делница течењето се одликува со мешовит ток, изразено согласно вредностите на Фрудовиот број.

Согласно хидролошкото сценарио и висинската поставеност на мостовската конструкција, се заклучува дека во нерегулирана природна состојба речното корито има недоволен проточен капацитет за дадениот проток, со недоволна резервна висина на течење во зоната на мостовската конструкција. Потребата од проширување на речното корито е оправдана со цел овозможување на доволен хидраулички капацитет со задоволителна висинска резерва на течење во зоната на мостот.

Поради тоа што станува збор за нерегулирана делница, забележливо е течење по целата ширина на речното корито на профилот на мостовската конструкција, со хидраулички параметри кои би предизвикале ерозивни процеси врз средните и крајните мостовски столбови. Доколку се задржи оваа состојба би се загрозила новопредвидената мостовска конструкција поради релативно големите тангенцијални напрегања непосредно пред и по мостовската конструкција. Поради сите гореспоменати заклучоци и констатации, како техничко решение е усвоено:

- Проширување на речното корито со цел подобрување на хидрауличките параметри на течење
- Стабилизирање на подолжниот пад на регулираната делница
- Осигурувањето на попречниот профил, со цел фиксирање на коритото и ограничување на ерозивните процеси
- Ерозивна заштита од природен материјал во зоната на разгледуваниот мост со цел дополнителна заштита од ерозија

4.4 Опис на техничкото решение на речното корито во зона на мостовска конструкција

Техничкото решение предвидено за заштита на мостот се состои од група на мерки чија заедничка цел е да го спречат поткопувањето поради мостовската конструкција, локалните контракции во коритото на места на мостовските средни и крајни столбови како и можното меандрирање и промена на локацијата на матицата во расположливиот простор помеѓу мостовските елементи. Предвидено е на краток потез да се изврши проширување на главното корито и зарамнување на плавените брегови во ширина на крајните мостовски столбови. Должината на која е предвидено проширувањето на коритот е околу 32m спротиводно и 18m низводно од осовината на патот по мостот. Проширувањето на главното корито е извршено со цел да се зголеми проточната моќ на коритото, да се намали длабочината на течење, а со тоа и брзините кој се јавуваат.

Предвидено е на потегот од вкупно 50.00 метри да се изврши проширување, прочистување и регулирање на главното корито и зарамнување на плавените брегови во ширина на крајните мостовски столбови, со негова регулација со стабилизациони прагови. Проширувањето на главното корито е извршено со цел да се зголеми проточната моќ на коритото, да се намали длабочината на течење, а со тоа и брзините и тангенцијалните напрегања кој се јавуваат. Проширувањето на главното корито е ограничено со столбовите кои се во плавениот појас. Широчината на новопредвиденото

минор речно корито е 20.00m во дното и е со длабочина од 1.50m. Спојот на главното корито со инундациите е преку косини со наклон H/V=1.50/1.00. Широчината на инундациите е усвоена согласно расположливиот простор од преостанатиот дел од мостовскиот отвор, водејќи сметка за новопредвидената траса на регулираното корито. Широчината на инундациите изнесува 2x4.00m односно вкупно 8.00m и висина на мајор коритото од 1.00m. Димензиите на регулираното корито со кое е влезено во анализите е одредено од расположливиот простор помеѓу средните столбови, водејки сметка и за потребниот простор за изведба на регулацијата. Длабочината на коритото е определена од моменталната состојба на терен, дополнително продлабочување не беше разгледувано бидејки истото би предизвикало дополнителни ископни работи и зголемување на цената на чинење како во делот на регулацијата така и на делниците пред и после мостот за вклопување и поврзување на проектираната и моменталната состојба. Надолжниот наклон на регулираниот дел е S_O=0.50%, избран со цел овозможување на хидраулички параметри на токот во прифатливи граници.

Поради потребата од ограничување на ерозивните процеси, онезвозможување на нивниот континуитет и фиксирање на дното, предвидени се два попречни стабилизациони прагови предвидени на почетокот и крајот на регулацијата, со стационажи 0+010.00 и 0+030.00. Предвидено е стабилизационите појасни прагови да бидат габионски, со вкупна длабочина од 1.00 метри и ширина од 1.00 метри. За обезбедување на нивната статичка стабилност праговите се продолжени 2.00 метри надвор од косината на главното корито.

Осигурувањето на речното дно и косина е предвидено од реден камен со среден дијаметар од d=300mm и дебелина на заштитен слој од 600.00mm.

Вака оформеното главно корито, во зоната на мостот кај средните столбови е дополнително заштитено од поткопување со облога од грубо реден камен со дијаметар d_{cp}=0.60m и висина на слојот од tdk=1.80m со ширина за заштитниот појас од 1.00m. За да се заштити ситниот речен материјал од испирање и да се ограничи можноста за пропаѓање на редениот камен предвидено е истиот да се изведе врз неткаен геотекстил 1000 gr/m^2 поставен по целата ширина на коритото и анкериран во бреговите, со соодветни филтрациони и сепарациони својства.

Приодните делници надвор од стационажите во кои се регулира и обложува коритото (излезна делница 0+000.00 – 0+010.00 и влезна делница 0+030.00 – 0+.050.00) се предвидени како регулирани корита во земјан ископ со димензии идентични како и регулираните и обложени делници.

Димензиите на регулираното корито од суводолицата изнесуваат:

- Ширина на дното на коритото Bminor=1.00m
- Длабочина на корито h=1.00m
- Наклон на косините на минор корито m=1:1
- Наклон на косина на ископ до постоечки терен 1:1.5

Облогата на регулираното корито на суводолицата е усвоена по целокупната ширина од грубо реден камен со среден дијаметар од 0.30m.

За подетален увид во противерозионите мерки во зоната на средните и крајните столбови, приложени се соодветните графички прилози – ситуација на мостовската конкструкција со нанесени димензии од грубо редениот камен, и соодветните попречни пресеци со нанесени соодветни описи.

4.5 Хидрауличка анализа на регулирано речно корито

По извршената регулација во речното корито извршена е хидрауличка анализа на регулираното речно корито со внесени геометриски ограничувања - мостовска конструкција. Согласно препораките од стручната литература, за хидрауличката анализа на регулираното речно корито усвоен е коефициент на рапавина од 0.028 за минор и мајор корито (земјаните делници) и 0,025 за минор и мајор корито (за обложените делници), коефициенти што одговара за корита кои се со камена заштитна облога односно корито во земајн ископ. Хидрауличката анализа е извршена за проток **208.40** m^3/sec согласно приложените хидролошки анализи. При извршувањето на хидрауличката пресметка усвоени се следните влезни параметри и гранични услови:

- Усвоено е стационарно нерамномерно течење во речното корито;
- Режим на течење – мешовит;
- Како почетни гранични услови усвоен е наклонот на регулираното речно корито, усвоен е наклон од 0.50% (спротиводно и низводно)
- Како опструкција во токот внесена е мостовската конструкција (должина на мостовска конструкција 36,00 метри, ширина на мост 4,00 метри, 3 отвори – два средни столбови и два крајни столбови), горна кота на плоча 580,25 мНВ, долна кота на плоча 579,35 мНВ, коефициенти на стеснување 0,30 и проширување 0,50)

Притоа добиени се приложените хидраулички параметри (излезни параметри од софтверот) за карактеристичните попречни пресеци на прочистено корито и мостовските отвори. Во прилог исто така се приложени неколку карактеристични попречни пресеци и пресеци непосредно пред и по мостовската конструкција долж разгледуваната делница.



Слика 13 Аксонометриски поглед на регулирано корито со нанесена мостовска конструкција



Слика 14 Надолжен профил на регулирано речно корито со нанесена мостовска конструкција



Слика 15 Попречни профили на регулирано корито со нанесена мостовска конструкција

Табела 10 Излезни хидраулички параметри на регулирано корито

ИЗЛЕЗНИ ПАРАМЕТРИ НА ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ											
Стационажа на попречен профил	Q	Кота на речно дно	Кота на водно ниво	Кота на критична длабочина	Кота на линија на енергија	Наклон на енергетска линија	Брзина на текот	Проточна површина	Ширина на водно огледало	Тангенцијални напрегања	Фрудов број
	(m^3/s)	(m)	(m)	(m)	(m)	(m/m)	(m/s)	(m^2)	(m)	(N/m^2)	
50	208.4	575.97	578.33	578.1	578.94	0.002897	3.58	62.38	35.07	60.83	0.77
40	208.4	575.92	578.3	578.05	578.9	0.002795	3.54	63.14	35.14	59.27	0.75
33.52	208.4	575.88	578.28	578.02	578.87	0.002719	3.5	63.73	35.19	58.08	0.74
30.1	208.4	575.87	578.27	578	578.86	0.002681	3.49	64.03	35.22	57.49	0.74
30	208.4	575.87	578.27	578	578.86	0.003366	3.49	64.01	35.21	72.16	0.74
25.34	208.4	575.84	578.26	577.98	578.84	0.00332	3.47	64.31	35.24	71.44	0.74
22	208.4	575.83	578.25	577.96	578.83	0.003294	3.47	64.48	35.25	71.03	0.73
18.11	мостовска конструкција										
15	208.4	575.79	577.81	577.93	578.74	0.006708	4.35	50.63	34.06	119.29	1.01
10	208.4	575.77	577.79	577.9	578.72	0.006708	4.35	50.63	34.05	119.29	1.01
0	208.4	575.72	577.74	577.85	578.67	0.005347	4.35	50.63	34.06	95.09	1.01

Табела 11 Излезни хидраулички параметри на мостовска конструкција при регулирана состојба на коритото

мостовска конструкција 0+018.11		
Опис	Спротиводно	Низводно
Кота на линија на енергија (m)	578.79	578.77
Кота на водно ниво (m)	578	577.97
Кота на критично водно ниво (m)	578	577.97
Максимална длабочина(m)	2.18	2.18
Брзина на токот (m/s)	3.83	3.83
Проточна површина (m^2)	54.4	54.35
Фрудов број	0.9	0.9
Мостовски отвор (m^2)	100.73	100.73
Ширина на водно огледало (m)	33.74	33.73
Тангенцијални напрегања (N/m^2)	94.97	95.13

4.6 Стабилност на регулирано речно корито

Согласно гранулометриската крива, материјалот во зоната на речното корито е проценет како ситен чакал со среден дијаметар на зрното од d=2.00mm и со гранична брзина на течење за 1.00 метар воден столб од Vgr=0.75m/sec. Граничната критична влечна брзина за средна длабочина на течење за регулирана состојба на коритото (h=2.20m) е пресметана со теоретската равенка:

$$Vgr=Vgr1*h^{0.5}$$

Согласно на ова, теоретската критична брзина е пресметана и изнесува 1.11m/sec.

За пресметка на граничните тангенцијални напрегања се користи средниот израз:

$$\tau_C = 0.06 * g * (\rho_S - \rho_V) * d_{SR} = 0{,}06 * 9{,}81 * (2650 - 1000) * 0{,}0020 = 1.94\ N/m2$$

τ_C –гранични тангенцијални напрегања, N/m^2

g – гравитационо забрзување, m/sec^2

ρ_S – специфична густина на наносот, kg/m^3

ρ_V – специфична густина на водата, kg/m^3

d_{SR} – среден дијаметар на зрно,mm

Согласно на ова, граничните тангенцијални напрегања изнесуваат 1.94 N/m^2.

По извршената хидрауличка анализа за регулирано речно корито и мостовската конструкција и согласно излезните параметри добиени се следните параметри на ток:

- Пристапната брзина кон мостот изнесува 3.47 m/sec и тангенцијално напрегање од 71.03 N/m^2
- За мостовската конструкција, гледано спротиводно, средната брзина на течење изнесува 3.83 m/sec и тангенцијално напрегање од 94.97 N/m^2
- За мостовската конструкција, гледано низводно, средната брзина на течење изнесува 3.83 m/sec и тангенцијално напрегање од 95.13 N/m^2

Согласно споредбата на критичните параметри на токот и реалните параметри (брзина и тангенцијални напрегања) доколку се задржи природниот материјал во зона на речното корито и мостовската конструкција може да се заклучи дека при појава на меродавни големи води би била нарушена целокупната стабилност на речното корито како и би се јавило поткопување во зоната на средните и крајните столбови на мостовската конструкција. Потребата од стабилизирање на речното корито и заштита на мостовските столбови е оправдана мерка со цел овозможување на безбедно и функционално техничко решение.

4.7 Определување на меѓусебно растојание помеѓу појасни стабилизациони прагови

Појасните прагови се нормални градби положени на дното од реката во зона на мостот со функција да овозможат зацврстување, фиксирање на дното и ограничување на ерозивната активност. Нивното меѓусебно растојание ќе зависи од низа фактори меѓу кои спаѓаат и материјалот кој е присутен во речното корито изразен преку гранулометриската крива, падот на регулираното речно корито и граничните вредности на тангенцијалните напрегања и брзини.

$$L = \frac{K}{S_O}$$

L – растојание помеѓу стабилизациони прагови, m

K – коефициент кој зависи од средната брзина на текот V_{sr} и граничната брзина.

So – надолжен пад на регулираното корито, изнесува 0.005 m/m

Коефициентот K согласно односот средна / гранична брзина е во границите:

$$\frac{V_{SR}}{V_{GR}} = 1 - 1.25, \qquad K = 0.3 - 0.2$$

$$\frac{V_{SR}}{V_{GR}} = 1.25 - 1.50, \qquad K = 0.2 - 0.1$$

Поради тоа што брзината на токот изнесува 3.75 m/sec (просечна средна брзина за разгледуваната делница), а критичната брзина изнесува 1.11 m/sec (сооднос 3.75/1.11=3.37, поголема од 1.50), утврдена е потребата од обложување на целокупната развиена ширина на регулираното минор корито во зоната предвидена за делумна регулација и проширување

Усвоено е следното техничко решение при стабилизрање на водотекот:

- Поставување на габионски стабилизациони појасни прагови на почетокот и крајот на разгледуваниот потег
- Обложување на речните дно, пета и косина по целата ширина на минор и мајор коритото со природен материјал – нафрлан / реден камен
- Камена облога во зоната на средните столбови

4.8 Пресметки на противерозиона заштита од грубо реден камен на средните столбови на мостовската конструкција

4.8.1 Потребен дијаметар на заштитно зрно и дебелина на заштитен слој

При одредување на дијаметарот на каменот употребен за заштита на средните столбови применета е следната равенка:

$$D_{50} = \frac{0{,}692 * (K * V)^2}{(S_s - 1) * 2g} = 0.58m$$

Каде што употребените параметри се следните:

D_{50} – среден дијаметар на каменот (m)

K – коефициент кој што зависи од обликот на столбовите, се движи во границите од 1,50 - 1,70. Усвоена е вредноста од 1,70 за правоаголно обликувани столбови

(S_s -1) – ја изразува разликата помеѓу специфичната тежина на каменот и водата, изнесува 1,65

V – средната брзина на течење во во зоната на мостот, изнесува 3.49 m/sec

g – земјено забрзување, изнесува 9,81 m/sec^2

Согласно горенаведеното, потребниот пресметан дијаметар изнесува 0.58 метри. Усвоен е среден дијаметар на нафрлан камен од 0.60 метри, со усвоена дебелина на заштитниот слој од 3*D_{50}=1.80 метри, со усвоена ширина на заштита околу столбот од 2*bp=2*0.40=0.80 метри – усвоено 1.00 метар.

4.9 Заштита на дно и брегот на главното корито

4.9.1 Пресметка на потребен дијаметар на зрно на камен и дебелина на заштитен слој

При одредување на дијаметарот на каменот употребен за заштита на речното дно и косина применета е следната емпириска равенка:

$$\frac{D}{y} = S_f C_s C_v C_T \left[\frac{V^2}{(s-1)K_1(gy)}\right]^{1.25}$$

Каде што:

D – среден дијаметар на каменот;

V – средна брзина на течење во рамките на разгледуваната делница и изнесува 3.70m/s;

y – просечна длабочина на текот во регулираните делници и изнесува 2.23m;

S_f – фактор на сигурност усвоен да изнесува 1.10;

C_s – коефициент на стабилност кој зависи од формата на применетиот камен и усвоен е да изнесува 0.30;

C_v – коефициент на распределба на брзината и усвоен да изнесува 1.00;

C_T – коефициент на дебелина и усвоен да изнесува 1.00;

s – специфична тежина на каменот во поставен во вода и изнесува 2.65;

K_1 – коефициент на страничната косина (1.50:1.00) усвоен да изнесува 1.00 ;

g – земјено забрзување 9.81 m/sec;

Согласно применетата равенка добиена е вредноста од 0.21m (210mm) како среден дијаметар на реден камен. Усвоен е среден дијаметар на нафрлан камен од 0.30 метри (300mm), со усвоена дебелина на заштитниот слој од t_d=2*D_{50}=0.60 метри.

4.9.2 Хидрауличка анализа за регулираната суводолица

За да се добие реален приказ на хидрауличните параметри на водотекот во случај на појава на меродавните врнежи, извршена е хидраулична пресметка. Имајќи предвид дека има појава на гравитационен ток, се применува формулата Chezy - Manning:

$$Q = A * C * \sqrt{R * J}$$

$$C = \frac{1}{n} * R^{1/6}$$

- Q - меродавна голема вода 5.85 m^3/sec
- A – проточна површина m^2
- C – коефициент Chezy, $m^{1/2}$/sec
- n – коефициент на рапавина - усвоено 0.033
- R – Хидрауличен радиус, m
- J – наклон на нивелета на водотек 4.40%



Слика 16 Хидраулички параметри на регулирана суводолица

Согласно извршените хидраулички пресметки, добиени се следните параметри на токот:

- Длабочина на течење од 0.84m, со резервна висина на течење од 0.16m

- Брзина на течење од 3.77m/sec

4.10 Констатација и заклучок

При хидрауличка анализа на регулираното речно корито со меродавниот проток од **208.42** m^3/s текот е во супкритичен режим со (Fr<1) со оглед на избраниот пад на нивелетата. Проширеното корито во целост го прифаќа меродавниот проток со доволна висинска резерва (hrez>0.20m) со брзини на токот во прифатливи граници. Низводно и спротиводно од новопроектираниот мост коритото во целост ја прифаќа стогодишната меродавна вода. Новопроектираниот мост како конструкција не претставува никаков проблем околу пропусната моќ на речното корито. Водното ниво при максимална стогодишна вода во зоната на мостот достигнува кота 578.13mNV, долната кота на мостовската конструкција изнесува 579.35mNV, односно течење со резервна висина од 1.22m.

5 Геодетски координати на регулираното речно корито

Траса: РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1 - КРИВА РЕКА			
Податоци за правец			
Опис	**Стационажа**	**Y Координати**	**X Координати**
Почеток:	0+000.000	672471,321	606252,260
Крај:	0+018.108	672488,947	606256,408
Должина на правец	L=18.108 m		
Податоци за правец			
Опис	**Стационажа**	**Y Координати**	**X Координати**
Почеток:	0+018.108	672488,947	606256,408
Крај:	0+025.337	672495,984	606258,064
Должина на правец	L=7.229 m		
Податоци за кружна кривина			
Опис	**Стационажа**	**Y Координати**	**X Координати**
Почеток на кружна кривина:	0+025.337	672495,984	606258,064
Центар на кружна кривина:		672483,325	606311,857
Крај на кружна кривина:	0+041.709	672511,137	606264,104
Параметри	**Вредност**	**Параметри**	**Вредност**
Агол:	16° 58' 29.9113"	Тип:	Десна
Радиус:	55.262		
Должина:	16.373	Тангента:	8.247
Податоци за правец			
Опис	**Стационажа**	**Y Координати**	**X Координати**
Почеток:	0+041.709	672511,137	606264,104
Крај:	0+050.000	672518,302	606268,276
Должина на правец	L=8.291 m		
Траса: РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2 - СУВОДОЛИЦА			
Податоци за правец			
Опис	**PT Стационажа**	**Y Координати**	**X Координати**
Почеток:	0+000.000	672493,709	606257,529
Крај:	0+040.781	672508,123	606219,380
Должина на правец	L=40.781 m		
Податоци за кружна кривина			
Опис	**Стационажа**	**Y Координати**	**X Координати**
Почеток на кружна кривина:	0+040.781	672508,123	606219,380
Центар на кружна кривина:		672515,563	606222,191
Крај на кружна кривина:	0+046.149	672511,511	606215,348
Параметри	**Вредност**	**Параметри**	**Вредност**
Агол:	38° 40' 12.2695"	Тип:	Десна
Радиус:	7.953		
Должина:	5.368	Тангента:	2.791

Податоци за правец			
Опис	**Стационажа**	**Y Координати**	**X Координати**
Почеток:	0+046.149	672511,511	606215,348
Крај:	0+051.235	672515,887	606212,756
Податоци за правец			
Параметри	**Вредност**	**Параметри**	**Вредност**
Должина на правец	L=5.086 m		

6 Анализа на земјаните работи

Траса: РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1 - КРИВА РЕКА

Стационажа	Површина за ископ (m^2)	Единечен ископ (m^3)	Површина за насип (m^2)	Единечен насип (m^3)	Вкупен ископ (m^3)	Вкупен насип (m^3)	Разлика ископ - насип (m^3)
0+000.000	17.08	0	2.29	0	0	0	0
0+010.000	30.2	236.43	0.39	13.39	236.43	13.39	223.04
0+015.000	30.36	151.4	0.23	1.56	387.83	14.95	372.87
0+018.107	28.59	91.57	0.56	1.23	479.4	16.19	463.22
0+022.000	24.93	104.2	0.87	2.79	583.6	18.98	564.62
0+023.000	22.45	23.69	1.1	0.99	607.29	19.97	587.32
0+033.523	19.42	220.3	1.01	11.14	827.59	31.1	796.49
0+040.000	23.51	139.06	0.94	6.32	966.65	37.42	929.22
0+050.000	25.82	246.66	0.86	8.98	**1213.31**	**46.4**	**1166.9**

Траса: РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2 - СУВОДОЛИЦА

Стационажа	Површина за ископ (m^2)	Единечен ископ (m^3)	Површина за насип (m^2)	Единечен насип (m^3)	Вкупен ископ (m^3)	Вкупен насип (m^3)	Разлика ископ - насип (m^3)
0+000.000	0	0	0	0	0	0	0
0+010.600	2.88	15.26	0	0	15.26	0	15.26
0+020.000	4.48	34.59	0.01	0.04	49.85	0.04	49.81
0+030.000	4.71	45.94	0	0.04	95.79	0.07	95.72
0+040.000	2.28	34.96	0	0.01	130.75	0.09	130.67
0+040.781	2.37	1.82	0	0	132.57	0.09	132.49
0+043.465	2.67	6.77	0	0	139.35	0.09	139.26
0+046.149	2.88	7.45	0	0	146.8	0.09	146.71
0+050.000	3.18	11.67	0	0	158.47	0.09	158.39
0+051.235	3.3	4	0	0	**162.48**	**0.09**	**162.39**

7 Предмер на работите

РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1 - КРИВА РЕКА					
Ред.бр.	Опис на работите	Ед. Мера	Количина	Ед.цена (денари)	Вкупно (денари)
1	2	3	4	5	6
1	**ПРИПРЕМНИ РАБОТИ**				
1.1.	Обележување и исколчување на проектираната траса на речното корито долж делницата предвидена за регулирање / прочистување				
	Регулирано корито 1 - Крива Река	m'	50.00	90.00	4500.00
				ВКУПНО 1:	**4500.00**
2	**ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ**				
2.1.	Целосно расчистување на коритото и крајбрежниот појас од жбунеста и високостеблеста вегетација со димензии 50.00m/40m.	m^2	2000.00	60.00	120000.00
				ВКУПНО 2:	**120000.00**
3	**ЗЕМЈАНИ РАБОТИ**				
3.1.	Машински ископ на земја III категорија во широк откоп во присуство на вода и делумно во суво за оформување на регулираниот профил (по табела за земјани маси за регулирано корито 1), вкупната количина изнесува V=1213.31 m^3. Од тоа:				
	Машински ископ 80%	m^3	970.65	400.00	388259.20
	Рачно докопување на земја 20% за дооформување на коритото	m^3	242.66	800.00	194129.60
3.2.	Дополнителен машински ископ на земја III категорија со цел изведба на стабилизација на речно корито со камена облога.	m^3	484.00	800.00	387200.00
3.3.	Машински ископ на земја III категорија со цел изведба на стабилизациони прагови на стационажи 0+010.00 и 0+030.00	m^3	306.00	800.00	244800.00
3.5.	Оформување и планирање на насипите на минор / мајор корито и инундациите со материјал од ископот во слоеви по 30см со набивање до потребна збиеност. По табела за земјани маси за регулирано корито 1), вкупната количина изнесува V=46.40 m^3.	m^3	46.40	450.00	20880.00

3.6.	Утовар , транспорт и истовар во депонија на преостанатиот материјал од ископот во непосредна близина на делницата предвидена за регулација со растојание до 5,00км	m^3	1956.91	300.00	587073.00
				ВКУПНО 3:	**1822341.80**
4	**СИДАРСКИ РАБОТИ**				
4.1.	Изработка на стабилизација на водотекот по целата ширина на минор и мајор коритото од грубо реден камен со среден дијаметар d=30cm и дебелина на облогата од 60cm, согласно деталите на заштита по проектната документација, во присуство на вода.	m^3	484.00	3500.00	1694000.00
4.2.	Набавка, транспорт и монтажа на неткаен геотекстил, со следниве карактеристики: Суровина: PP /PET Метод на производство: механички врзани Тежина: ≥1000 g/m²[МКС EN 9654] Дебелина под оптоварување од 2kRa: ≥ 6.3mm [МКС EN 9863-1] Ултимативна јакост на затегање [МКС EN 10319] во подолжен правец: ≥16.0 kN/m во попречен правец: ≥32.0 kN/m Дилатација при ултимативна јакост на затегање [МКС EN 10319] во подолжен правец: ~110% во попречен правец: ~80% (±40%) CBR отпор при пункција: ≥3500 N [МКС EN 12236] Големина на отвор O90: 0.09mm [МКС EN 12956] Коефициент на водопропустливост нормално на рамнината: 30 x 10^{-3}m/s [МКС EN 11058] Стандардни димензии: Широчина 41.00m Должина 20.00 m	m^2	820.00	1800.00	1476000.00

4.3.	Набавка, транспорт и испорака на габиони, изработени од двојно наврtена челична плетена мрежа, галванизирана ZN 95%-Al 5% со PVC заштитна облога Дијаметар на жицата (мрежа): Ø2,70 mm Дијаметар на жицата на рабовите: Ø3,40 mm Јакост на затегање на жицата: 350-550 N/mm² според EN10223-3 Елонгација: да не е помалку од 8% според EN 10223-3 Тип на мрежа (окце): 8x10 cm со толеранција -0/+8 mm, според MKS EN 10223-3 Тест на долготрајност со забрзано стареење со CO2 (28 циклуси) согласно EN ISO 6988. Габионите се склопуваат и полнат според спецификација од производителот на кошевите и се поставуваат според графички прилози. На трасата се предвидени два стабилизациони прагови. Димензии на габионите се B/H/L=1.00/1.00/2.00	парче	46.00	7200.00	331200.00
4.4.	Изработка на противерозиона заштита во зоната на средните столбови од грубо реден камен со среден дијаметар од d=0.60m согласно деталите на заштита по проектната документација.	m^3	87.60	3500.00	306600.00
				ВКУПНО 4:	**3807800.00**
				СЕ ВКУПНО:	**5754641.80**

РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2 - СУВОДОЛИЦА					
Ред.бр.	Опис на работите	Ед. Мера	Количина	Ед.цена (денари)	Вкупно (денари)
1	2	3	4	5	6
1	**ПРИПРЕМНИ РАБОТИ**				
1.1.	Обележување и исколчување на проектираната траса на речното корито долж делницата предвидена за регулирање / прочистување				
	Регулирано корито 2 - Суводолица	m'	51.23	90.00	4610.70
				ВКУПНО 1:	**4610.70**
2	**ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ**				
2.1.	Целосно расчистување на коритото и крајбрежниот појас од жбунеста и високостеблеста вегетација со димензии 52.00m/5.20m	m^2	270.40	60.00	16224.00
				ВКУПНО 2:	**16224.00**
3	**ЗЕМЈАНИ РАБОТИ**				
3.1.	Машински ископ на земја III категорија во широк откоп во присуство на вода и делумно во суво за оформување на регулираниот профил (по табела за земјани маси за регулирано корито 2), вкупната количина изнесува V=162.48 m^3. Од тоа:				
	Машински ископ 80%	m^3	129.98	400.00	51993.60
	Рачно докопување на земја 20% за дооформување на коритото	m^3	32.50	800.00	25996.80
3.2.	Дополнителен машински ископ на земја III категорија со цел изведба на стабилизација на речно корито со камена облога.	m^3	71.72	800.00	57377.60
3.3	Утовар , транспорт и истовар во депонија на преостанатиот материјал од ископот во непосредна близина на делницата предвидена за регулација со растојание до 5,00км	m^3	234.20	300.00	70260.60
				ВКУПНО 3:	**205628.60**
4	**ЗИДАРСКИ РАБОТИ**				
4.1.	Изработка на облога на речното корито од грубо реден камен со среден дијаметар d=30cm, согласно деталите на заштита по проектната документација, во присуство на вода.	m^3	71.72	3500.00	251027.00

4.2.	Набавка, транспорт и испорака на габиони, изработени од двојно наврtена челична плетена мрежа, галванизирана ZN 95%-Al 5% со PVC заштитна облога Дијаметар на жицата (мрежа): Ø2,70 mm Дијаметар на жицата на рабовите: Ø3,40 mm Јакост на затегање на жицата: 350-550 N/mm² според EN10223-3 Елонгација: да не е помалку од 8% според EN 10223-3 Тип на мрежа (окце): 8x10 cm со толеранција -0/+8 mm, според MKS EN 10223-3 Тест на долготрајност со забрзано стареење со CO2 (28 циклуси) согласно EN ISO 6988. Габионите се склопуваат и полнат според спецификација од производителот на кошевите и се поставуваат според графички прилози. На трасата се предвидени два стабилизациони прагови. Димензии на габионите се B/H/L=1.00/1.00/2.00	парче	4.00	7200.00	28800.00
				ВКУПНО 4:	**279827.00**
				СЕ ВКУПНО:	**506290.30**

РЕКАПИТУЛАР		
1	**РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1 - КРИВА РЕКА**	**5754641.80**
2	**РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2 - СУВОДОЛИЦА**	**506290.30**
	ВКУПНО (1+2):	**6260932.10**
	18% ДДВ:	**1126967.778**
	СЕ ВКУПНО:	**7387899.88**

8 Технички услови за изведба на работите

8.1 Спецификација на работите и услови за изведба

8.1.1 Градежни работи

8.1.1.1 Геодетски работи

Проектираната регулација на реката во најголем дел ја следи трасата на природното речно корито. Трасата е опишана со осовината на водотекот, со строго дефинирани точки со X, Y и Z координати на почетокот и на крајот од правите делници. Кривините се обележени со своите темиња каде покрај координатите дадени се и елементите на кривините, а исто така дефинирани се почетоците и краевите од кривините. Овие подлоги, како и подлогите за решението на регулацијата од Основниот проект (надолжен профил и пресеци) се доволна подлога за детално осознавање на трасата. Цртежите за профилите на речното корито и објектите се дадени со сите потребни димензии и стационажи долж трасата на водотекот, кај повеќето од нив како типски профили но без теренски коти. Изведувачот ќе изврши исколчување и обележување на профилите и објектите со поврзување на постоечките репери од полигонската мрежа по трасата на каналот.

8.1.2 Припремни работи

8.1.2.1 Чистење на теренот на бреговите од водотекот

Чистењето на теренот покрај минор коритото ќе се врши на левата и десната страна на бреговите во зависност од конфигурацијата и состојбата на теренот, на ширина од 2 m, на делниците каде е тоа потребно или по упатствата на Надзорниот орган. Чистењето на теренот на местото на локација на насипот за заштита од големи води и припрема на подлогата за изведба на насипот во широчина на насипот во основа. Чистењето ќе се врши машински, а материјалот кој треба да се чисти е III категорија земја со присуство на хумус, трња, грмушки и дрва до φ 10 cm. Ископаниот материјал ќе се транспортира во депонија одредена од страна на Надзорниот орган. Доколку се појави друг материјал, во договор со Надзорниот орган се одлучува за начинот на чистењето.

8.1.2.2 Сечење и отстранување на дрва

Сечење на дрва кои преставуваат потенцијална опасност за речното корито и кастрење на постоечките, сечење на дрва кои се наоѓаат во новата регулациона линија на основното корито, како и на трасата каде е лоциран насипот за одбрана од големите води. Сечењето ќе се врши по целата должина од водотекот кој се уредува, според барањата на Надзорниот орган. Сечењето и отстранување на дрва опфаќа сечење, отстранување на коренот, чистење од гранки, утовар, транспорт, истовар и складирање во депонија на растојание до 500 m.

8.1.2.3 Чистење на речното корито

Машинско чистење на природниот тек и притоките непосредно до главното корито од депониран шут и друг отпад (хаварисани возила, апарати за домакинство, пластика и друг отпаден материјал).

8.1.3 Земјани работи

8.1.3.1 Општи одредби

Доколку поинаку не се предвиди со овие услови, ископот ќе се врши според границите прикажани на цртежите или според барањата на Надзорниот орган. Ископот е класифициран како обичен ископ во III и IV категорија земја. Под обичен ископ се подразбираат ископи кои се вршат во земја, глина, дробина, речни наноси и друго, ископи кои може да се вршат со механизација или рачно без употреба на експлозив. Обичниот ископ исто така ги опфаќа ископите во материјалите кои содржат камени самци и блокови кои не се поврзани и можат да се отстрануваат рачно или со механизација, но чиј волумен е помал од 0.75 m^3. Покрај наведеното, под обичен ископ ќе се подразбира и цврст и компактен материјал како што е врзан чакал и меки распаднати карпи.

8.1.3.2 Машински ископ на земја

1) ископ на земја во дното и бреговите за постигнување на проектирана форма на основниот водотек,

2) ископ на земја на новопроектирана траса на речното корито

3) ископ,транспорт и довоз на земја од позајмиште за телото на одбрамбениот насип од позајмиште со оддалеченост до 2000 m

4) ископ на земја на место на фундирање на заштитните градби во основното корито (прагови, паралелни градби)

5) ископ на земја за темели на потпорни ѕидови

6) ископ на горен хумусен слој со дебелина min 20 cm во зона на локација на одбранбениот насип, депонирање во непосредна близина и враќање по изведба на насипот

Ископаниот материјал ќе се вградува во непосредна близина во делови од речното корито каде е предвидено засипување, како и во телото на предвидениот насип во непосредна близина, но со претходна проверка на геомеханичките карактеристики на ископаниот материјал.

8.1.3.3 Рачен докоп на земја за оформување на профил на водотек и на подлога за заштитни градби

Рачен ископ на земја за дооформувањена земјината подлога заради оформување на заштита на косините на бреговите, пети, траверзи, габионски подгради и камена заштита на дното, за фундаменти на бетонски потпорни ѕидови, за поставување на цевасти и плочести пропусти, каскадни прагови, оформување на вливови. Ископот ќе се врши во границите прикажани во цртежите или според барањето на Надзорниот орган. Дел од ископаниот земјан материјал ќе се употреби за изведба на времени градби при изведба на заштитните градби долж водотекот, а останатиот дел ќе се утовари, транспортира и истовари во непосредна близина во одбрамбените насипи или на места одредени од Надзорниот орган.

8.1.3.4 Изведба на одбранбени насипи

Изведба на одбрамбени насипи во слоеви од 30см со контролирана збиеност во форми и димензии спрема техничкото решение. Набивањето на земјата треба да се врши во согласност со следните критериуми: Од лабораториски испитувања:

- γ = 15.5 kN/m3 (Стандард МКС. B1. 016) - запреминска тежина во природна состојба
- w < 20% (Стандард МКС. B1. 012) - природна влажност
- WL < 50 (Стандард МКС. B1. 020) - граница на течење
- Jp < 20 (Стандард МКС. B1. 012) - индекс на пластичност
- Содржина на органски материи < 8% (Стандард МКС. B1. 024)

Контролни испитувања на градилиште:

Степенот на збиеност ќе се контролира и утврдува на градилиште со одредување на запреминската тежина на материјалот, и тоа со земање на цилиндри од кохерентните материјали, односно со метода на калибриран песок за некохерентни материјали, и според следните критериуми:

γd = 95-98% од γd max добиена со Проктор

w = wopt добиена со Проктор

8.1.3.5 Изведба на заштита со камен

- поставување на нафрлан камен како заштита на конкавните брегови на косините со заштита на дел од дното на речното корито и исполна на еродирани зони во дното до ниво на проектирана нивелета.

- исполна со крупен нафрлан камен на просторот пред и зад праговите. Заштитата да се изврши спрема предложеното техничко решение за заштита дадено во основа, пресеци и детали, со предвидените материјали по форма и големина, како и според препораките на Надзорниот орган.

8.1.3.6 Транспорт

Материјалот ќе се транспортира и депонира до кое било растојание помало од 100 m сметајќи од местото на ископот, освен ако не е поинаку наложено во спецификацијата или од страна на Надзорниот орган.

8.1.3.7 Материјали

8.1.3.7.1 Камен

Каменот има широка примена при изведба на регулациите на водотеците. Се користи при уредувањето на бреговите, за изработка на телото на паралелните и попречните регулациони градби, изработка на кејови, стабилизација на дното на водотекот и друго. Каменот треба да е со потребната цврстина, со што поголема специфична тежина, да не е хидроскопен, да е отпорен на мраз докажано со тест на мрзнење и одмрзнување или друг стандардизиран тест по метод на Лос Анџелес под 30%, отпорен на абење и на влијание од хемиски средства, ако ги има во водотекот. При вградување на каменот во било каква форма, истиот треба да ги задоволи бараните физичко-механички карактеристики. Истите се потврдуваат во геомеханички лаборатории, каде земените примероци од позајмишта се испитуваат според предвидените стандарди. Потребната јакост на притисок на каменот треба да изнесува минимум 70 Mpa, а впивањето на влага потребно е да биде под 1%. Заштитата со камен е едноставна но истовремено многу ефикасна и сигурна.

8.1.4 Изведба на заштитни градби од камен

8.1.4.1 Изведба на нормални градби- прагови

Со разработеното техничко решение се предвидени две заштитни еластични нормални градби - прагови од габиони во целата широчина на минор и мајор коритото, со вклештување во ножицата на постојните косини на регулираното речно корито. По поставувањето на габионите низводниот ископ треба да се заполни со крупен камен. Изведбата на праговите ќе се изведе во две фази (1-фаза до половината од речното корито и 2-фаза до спротивниот брег), со претходно делумно свртување на текот со локален материјал добиен од претходно извршениот ископ од реден камен со димензии според дадените графички прилози. Заштитните прагови да се изведат во предвидените локации спрема техничкото решение или дополнително по препорака на Надзорниот орган.

8.1.5 Изведба на заштитна облога на речното корито

Дното на речното корито ќе биде заштитено од ерозивните процеси со заштитна облога оформена од реден крупен камен Укрутувањето на облогата ќе се оствари со странично вклештување на брежните ѕидови, а надолжно облогата ќе се вклешти во предвидените стабилизациони прагови. Каменот кој се употребува како облога за дното на речното корито треба да има што поголема специфична тежина, да не е хигроскопен , да биде отпорен на мраз, отпорен на абење и на влијанието на агресивните хемиски средства кои може да се најдат во водотекот. Со оглед на овие барања најдобро е да се употреби камен од еруптивните карпи , а може да се користи и камен од седиментните карпи. Специфична тежина на каменот кој се употребува за регулација на речните корита не треба да биде помал од 2,2 t/м^3. Како камен за уредување на речните водотеци може да се употребат магматските карпи, гнајсевите, амфиболитите, амфиболитските шкрилци, доломитите и варавниците. Како камен најчесто се употребуваат варовниците.

8.1.5.1 Изведба на габиони

Повеќе од еден век, габионите и мадраците се применуваат при регулација на природни речни корита и вештачки оформени канали со цел да ги контролираат големите води, односно да спречат нивно излевање на околните површини. Исто така тие се користат како потпорни тела, во форма на потпорни ѕидови со помали височини. Главните причини поради кои, мадраците и габионите се применуваат како облога регулирање на брани се следниве:

- подобрување на стабилноста на косините
- заштита од ерозија
- обезбедување на предефинира вредност за рапавост на косината
- намалување на просторот зафатен со косините
- позитивни ефекти врз животната средина

Габионите и мадраците се потпорни конструкции кои имаат за цел да го спречат свлекувањето, ерозијата и одронувањето на слоевите почва кои ги обезбедуваат. При природните текови и крајбрежни линии ваквите решенија се наметнуваат како идеално решение за проблемот со ерозијата на почвата. Регулирање на оптимална флексибилност ќе биде постигната кога врските ќе обезбедат рамномерно пренесување на товарот помеѓу индивидуалните блокови на габионите и мадраците, обезбедувајќи и на конструкцијата да се вклопи во профилот на теренот и да обезбеди заштита при евентуални слегања.

8.1.6 Технички услови за поставување на габионите

8.1.6.1 Доставување на материјалите

Габиноните со сите нивни компоненти целосно се произведуваат механизирано и истите се спојуваат на местото на нивното производство. Сите габиони се доставуваат во развиена форма, спакувани или завиткани во ролна. Ролните се компесирани и врзани заедно за полесно транспортирање и префрлување. Жицата за врзување се доставува во клопчиња. Стегите се доставуваат во кутии. Префабрикуваните укрутувачи се доставуваат во ролни.

8.1.6.2 Поставување

Свитканите делови најпрво се вадат од ролната и се сместуваат на тврда рамна површина. Габионите се отвараат, се одвиткуваат и се притискаат да се исправат во нивната оригинална форма. Предниот, задниот и страничните панели се дигаат во вертикална положба така што да формираат облик на отворена кутија. Панелите треба да се врзат заедно со жицата доставена заедно со габионите, врската треба да биде цврсто изведена околу крајната жица на панелите кои се допираат. Внатрешната дијафрагма треба да се дигне во вертикална положба и да се обезбеди на ист начин како страничните панели. Сите краеви на дијафрагмата и страничните панели треба да се врзат и да се прицврстат за предниот и задниот дел од габионот.

8.1.6.3 Процедура на врзување

Кога се користи жица за врзување на рабовите, се сече парче од приближно 1.5 пати поголемо од должината на работ кој треба да се врзе. Максималната должина на работ која треба да се врзе во еден потег не треба да надминува 1,00 m. Подолгите рабови треба да се врзуваат со повеќе парчиња на жица. Жицата за врзување треба да се обезбеди околу крајната жица или подебелата жица во зависност каква има габионот, со префрлање и виткање на жицата за опшивање околу самата себе. Се продолжува со врзување со алтернативно дупли или единечни преклопи. Дуплите преклопи треба да се прават на интервали не поголеми од 150 mm. Деловите на формираната кошница треба да се повлечат цврсто еден кон друг додека се врзуваат еден со друг. Другиот крај на жицата за опшивање треба да се обезбеди повторно со префрлање и виткање на истата околу самата себе. Кога се користи жица за врзување на различните делови од габионот потребно е да се користат клешти за формирање на поцврсти спојки. Посебно внимание треба да се обрати за да се избегне оштетување на облогата на жицата за опшивање. Кога се користат челични прстени за спојување, неопходно е користење на механички или пневматски алат за спојување. Прстените треба да се постават на спојките на врвот и дното на крајните панели и дијафрагмата и потоа се поставуваат на максимум од 200 mm по должината на рабовите.

8.1.6.4 Припрема на фундаментот

Фундаментот на кој габионите треба да се постават треба да се израмни и да се нивелира на висина како што е прикажано на проектот. Фундаментот на габионот треба да е нивелиран, рамен и да нема некои површински неправилности, други материјали и вегетација согласно со проектната спецификација.

8.1.6.4.1 Поставување и пополнување

Откако фундаментот е спремен, претходно склопените габиони се поставуваат празни на предвиденото место, и истите треба да се врзат и прицврстат со соседните габиони по должина на потпорната конструкција со цел да се формира континуирано врзана, монолитна конструкција. Габионите треба да се постават преден дел до преден дел или заден дел до заден дел со цел да се забрза полнењето со кршен камен и операцијата на поврзување на капаците. Кршен камен за габионите може да се произведе со било која од методите за вадење на камен, и со користење на било која опрема која ја дава бараната граница на големината на зрната. Каменот треба да биде цврст, аглест до заоблен, издржлив и со таков квалитет така што тој не треба да дезинтегрира со изложување на влијание од вода или климатски услови за временски период колку што е животниот век на конструкцијата. Кршениот камен за габионите треба да се движи помеѓу 100 mm и 200 mm. Опсегот на големината на зрната може да се дозволи за варијации од 5% поголеми и/или 5% помали, со тоа што овие фракции не треба да се постават на изложената површина од габионот. Во секој случај, поголемите зрна не треба да бидат поголеми од 250 mm, и помалите зрна не треба да се помали од 5 mm. Кршениот камен треба да се поставува во слоеви од 300 mm за 1,00 m висок габион, и 250 mm за 0.50 m висок габион. Пополнувачкиот слој никогаш не треба да биде поголем од 300 mm во однос на соседниот габион. Посебно внимание треба да се обрати кога се поставува кршениот камен, за да се обезбеди да ПВЦ заштитата на габионите не се уништи. Откако ќе се постави еден слој од кршен камен во ќелијата, потребно е рачно да се подредат камењата за да се минимизираат празнините и да се постигне максимална густина на кршениот камен во габионот. Кршените камења изложени на вертикалното лице треба да се постават рачно за да се намалат празнините помеѓу зрната на надворешното лице. Закрутувачи или внатрешни вкрстувачки врски треба да се постават за да се поврзат предното и задното лице на три точки за габиони со висина од 1,00 m, како што габионот се полни со материјал. Габионските делови кои се инсталираат на крајот од ѕидот, кои имаат две изложени лица, треба да вклучат и две затеги нормално поставени на хоризонтално изложените лица. За 0.50 m високи габиони кога се користат само за обликување, укрутувачи или внатрешни затеги не се потребни. Кога повеќе од еден вертикален слој на габиони се поставува, истите треба да се преполнат со приближно 25 до 40 mm за да се дозволи природно слегнување. Крајниот слој треба да се израмни, и да се намалат празнините помеѓу зрната. Треба да се осигура дека врвот на дијафрагмата е достапен за врзување.

8.1.6.4.2 Затворање на габионите

Откако кршениот камен е израмнет и откако празнините помеѓу нив се минимизирани, се превиткува капакот и се влечат рабовите на капакот до рабовите на страничните панели. Потребно е мало истегање и со користење на соодветен алат се припојуваат двата дела на габионот. Потребно е да се обрати посебно внимание да не се деформира мрежата и да не се уништи заштитниот слој на деформираните жици. Рабната жица на работ од капакот треба да се премота два комплетни круга околу рабната жица на страничните панели. Капакот треба цврсто да се врзе по должината на сите рабови, исто така и цврста врска треба да се обезбеди со дијафрагмата. Соседните капаци може да се врзуваат и прицврстуваат симултано. Сите испакнати остри краеви на жиците треба да се свиткаат на внатре во завршената габионска структура.

8.1.7 Технички услови за поставување на геотекстили

8.1.7.1 Ракување и поставување

Со сите геотекстилни треба да се постапи така да се осигура дека не се оштетуваат. Да се почитуваат следниве специјални упатства за ракување:

На косините, геотекстилите да бидат обезбедени во анкерен ров и потоа да се спуштат по косините. Во секој случај треба да се распостелат на таков начин како постојано би се задржал геотекстилниот панел доволно затегнат за да се намалат наборите.

Во присуство на ветер, за да се спречи нивно изместување потребно е да се постават врѓи со песок или сличен товар кој нема да ги оштети.

Геотекстилите треба да се сечат со соодветен нож или скалпел за таа намена. Ако материјалот се сече на лице место, мора да се обрати посебно внимание и грижа за да не се оштетат другите геосинтетички материјали.

Внимание треба да се посвети да не се заробат камењата или премногу прашина што би предизвикало оштетување на останатите геосинтетици, или да генерира затнување на филтрите и дренажите.

8.1.7.2 Споеви и преклопувања

Геотекстилите можат да бидат споени со термално споеви со шиењеили на истите да се преклопат со минимум преклоп од 50 cm . Хоризонталните споеви не се дозволени на косините.

На пострмните косини од 1:10, препорачливо е геотекстилите да бидат континуирано врзани вдолж целата должина на спојот. Геотекстилите треба да се преклопат минимум 10 cm, пред нивно спојување.

На хоризонталните делови или на поблагите косини од 1:10, геотекстилите треба да се преклопуваат или како што е наведено погоре или термички да се спојат. Ако се термички врзани геотекстилите треба да се преклопат минимум 10 cm пред спојувањето.

8.1.7.3 Санација на геотекстилите

Било кои дупки или скинати делови од геотекстилите треба да се санираат на следниов начин:

На косини – парче од истиот материјал треба да се спои врз оштетениот дел. Парчето треба да е со поголема димензија од оштетениот дел. Ако скинатиот односно оштетениот дел надминува 10 % од широчината на ролната, таа ролна треба да биде отстранета од косината и треба да се замени со друга.

На хоризонтални површини – парче од истиот материјал треба да се спои на самото место со минимален преклоп од 30 cm во сите насоки.

III. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

9 Графички прилози

Лист број 1 – Прегледна ситуација

Лист број 2 – Ситуација на регулирани корита 1 и 2 со нанесена мостовска конструкција

Лист број 3 – Надолжни профили на регулирани корита 1 и 2

Лист број 4 – Попречни профили на регулирано корито 1

Лист број 5 – Карактеристични профили на регулирано корито 1

Лист број 6 – Основа и пресек на регулирано корито 1 во зона на мостовска конструкција и заштита на мостовски столбови

Лист број 7 – Детали А и Б на регулирано корито 1

Лист број 8 – Попречни профили и карактеристичен профил на регулирано корито 2



Ревизија

Дата

Забелешки

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А 2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
– РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО –
(КНИГА 3)

ЦРТЕЖ:

ПРЕГЛЕДНА СИТУАЦИЈА

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:

ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ.

БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.1930

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: X_823/2024	БРОЈ НА ЛИСТ: 01
ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖЕН	ВКУПНО ЛИСТОВИ: 08
ФОРМАТ: A3+(297mm–765mm)	РАЗМЕР: 1:1000

ДАТУМ, МЕСТО:

МАЈ, 2025, Скопје



Ревизија	Забелешки
Дата	М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А 2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
– РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО –
(КНИГА 3)

ЦРТЕЖ:

СИТУАЦИЈА СО РЕГУЛИРАНИ КОРИТА 1 И 2 СО НАНЕСЕНА МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:

ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ.

БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.1930

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	БРОЈ НА ЛИСТ:
X_823/2024	02
ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖЕН	ВКУПНО ЛИСТОВИ: 08
ФОРМАТ: 420mm–580mm	РАЗМЕР: 1:250

ДАТУМ, МЕСТО:

МАЈ, 2025, Скопје

НАДОЛЖЕН ПРОФИЛ РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1
km 0+000.00 do km 0+050.00



СТАЦИОНАЖА	0+000.00	0+010.00	0+018.11	0+020.00	0+030.00	0+040.00	0+050.00
КОТИ НА ТЕРЕН	575.74	575.79	575.86	575.88	575.97	576.21	576.23
КОТИ НА НИВЕЛЕТА	575.72	575.77	575.81	575.82	575.87	575.92	575.97
КОТИ НА МИНОР КОРИТО	577.22	577.27	577.31	577.32	577.37	577.42	577.47
КОТИ НА МАЈОР КОРИТО	578.22	578.27	578.31	578.32	578.35	578.37	578.39	578.42	578.43	578.47
ПАД И ДОЛЖИНА НА НИВЕЛЕТА		i=0.50% L=18.11m			i=0.50% L=31.89m		
ПРАВЦИ И КРИВИНИ		Lпр.=18.11m		Lпр.=7.23m	Lкр.=16.37m Rкр.=55.26m		Lпр.=8.29m
ТИП НА КОРИТО		Земјан профил		Корито со камена облога			Земјан профил

ЛЕГЕНДА:

- ЛИНИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ТЕРЕН
- ЛИНИЈА НА ПРОЕКТИРАНА НИВЕЛЕТА
- ЛИНИЈА НА МИНОР КОРИТО
- ЛИНИЈА НА МАЈОР КОРИТО

НАДОЛЖЕН ПРОФИЛ РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2
km 0+000.00 do km 0+051.23



СТАЦИОНАЖА	0+000.00	0+010.09	0+020.00	0+030.00	0+040.00	0+050.00	0+051.23
КОТИ НА ТЕРЕН	575.91	577.10	577.92	578.42	578.33	578.97	579.05
КОТИ НА НИВЕЛЕТА	575.94	576.38	576.82	577.26	577.70	577.73	
КОТИ НА МИНОР КОРИТО	576.94	577.38	577.82	578.26	578.70	578.73	
ПАД И ДОЛЖИНА НА НИВЕЛЕТА		i=4.40% L=41.15m					
ПРАВЦИ И КРИВИНИ		Lпр.=40.78m			Lкр.=5.37m Rкр.=7.95m	Lпр.= 5.09m	
ТИП НА КОРИТО		Корито со камена облога					

Ревизија

Дата

Забелешки

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А 2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
– РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО –
(КНИГА 3)

ЦРТЕЖ:

НАДОЛЖНИ ПРОФИЛИ НА РЕГУЛИРАНИ КОРИТА 1 И 2

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:

ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ.

БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.1930

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
X_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ:
03

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖЕН

X

ВКУПНО ЛИСТОВИ:
08

ФОРМАТ:
297mm–580mm

РАЗМЕР:
1:50/500

ДАТУМ, МЕСТО:
МАЈ, 2025, Скопје

ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1 (ВОДОТЕК КРИВА РЕКА)
0+000.00 km - 0+050.00 km
P=1:250

ГАБИОНСКИ СТАБИЛИЗАЦИОНЕН ПРАГ



ПРИСТАПЕН ДЕЛ - ЗЕМЈАН ПРОФИЛ



ПРИСТАПЕН ДЕЛ - ЗЕМЈАН ПРОФИЛ



ЛЕГЕНДА:

- ГАБИОНСКИ СТАБИЛИЗАЦИОНЕН ПРАГ
- ЗАШТИТА СО ПРИРОДЕН МАТЕРИЈАЛ / НАФРЛАН / РЕДЕН КАМЕН
- ИСКОП
- НАСИП
- ЛИНИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ТЕРЕН
- ЛИНИЈА НА ПРОЕКТИРАНО РЕЧНО КОРИТО
- НЕТКАЕН ГЕОТЕКСТИЛ 1000gr/m²

КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА И ЗАШТИТА НА МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА



КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА

РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2

ВЛИВ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2
КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА



ПРИСТАПЕН ДЕЛ - ЗЕМЈАН ПРОФИЛ



ГАБИОНСКИ СТАБИЛИЗАЦИОНЕН ПРАГ



КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА



Ревизија *Забелешки*

Дата *М.П.*

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А 2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
– РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО –
(КНИГА 3)

ЦРТЕЖ:
ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.1930

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
X_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ:
04

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖЕН

X

ВКУПНО ЛИСТОВИ:
08

ФОРМАТ:
297mm–1135mm

РАЗМЕР:
1: 250

ДАТУМ, МЕСТО:
МАЈ, 2025, Скопје

КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1 (ВОДОТЕК КРИВА РЕКА)
P=1:100

ПРИСТАПЕН ДЕЛ - ЗЕМЈАН ПРОФИЛ



ГАБИОНСКИ СТАБИЛИЗАЦИОНЕН ПРАГ



КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА



ЛЕГЕНДА:

- ГАБИОНСКИ СТАБИЛИЗАЦИОНЕН ПРАГ
- ЗАШТИТА СО ПРИРОДЕН МАТЕРИЈАЛ / НАФРЛАН / РЕДЕН КАМЕН
- ИСКОП
- НАСИП
- ЛИНИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ТЕРЕН
- ЛИНИЈА НА ПРОЕКТИРАНО РЕЧНО КОРИТО
- НЕТКАЕН ГЕОТЕКСТИЛ 1000gr/m²

Ревизија

Дата

Забелешки

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А 2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
– РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО –
(КНИГА 3)

ЦРТЕЖ:
КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ.
БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.1930

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
X_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ:
05

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖЕН

ВКУПНО ЛИСТОВИ:
08

ФОРМАТ:
297mm–765mm

РАЗМЕР:
1:100

ДАТУМ, МЕСТО:
МАЈ, 2025, Скопје

ПРЕСЕК 1 -1 НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО СО МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА





ОСНОВА НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО СО МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ОСНОВА И ПРЕСЕК НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1 ВО ЗОНА НА МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА И ЗАШТИТА НА МОСТОВСКИ СТОЛБОВИ

P=1:100

ЛЕГЕНДА:

- ГАБИОНСКИ СТАБИЛИЗАЦИОНЕН ПРАГ
- ЗАШТИТА СО ПРИРОДЕН МАТЕРИЈАЛ / НАФРЛАН / РЕДЕН КАМЕН
- ИСКОП
- НАСИП
- ЛИНИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ТЕРЕН
- ЛИНИЈА НА ПРОЕКТИРАНО РЕЧНО КОРИТО
- НЕТКАЕН ГЕОТЕКСТИЛ 1000gr/m²

Ревизија	*Забелешки*
Дата	*М.П.*

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А 2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
– РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО –
(КНИГА 3)

ЦРТЕЖ:
ОСНОВА И ПРЕСЕК НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1 ВО ЗОНА НА МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА И ЗАШТИТА НА МОСТОВСКИ СТОЛБОВИ

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ.
БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.1930

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	БРОЈ НА ЛИСТ:
X_823/2024	06
ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖЕН	ВКУПНО ЛИСТОВИ: 08
ФОРМАТ: 297mm – 950mm	РАЗМЕР: 1:100

ДАТУМ, МЕСТО:
МАЈ, 2025, Скопје

ПРЕСЕК 1-1



ОСНОВА



ДЕТАЛ Б НА ЗАШТИТА НА МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА ВО ЗОНА НА СРЕДЕН СТОЛБ
P=1:50

ДЕТАЛ А НА КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА
P=1:50



Ревизија *Забелешки*

Дата *М.П.*

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А 2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
– РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО –
(КНИГА 3)

ЦРТЕЖ:
ДЕТАЛИ А И Б НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 1

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:

ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ.

БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.1930

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: X_823/2024	БРОЈ НА ЛИСТ: 07
ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖЕН	ВКУПНО ЛИСТОВИ: 08
ФОРМАТ: 420mm–580mm	РАЗМЕР: 1:50

ДАТУМ, МЕСТО:
МАЈ, 2025, Скопје

ГАБИОНСКИ СТАБИЛИЗАЦИОНЕН ПРАГ

0+051.23



КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА

0+040.00



ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2 (СУВОДОЛИЦА)

0+000.00 km - 0+051.23 km

P=1:100

КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА

0+010.60



КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА

0+020.00



КОРИТО СО КАМЕНА ОБЛОГА

0+030.00



ЛЕГЕНДА:

- **ЗАШТИТА СО ПРИРОДЕН МАТЕРИЈАЛ / НАФРЛАН / РЕДЕН КАМЕН**
- **ИСКОП**
- **НАСИП**
- **ЛИНИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ТЕРЕН**
- **ЛИНИЈА НА ПРОЕКТИРАНО РЕЧНО КОРИТО**

КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2 (СУВОДОЛИЦА)

P=1:100



0+051.23



Ревизија

Дата

Забелешки

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А 2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
– РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО –
(КНИГА 3)

ЦРТЕЖ:

ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ И КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПРОФИЛ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО 2

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:

ПАВЛЕ ПАВЛОВСКИ, ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ.

БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.1930

СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:

X_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ:

08

ВИД НА ПРОЕКТ:

ГРАДЕЖЕН

ВКУПНО ЛИСТОВИ:

08

ФОРМАТ:

297mm–765mm

РАЗМЕР:

1:100

ДАТУМ, МЕСТО:

МАЈ, 2025, Скопје

ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ИДЕЕН ПРОЕКТ
ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА,
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
- МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА -
(КНИГА 2)



ПРОЕКТИРАЊЕ:ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП доо Скопје

ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ:ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН ПРОЕКТ “Г”

МЕСТО НА ИЗВЕДБА: ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Технички бр. Г_823/2024
Скопје, Мај, 2025 г

НАЗИВ НА ПРОЕКТ:	ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА (КНИГА 2)
ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ:	ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН ПРОЕКТ, “Г“ - I КАТЕГОРИЈА
ВИД НА ПРОЕКТ:	ИДЕЕН ПРОЕКТ
ИНВЕСТИТОР:	ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПРОЕКТАНТ:	ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО СКОПЈЕ бул. Киро Глигоров бр.4, 1000 Скопје ЕДБ 4043011508907
ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	Г_823/2024
МЕСТО И ДАТА:	СКОПЈЕ, МАЈ, 2025 година

СОДРЖИНА

I. ОПШТ ДЕЛ:

- ДОКУМЕНТ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ
- ЛИЦЕНЦА "Б" ЗА ФИРМА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД II КАТЕГОРИЈА
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ
- ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ
- ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

II. ЛОКАЦИСКО УРБАНИСТИЧКИ ДЕЛ:

- ИЗВОД ОД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
- ПОТВРДИ ЗА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ

III. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

- ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ
- ТЕХНИЧКИ ОПИС
- АНАЛИЗА НА ТОВАРИ

IV. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

• Ситуација 1:500	Цртеж бр. 01
• Надолжен Профил 1:100	Цртеж бр. 02
• Попречни Профили 1:100	Цртеж бр. 03
• Основа на темели 1:50	Цртеж бр. 04
• Основа на конструкција 1:50	Цртеж бр. 05
• Основа на висински коти 1:50	Цртеж бр. 06
• Надолжен пресек 1:50	Цртеж бр. 07
• Карактеристичен попречен пресек 1:25	Цртеж бр. 08
• План на оплата за столб S1 и S4 1:50	Цртеж бр. 09
• План на оплата за крилни ѕидови К1,К2,К3 и К4 1:50	Цртеж бр. 10
• План на оплата за столб S2 и S3 1:50	Цртеж бр. 11
• Детаљ за заштитна ограда 1:25	Цртеж бр. 12
• Детаљ за поставување на репери за оскултација 1:10	Цртеж бр. 13
• Детаљ за каналети за одводнување 1:20	Цртеж бр. 14

I. ОПШТ ДЕЛ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150120240020073

Датум и време: 8.8.2024 г. 13:28

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6717918
Назив:	Друштво за градежништво,трговија и услуги ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО увоз-извоз Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР КИРО ГЛИГОРОВ бр.4 СКОПЈЕ - ГАЗИ БАБА, ГАЗИ БАБА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија издадена под број П.504/А од 13.09.2022 год. со важност до 13.09.2029 год. од Министерството за транспорт и врски.

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

Број: 0809-50/150120240020073

Страна 1 од 1

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18,и „Службен весник на Република Северна Македонија'' 244/19, 18/20 и 279/20), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО увоз-извоз Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

БУЛЕВАР КИРО ГЛИГОРОВ бр.4 СКОПЈЕ - ГАЗИ БАБА, ГАЗИ БАБА
ЕМБС: 6717918

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 13.09.2029 година

Број П.504/А
13.09.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

Врзоснованачлен **15** и **18** од Законот за Градење (Службен весник на РМ број 130/2009; 124/2010; 18/2011; 18/2011; 36/2011; 49/2011; 54/2011; 59/2011; 13/2012; 39/2012; 144/2012; 25/2013; 70/2013; 79/2013; 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016; 103/2016; 132/2016; 35/2018; 64/2018; 168/18 и 244/19), го донесувам следното:

РЕШЕНИЕ

Проектантот **М-р Александра Митровска Стојков,** дипл.град.инж. со овластување "Б" бр. 2.2384 за изработка на проектна документација од Градежништво, се одредува за **одговорен проектант** при изработка на:

ИДЕЕН ПРОЕКТ

ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА,
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА (КНИГА 2)

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

М-р Александра Митровска Стојков се одредува за одговорен проектант, бидејќи ги исполнува условите од Законот за Градење.

Управител:
М-р Слаѓан Стојановски

_____

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 277/2022 и 111/2023), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
од
ГРАДЕЖНИШТВО
на

АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ

дипломиран градежен инженер (NQF 240 ECTS)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 22.04.2029 год.

Број: 2.2384

Издадено на: 23.04.2024 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чудак
дипл.инж.арх.

*Во изработката на техничката документација за изработка на "**ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А2 ДО М.В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА; МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА (КНИГА 2)**" учествуваа:*

Одговорен Проектант:

• ***М-р Александра Митровска Стојков,*** *дипл.град.инж. со овластување* "Б" бр. 2.2384

Соработници:

• ***М-р Исидора Митровска,*** *дипл.град.инж.*

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Договорна страна:	Општина Крива Паланка
Проектантски услуги за:	Изработка на техничка документација за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина
Локација:	Република Северна Македонија – Општина Крива Паланка
Потребни јазици:	Македонски
Времетраење на задачата:	6 (шест) месеци по потпишување на Договорот за проектантски услуги
Очекуван период на имплементација:	15 декември 2023 – 15 јуни 2024

ВОВЕД

Со финансиска и техничка поддршка на **Фондот за техничка документација** (**ФТД**)[1], Општина Крива Паланка има намера да изработи комплетна проектна документација за изградба на локален пат од спој со магистралниот пат М-2 до м.в. Крстата падина. По однос на својот опфат и квалитет, проектната документација треба да ги исполнува барањата на клучните меѓународни финансиски институции (на пр., ЕУ, ЕБОР, Светска банка), како и домашната регулатива.

Еден од приоритетите на Општина Крива Паланка во областа на транспортната инфраструктура е подобрување на мобилноста на жителите во селските населби како и нивно поврзување со градот Крива Паланка. За таа цел, општината бара да ангажира искусна фирма (или конзорциум) за изработка на техничка документацијата (Проектант) за изградба на локален пат од спој со магистралниот пат М-2 до м.в. Крстата падина со приближна должина од околу 0.95 km (Слика 1).

[1] Фондот за техничка документација е пилот механизам кој обезбедува финансиска и техничка поддршка на општините и центрите за развој на планските региони во изработката на техничка документација за инфраструктурни проекти на локално, меѓуопштинско и регионално ниво. Фондот е воспоставен со поддршка на Проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ финансиран од страна на Шведска и Бирото за регионален развој. Долгорочно, Фондот ќе биде составен дел на Бирото за регионален развој.

Слика 1- Предвидена траса – постојан земјен пат (Google Earth)

Од Проектантот се очекува да изработи комплетна проектна документација на ниво на Урбанистички и Основен проект според законските барања за добивање на одобрение за градење.

Изработената техничка документација ќе биде предмет на ревизија од страна на соодветна фирма (Ревидент) која ќе биде ангажирана од страна на УНДП во рамките на посебен договор.

За време на изработката на техничката документација, избраниот Економски оператор (Проектантот) ќе има обврска да соработува и редовно да комуницира со назначените претставници на Општина Крива Паланка, Ревидентот, како и претставниците и експертите на Проектот на УНДП во рамките на кој се финансира изработката на техничката документација.

ЦЕЛ НА БАРАНИТЕ УСЛУГИ

Целта на бараните услуги е да се обезбеди комплетна техничка документација на ниво на Урбанистички и Основен проект со сите градежни области и фази неопходни за добивање на Одобрение за градење.

При изборот на оптималана траса на патот, Проектантот во најголема мера треба да се прилагоди на постојниот некатегоризиран земјен пат кој започнува од водотекот на Селска Река кој проаѓа под надпатникот на Магистралниот пат М-2 и продолжува делумно низ населен дел, во продолжение се пресекува со Коритото на Крива Река каде е потребно да се проектира нов мост и да се сруши постојниот. Трасата на постојниот земјен пат потоа продолжува кон и завршува во населбата Крстата падина. На делови патот поминува покрај објекти и огради кои се блиску до патот и истиот е со мала ширина. По должина на трасата на неколку места има сувосидини каде што треба да се провери потребата од проектирање на потпорни ѕидови. Проценетата должина на овој патен правец е околу 0.95 km.

ОБЕМ НА РАБОТА – ОПШТ ОПСЕГ НА УСЛУГИ

Општиот обем на работа на проектантските услуги, но не е ограничен на следните основни барања:

- Да се испита постојната состојба со земјениот локален пат/делница;
- Да се земат во предвид сите постојни инсталации и инфраструктура, како и потребните согласности од надлежни институции;
- Да се изврши детално геодетско снимање на целата должина на трасата и да се проектира најповолна траса во рамките на најисплатливо инженерско и финансиско решение;
- Да се извршат сите потребни геотехнички и хидролошки испитувања и предложат/проектираат најповолни технички решенија за трасата на патот;
- Да се изведат сите потребни геотехнички и хидрогеолошки истражувања на локацијата за предвидениот нов мост и да се дефинира геолошкиот/гео-механичкиот профил потребен за фундирање на мостот;
- Да се приберат останати потребни податоци како основа за пресметка и димензионирање на мостот и евентуални пропусти и потпорни ѕидови на трасата;
- Да се предложи техничко решение за регулација на водотекот под мостот на магистралниот пат М-2 и утврди најповолно техничко решение за локалниот пат кој поминува под мостот со висински карактеристики и попречен пресек;
- Да се изврши проектирање на делницата од локалниот пат, односно да се дефинира планумот, вертикалниот и хоризонталниот пресек на локалниот пат, како и потребните објекти на патот, АБ мост на коритото на Крива Река, пропусти, потпорни ѕидови, земајќи

го во предвид и отстранувањето на постојниот АБ мост.
- Да се изработи урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со ажурирана геодетска подлога и идеен проект за локалниот пат.

СПЕЦИФИЧНИ ЗАДАЧИ, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

Избраниот Економски оператор ќе биде одговорен за реализација и изработка на следните специфични задачи:

Задача 1: <u>Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за локален пат (со мост на Крива Река) од спој со М -2 до м.в. Крстата падина – Општина Крива Паланка.</u>

Со урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се уредуваат поединечни, изолирани и далечни градби, односно групи на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, како што се: инфраструктурни водови (сообраќајна инфраструктура - локален пат), односно делови и позиции од сите видови инфраструктура вон населени места и вон опфат на урбанистички планови, нивните помошни и придружни градби и инсталации.

Главните задачи и активности поврзани со изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локалкен пат, вклучуваат, но не се ограничени на:

1.1. Да се обезбеди Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат;
1.2. Да се обезбедат Услови за планирање на просторот за предметниот проектен опфат од Агенцијата за планирање на просторот ;
1.3. Да се изработи и одобри Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план;
1.4. Да се изработи идеен проект за патот и новиот мост од градежната струка (во кој ќе биде обработен делот за патишта и сообраќај);
1.5. Врз основа на идејното решение за патот да се дефинира проектен опфат на просторот кој ќе биде зафатен со изградбата на локалниот пат и нов мост;
1.6. Да се подготви Документациона основа на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план (графички и текстуален дел) каде се систематизирани податоците за постојната состојба во рамките на проектниот опфат, со анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат;
1.7. Да се изработи Урбанистичко решение на проектниот опфатот со: површини за градење со градежни линии, намена на градбите, нумерација на поставените површини за градење, вкупна површина на проектен опфат, процент на изграденост на земјиштето, нивелманско решение, градежни линии за инфраструктурни водови и градби;
1.8. Да се разработат сите архитектонски елементи на партерот и надземните делови од инфраструктурата, градежните и сообраќајните елементи на локалниот пат, новиот мост, пристап од сервисни улици, пешачки патеки и друго;
1.9. Да се разработат градежно-техничките елементи на сите инфраструктурни планирани водови и објекти, во делот на дефинирање на трасата и спецификацијата на подземните водови и во делот на надземните градби што припаѓаат на локалниот пат и новиот мост;
1.10. Да се изработи табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат и за градбите во проектниот опфат (локалниот пат и новиот мост);

1.11. При изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, задолжително треба да се обезбедат потребните податоци, информации и согласности од релевантните јавни претпријатија, институции и органи на државната управа.

Задача 2: Изработка на Основен проект за рушење - отстранување на постоечки АБ мост.

Со цел да се добие Одобрение за отстранување на постојниот мост а во согласност со член 99 од Законот за градење, Економскиот оператор треба да изработи проект за отстранување на постоечкиот мост во кој ќе се даде техничко решение и опис за начинот на отстранување на мостот, со што нема да се влијае на стабилноста на земјиштето или можноста на оштетување на постојните инсталации, како и на транспортот и згрижувањето на градежниот отпад што се отстранува.

Основниот проект за отстранување на постојниот мост е предмет на Ревизија од страна на овластен ревидент ангажиран од УНДП.

Задача 3: Основен проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина – Општина Крива Паланка.

Техничкото решение на Основниот проект треба да претставува синтеза од сите неопходни области и фази: урбанизам, геодезија, геотехника, градежништво-патишта, хидрологија, хидротехника, градежни конструкции и сообраќај.

Во Основниот проект треба да се разработи траса на патот усвоена во Урбанистичкиот проект , каде што се дефинираат предвидената (претходна) брзина, конструктивните елементи на напречниот профил и граничните елементи на трасата и објектите во согласност со просторните услови на терен, важечките прописи и стандарди за проектирање на јавни патишта од локален карактер.

3.1. Од областа на Геодезијата потребно е да се изработи следното:

- Дигитални топографски карти;
- Изготвување на ажурирана геодетска подлога;
- Проектирање и изведба на оперативен полигонски влак;
- Изработка на Елаборат за геодетско обележување;

3.1.1 Нумеричко дефинирање на елементарните и деталните точки

Нумеричко дефинирање на елементарните (главни) и детални точки во апсолутен координатен систем преку нивните тековни координати (xi,yi,zi). Овие резултати да се искористат како основа за геодетско обележување на трасата на патот со цел поставување на аналитичка врска меѓу проектираната траса и геодетската основа (оперативниот полигон) во патниот појас.

Геодетските мерења да бидат подетални во зоната на мостот со подолжни и попречни профили на коритото на реката во зона 50 m возводно и 50 m низводно.

3.2. Од областа на Геотехника да се предложи соодветен обем на истражни работи со кои ќе се утврдат физичко – механичките карактеристики на теренот и влезните податоци неопходни за димензионирање на коловозната површина на локалниот пат.

Да се изработи Елаборат за геотехнички истражувања и димензионирање на коловозната конструкција кој ќе содржи:

- Инженерско-геолошки карти како подлоги за проектирање
- Картирање на теренот
- Геотехнички профили

- Физичко-механички својства на теренот

- Класа на теренот

Условите и класата на теренот на локацијата на патната делница потребно е да се дефинираат во согласност со морфолошките карактеристики, градбата на теренот претставена преку инженерско - геолошките и физичко - механичките карактеристики како и други урбанистички и просторни ограничувања.

- Геотехнички услови, снабдување со материјал

Согласно резултатите од геотехничките истражни работи кои ќе се изведуваат според посебна програма предложена од проектантот и ревидирана пред нејзино прифаќање од страна на Инвеститорот потребно е да се дефинира геотехничката - геолошката структура, градбата на теренот во зона на патниот појас со посебен осврт на зоната на мостот, а на места и пошироко за утврдување на стабилноста на теренот, утврдање на меродавните геомеханички карактеристики на природното тло, како и оние на материјалите од позајмишта и депонии со услови на нивната примена во патната конструкција (долен и горен строј на патот, објекти и др.).

3.3. Од областа на Градежништвото: Патишта, Конструкции и Хидротехника потребно е да се изработи, но да не се ограничи на:

3.3.1. Детални анализи и пресметки за:

- коловозниот профил – конструктивни пресметки на долниот (подтло, доколку е потребно подобрување), горниот строј во согласност со теренските и геомеханичките испитувања, сообраќајни оптоварувања, и климатските влијанија ;
- нивелациони односи на применетите елементи (земјани пресметки на ископи и насипи);
- наклони и пресметки за стабилност на косините на коловозниот профил;
- систем за одводнување , пропусти , каналетки и друго,
- детални пресметки на сите конструктивни елементи на новиот мост (темелење, столбови, коловозната плоча, дилатациони спојници и лежишта)

3.3.2. Нормални напречни профили и конструктивни детали со графичка презентација во размер 1:50 и деталите во размер 1:10 со следните елементи:

- широчина на одделни елементи на планумот и вкупна широчина на коловозниот профил,
- релативни нивелациони односи на применетите елементи,
- наклони и услови за обликување на косините на трупот,
- граници на ангажирано земјиште(патно земјиште),
- конструктивни решенија на долниот и горниот строј со типски детали,
- систем за одводнување и заштита со потребни детали,
- вид и положба на елементите на сообраќајно - техничката опрема на патот

3.3.3. Ситуационен план и надолжни профили

Графичките прилози во Основниот проект да бидат изработени со соодветен размер на прикажување, 1:1000 и/или 1:500, додека надолжните профили да се изработат во размер 1:1000/100 и/или 1:500/50. На ситуациониот план треба да се прикажат релевантните податоци за проектната геометрија во сите три проекции (елементарни и детални точки), како и комплетно претставување на патот и објектите во котирана проекција, со детален приказ на постојните

водови, објекти и одводнувањето на површинските и прибрежните води (во ситуационен план и во надолжен профил). Во рамките на овие активности да се изработи план за одводнување и заштита од површинските, подземните и прибрежните води.

3.3.4. Коловозна конструкција

На основа на релевантните параметри: сообраќајното оптоварување, климатските, топографските и геотехничките карактеристики на теренот, расположливите ресурси (природни и вештачки материјали), како и соодветна технологија на изведување на работите, да се изработи проект за избор, димензионирање и изведување на коловозната конструкција, подтлото – носив слој и горен слој.

3.3.5. Карактеристични и критични напречни профили

Напречните профили на патот да содржат: стационажа, број на профил, линија на терен, граници на слоевите со слични геотехнички особини, коти на нивелета, коти на лев и десен раб, елементи за одводнување и сл.

3.3.6. Хидролошки и хидраулички анализи и концепт за одводнување.

Да се извршат детални хидролошко-хидраулични анализи и пресметки, како што се: интензитетот на врнежите, карактеристиките на сливното подрачје, климатските и метеоролошките услови на локацијата долж проектниот опфат, топографијата, условите на почвата, условите на животната средина итн. За пресметка на одводнување на површината на патот и соодветните протоци за димензионирање на страничните одводи/канали, пропусти, проценка и пресметка на стабилноста на косините/наклонот или евентуални свлечишта.
Овие пресметки треба да се извршат врз основа на следните податоци: метеоролошки и хидролошки податоци и анализи за врнежите и големи води по суводолици со различна веројатност на појава (5, 10, 20, 50, 100 години) во сливното подрачје на суводолиците. Дополнително, да се даде осврт на режимот на врнежите – појава на дожд и топење на снег, нивно траење, висина и интензитет, со податоци од најблиската метеоролошка станица.
За ефикасно и рационално одводнување на површинските води потребно е да се изврши анализа на површинските води од коловозот и површинските води од околниот терен кои гравитираат кон коловозот, да се предвиди соодветен систем за одводнување со посебен акцент на водотекот на Селска Река кој гравитира кон патот, како и соодветни хидролошки и хидраулички анализи за потребите за димензионирање на АБ – Мост на Крива Река.

3.3.7. Инженерски конструкции и објекти

Да се изработат детални конструктивни пресметки на сите елементи на мостот (горен строј, долен строј и фундирање). Пресметките да се препорачува да се спроведат според македонските Еврокодови (МКС EN 1990-1999).

За анализите и пресметките на мостовската конструкција се препорачува да се користи адекватен лиценциран програм.

Да се дефинира сеизмичката категоризација и евентуалната сеизмичка микрореонизација, вклучувајќи позитивно мислење од страна на субјект кој врши научно-истражувачка дејност – научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија (мислење за проектиран степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на

градбата - МПС). За двете горенаведени активности, трошоците кон субјектот ќе бидат на товар на Инвеститорот – Општина Крива Паланка.

Дефинирање на коловозот во согласност со патот, хидроизолацијата на коловозната плоча, дилатациони спојници и лежишта. Да се даде решение за одводнување на атмосферските води од површината на мостот.

Во согласност со важечките прописи и стандарди пред пуштање на објектот во експлоатација, да се предвиди пробно товарење од овластена фирма за ваков вид на работи.
Во зависност од потребите да се изработи проектна документација за останатите инженерски конструкции (потпорни и заштитни ѕидови, заштита од одрони, свлечишта и слични конструкции за заштита на трупот на патот) и објекти (цевасти/или плочасти пропусти).

3.3.8. Обем на земјени работи и оптимизација на транспортот и вградување на земјениот материјал

На основа на дефинираниот ситуационен и нивелационен тек на трасата и резултатите од геотехничките истражувања во рамките на патот, да се пристапи кон детална оптимизација на земјените работи (распоред, транспорт, технологија на градење).

3.4. Од областа на сообраќајот да се дефинира сообраќајниот режим, хоризонталната и вертикална сообраќајна сигнализација и опрема на патот.

3.5. Технички спецификации за материјали и опрема - Интегрален дел на техничката документација е да се изработи детален технички опис и стандарди што треба да ги исполт сите предвидени материјали и опрема. Бројот (ознаките) на позициите од Техничките спецификации се прикажуваат во колона пред соодветните позиции од Предмерот.

3.6. Проектантот е должен да припреми Предмер на количини за сите предвидени работи со пресметки според пазарни единични цени во моментот на изработка на Проектот.

ГЛАВНИ РЕЗУЛТАТИ ОД УСЛУГИТЕ

Достава на ревидирана и одобрена техничка документаци до Инвеститорот:

Урбанистички проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина **;**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план треба да содржи документациона основа, плански дел и проектен дел и прилози: проектна програма, геодетски елаборат за ажурирана подлога и извештај од стручна ревизија.

- Документациона основа на проектниот опфат со сите достапни податоци за постојната состојба што се релевантни за конкретниот проектен зафат и вид на градба.
- Планскиот дел од урбанистичкиот проект содржи: урбанистичко решение на опфатот, регулациско и нивелациско решение, површини за градење со градежни линии, максимална височина изразена во метри, внатрешни сообраќајници, рампи, стационарен сообраќај и водови на инфраструктурата и други детални плански одредби.
- Проектниот дел на урбанистички проект за локален пат ги содржи идејните проекти за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонската и градежната (ниско градба сообраќај, одводнување и осветлување на патот доколку треба).

- Составен дел од урбанистичкиот проект: проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, извештај од извршена стручна ревизија, геодетски елаборат за ажурирана подлога со нанесена граница на проектен опфат
- Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план чијшто предмет на уредување е сообраќајна или друга инфраструктура, може да содржи и студии и претходни работи, како и подетална проектно-техничка документација за техничко-технолошките и градежни аспекти на градбата предмет на урбанистичкиот проект, доколку се тие потребни.

Основен проект за рушење – отстранување на постојниот АБ мост на Крива Река – Општина Крива Паланка;

Основен проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина , со следниве области – фази: геодезија, геотехника, патишта, хидротехника, конструкции и сообраќај;

Елаборати како дел од Урбанистичкиот и Основниот проект:

- Елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за проектниот опфат;
- Елаборат за заштита на животна средина;
- Геодетски елаборат за нумерички податоци;
- Геотехнички елаборат;
- Елаборат за Оперативен полигонски влак;
- Елаборат за заштита при работа;
- Изработка на Елаборат за експропријација на гарадежното земјиште во проектниот опфат;
- Други елаборати предвидени со постојната законска регулатива.

Напомена:

1) Понудувачот треба да достави биографии (CV) на сите горенаведени клучни инженери-проектанти. Недоставувањето на соодветна потврда за експертиза за секоја од областите за проектирање се смета за основа за дисквалификација.
– Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е *Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС* (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на документацијата за предметниот простор, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Просторот за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- На просторот за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно

управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина

- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Планскиот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за Државата;
- Капацитетите на туристичката понуда;
- Стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- Капацитетите за користење на природните ресурси.
- Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:
- Намената и користењето на површините;
- Мрежата на инфраструктура;
- Мрежата на населби;
- Заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се изработуваат за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, Општина Крива Паланка. Должината на трасата е околу 0,4 km.

Предвидената траса се сече со траси за кои се издадени:

- Елаборат за услови за планирање на просторот за поставување на подземна мрежа со кабел на подрачјето: Деве Баир-Ќафа Сан, со тех.бр Y07705.
- Услови за планирање на просторот за поставување на подземна инфраструктура инфраструктура за оптички кабел на трасата: Н. Ст. Петровец, Скопје, Куманово, Граничен премин Табановце и Куманово, Крива Паланка, Граничен премин Деве Баир, со тех.бр Y20407.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- **Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на идниот економски развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности.**
- **Изградбата на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- **Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**
- **При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- **Просторот каде се предвидува изградбата на локалниот пат поминува преку Крива Река. При изработката на проектно-планската документација за патот и нејзината реализација да се применуваат мерки со кои ќе се заштити просторот од појава на ерозија, порои и лизгање на земјиштето, односно да се избегнува деградирање на просторот преку сечење на дрва, уништување на вегетацијата, менување на пејзажот и сл.**

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Локацијата за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
- **За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.**

Урбанизација и мрежа на населби

- **Реализацијата на документацијата за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Домување

- **Реализацијата на документацијата за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, ќе овозможи поквалитетен стандард на домување во населбата од непосредната околина преку подобрување на инфраструктурна опременост (сообраќајна) во овој дел на регионот.**

Јавни функции

- **На предложената траса за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, нема организација на јавни функции (образование, култура, здравство, спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Република Македонија за дисперзија на индустријата во планскиот период и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во**

поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите на заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
  А2 - Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан.
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака:**
  Р2245 – Крива Паланка (врска со А2) – Осиче – Огут – гр со Р. Србија.
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Трасата за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на предметниот простор за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.

- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[3] на подрачјето на катастарските општини Конопница и Градец има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.**
- **При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство**

[3] МАНУ Скопје, 1996 г.

и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

- **Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.**

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Кратовско - Кривопаланечки туристички регион со утврдени 2 туристички зони и 7 туристички локалитети и низ неа минува транзитен коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.**
- **Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.**
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.**

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на локален пат од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина, КО Конопница и КО Градец, Општина Крива Паланка, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

југна

север-југ

северна

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат

Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ПОТВРДИ ЗА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 65428
Дата: 07.10.2024

До
ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП увоз-извоз ДОО Скопје
Булевар Киро Глигоров бр.4 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска,

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина, Општина Крива Паланка , Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-15/5-425 од 28.10.2024
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на **Техничка документација за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина.** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

EVN Group

Датум: 10/9/2024



ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
КРИВА ПАЛАНКА

ЈП„КОМУНАЛЕЦ"-КРИВА ПАЛАНКА
Адреса:Крива Паланка„Илинденска"бр.17
Телефон и факс:031-375 100Директор;375-747Комерција
Жиро сметка 320-1000050418-Централна Кооперативна Банка-Скопје
Жиро сметка 210-040270350130Тутунска Банка
Жиро сметка:240-3500013189-69Уни Банка
Е.Д.Б.МК4015989100876

До
ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО Скопје

Предмет: Одговор на Ваше барање на податоци, информации и мислења

Почитувани,

Во врска со Ваше барање со бр. 03-518/1 од 04.10.2024г. за доставување на информации , податоци и мислења за постоење на наши инсталации за потребите за изготвување на **Техничка документација за изградба на локален пат(со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина,** Ве известуваме дека ЈП „Комуналец "- Крива Паланка нема подземен катастар за да може попрецизно да се нанесат инсталациите, затоа е потребно да се излезе на лице место за да можат стручни лица од ЈП„Комуналец" заедно со претставник од Вашата фирма да ги прецизираат позициите на нашите инсталации.

Прилог
1. Подлога со нанесени инсталации.

Со почит,

Изработил
Мирјана Додевска
М. Додевска

Одобрил
Раководител на сектор,
Валентина Велеска

— ΦΕΚΑΛΛΑ ΚΑΝΑΛΙΖΑΣΙΟΝ Φ 160

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
БГ / Nr. 2001-4426/2
17-10-2024 Скопје-Shkup
год./vit

ДО

ЕУРО РОАД

„бул. Киро Глигоров бр.4"

1000 Скопје

Предмет: Одговор на барање

Во врска со вашиот допис бр.03-518/1 од 04.10.2024 година и број на постапка 65428 од е-урбанизам со кое барате податоци и информации, а кое Ви е потребно за изработка на **Проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина, Општина Крива Паланка,** ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје, Ве информира следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од пружниот појас на железничката пруга, но е во заштитниот појас на идната железничка пруга Крива Паланка – Р.Бугарија.

При реализација на горенаведениот проект ве информираме дека треба да се почитуваат одредбите од Законот за железнички систем (Службен Весник на Р.Македонија бр. 48/10 и неговите измени и дополнувања) и законот за сигурност во Железнички систем (службен весник на Р. Македонија бр. 48/10 и неговите измени и дополнувања) во однос на заштитното растојание на објекти од железничка пруга.

Со почит,

Пом. Директор за пруги

Зоран Стојанов

Изработил: Ангел Мијајлевски

Проверил : Ѓорѓи Пушев

Согласен: Дритон Руси

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

ЕУРО РОАД ДИЗАЈН

бул. Киро Глигоров бр.4

Скопје

Бр.11-6439/1

09.10.2024

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.03-518/1 од 04.10.2024 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 04.10.2024 година со број на постапка 65428 (наш број 11-6439 од 04.10.2024 година) за податоци и информации потребни за изработка на Техничка документација за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина во Општина Крива Паланка, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Весна Чингоска

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Бр/Nr. 10-10770/2

Скопје/Shkup 15-10-2024 година/viti

ДО ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО
Бул. Киро Глигоров бр.4
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 03-518/1 од 04.10.2024год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Техничка документација за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-10770/1 од 08.10.2024 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесен опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот проектен опфат се приклучува на магистралниот пат А2 (М-2), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса. Напоменуваме дека приклучокот на локалниот со магистралниот пат се дозволува со вртења само десно-десно.

Со почит,

В.Д. Директор
Коце Трајановски

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каракалашев
Одобрил: Зоран Велков

09 Октомври 2024 година

Арх. број 09 – 130/2

До ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО
СКОПЈЕ

Предмет: Податоци и информации,
Доставува-.
Врска: Ваш акт број 03-518/1 од 04.10.2024 година
Број на постапка 65428 (е_урбанизам)

Согласно член 47 став (1) и (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), **Подрачното одделение за заштита и спасување Крива Паланка** д о с т а в у в а

Податоци и информации

За изработка на техничка документација за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в Крстата падина, општина Крива Паланка.

1. **На опфатот од проектот** нема објекти и инсталации од областа на заштитата и спасувањето. Немаме сознанија за присуство на неексплодирани убојни средства.
2. **Заштита и спасување од свлечишта**

Да се превземат потребни испитувања за стабилноста на земјиштето и да се превземат потребни мерки за заштита од свлечишта.

3. **Заштита и спасување од пожари**

Да се предвидат посебни мерки за заштита од пожари според постоечките законски прописи.

4. **Заштита и спасување од поплави**

Да се превземат мерки за заштита од поплави односно регулирање на атмосферските води, суводолици и постојните водотеци.

5. **Заштита и спасување од урнатини**

Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства.

Подготвил: Бранислав Јовевски

Branislav Jovevski
Digitally signed by Branislav Jovevski
Date: 2024.10.09 08:50:00 +02'00'

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Раководител на ПОЗС Крива Паланка
Митко Ангеловски

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Крива Паланка
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Kriva Pallankë

ул. „Свети Јоаким Осоговски бр.175
Република Северна Македонија
Rr. "Shen Joakim Osogovski" 175
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 31376744
www.dzs.gov.mk
Krivapalanka@dzs.gov.mk

Наш број: 1404-2972/2
Скопје 13 . 12.2024 г.

ДО:
ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП
ДОО увоз-извоз Скопје
бул. „Киро Глигоров " бр.4
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваше барање бр. 03-518/1 преку е- урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на Проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата падина, Општина Крива Паланка, према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

III. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

1. ВОВЕД

По барање на Инвеститорот Општина Крива Паланка, Република Северна Македонија, изработен е Идеен проект за изградба на локален пат со аб мост на Крива Река од спој со А2 до м.в. Крстата Падина, Општина Крива Паланка. Според експлоатационите критериуми, режимот и видот на сообраќајот, објектот на предметната локација се третира како мост од III-категорија (мостови на останати патишта).

Предмет на овој дел од техничката документација е изработка на Идеен Проект за објект кој ќе се обезбеди непречено функционирање на жителите и сите посетители на селото, а воедно ќе овозможи и слободно поминување на водите на Крива Река.

Идејниот проект е презентиран низ следните главни содржини:

I Општ дел
II Проектен дел
1. Технички извештај
2. Технички опис

III Графичкидел
- Решение на трасата
- Архитектура на објектот
- Детали

За изработка на проектот користени се следниве подлоги:

- Елаборат од извршени геотехнички испитувања и истражувања на локација предвидена за изградба на аб мост на Крива Река на локален пат од спој со А2 до м.в. Крстата Падина, Општина Крива Паланка, изработен од Еуро Роад Дизајн Груп доо Скопје, Јули 2024г.;
- Геодетска снимена ситуација со решение на траса;
- Проектна документација за Регулација на речното корито;
- Правилник за технички нормативи за товари на носиви градежни конструкции (Службен весник на СФРЈ 26/88);
- Правилник за технички нормативи за проектирање и пресметка на инженерски објекти во сеизмички активни подрачја (1987 год. нацрт правилник);

ıroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

- Правилник за технички нормативи за одредување товари кај мостови (Службен весник на СФРЈ 1/91);
- Правилник за бетон и армиран бетон (Службен весник бр.11/1987 год.);
- Правилник за содржина на проектите, означување на проектот, начин на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи (Службен весник на РМ бр.71/2009 год.).

2. ПОДАТОЦИ ЗА МЕСТО НА ПРЕМИНОТ

Предметната локација за новопредвидениот АБ мост се наоѓа во непосредна близина на Општина Крива Паланка, односно во правец од Крива Паланка кон место викано Крстата Падина. Освен АБ мостовска конструкција, предвидена е изградба и на дел од локален пат, од спој со А2 до м.в. Крстата Падина, кој ќе обезбеди непречено функционирање на жителите од селото.

Новопроектираниот АБ мост претставува монолитна конструкција од три распони, со широчина на светол отвор L=11,60 m, статички систем рамка составена од АБ крајни ѕидови-платна, средни столбови, АБ коловозна плоча и паралелни крилни ѕидови од двете страни на коловозот.

Сл.1. Поставеност на објектот во Google ситуација во терен

ıroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

3. ДИСПОЗИЦИОНО РЕШЕНИЕ

Диспозиционото решение на мостот произлегува од сообраќајното решение и теренските услови на трасата, како и насоките дадени од проектната програма.

Коловозната конструкција е со ширина 3,50 m. Лево и десно од коловозната површина поставени се парапети за пешачка ограда со вкупна широчина од 0,25 m, така што вкупната ширина на објектот е 0,25m+3,50m+0,25m=4,00m.

Предвидени се крајни столбови со паралелни крила во однос на основната траса S1(K1 и K2) и S4 (K3и K4), средни столбови S2 и S3,темелени на плочасти темели T1-T4. Крилните ѕидови се со минимални димензии и се поставени се со цел за да може да се изведе насипот на патоти негово уклопување со постоечката состојба на патот.

4. КОНСТРУКТИВНО РЕШЕНИЕ

Конструктивното решение претставува целосно монолитна рамовска конструкција од три распони и истото е избрано со цел да се добие економски најисплатливо решение.

Димензионирањето на армиранобетонските пресеци е извршено според теорија на гранични состојби на носивост и употребливост во согласност со Правилник за техничките нормативи за бетон и армиран бетон 87. Оптоварувањето на конструкциите е извршено согласно Правилникот за оптоварување на мостовски конструкции. Пресметката на конструкцијата е извршена програмски во просторен модел со програмскиот пакет RADIMPEX TOWER 6.

а) Конструктивно решение – горен строј

Горниот строј го сочинува АБ коловозна плоча со чист распон од L=35,60 m, односно осовински распон L_{stat}=36,00 m. Дебелината на плочата изнесува d=80 cm по цела должина.

На објектот предвидено е да се вгради заштитна ограда за задржување на возила. За правилно прицврстување на оградата се изработува парапетна греда, која се изведува монолитно и се поврзува со коловозната плоча.

Анкерувањето на заштитната ограда на мостот се врши во парапетната греда, а пред и по мостот во насипот.

На парапетната греда се монтира / прикачува типска заштитна одбојна ограда во согласност со стандардот MKS EN 1317, со степен на задржување H1 и класа на подрачјето на дејствување W5-A.

ıroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449



Сл.2. Карактеристичен попречен пресек (горен строј на к-ција)

б) Конструктивно решение – долен строј

Долниот строј го сочинуваат: крајни столбови-платна со константен пресек по висина d=40 cm и крилни ѕидови исто така со константен пресек d=40 cm, како и средни столбови со константен пресек d=40 cm.

Крајните и средните столбови долу се вклештени во АБ темел, лево и десно на крајните столбови се вклештени крилните ѕидови, а на горниот дел е формирана належна греда за налегнување на преодните плочи и формирање на добра врска со АБ коловозната плоча.



Сл.3. Подолжен пресек на АБ мост

.rroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

в) Фундирање

Според наведените податоци за слоевите на почва на дадената локација во Геотехничкиот елаборат, утврдено е дека фундирањето ќе се спроведе во слојот од дробина до степен на прашинестопесоклив чакал GW (Dr), со дозволено напрегање од максимум 200,00 kPa, со следниве физичко-механички карактеристики:

➢ γ=21.00 kN/m3-волуменска тежина;

➢ φ=30.00°-агол на внатрешно триење;

5. ТОВАРИ

При пресметката на конструкцијата анализирани се сите типови на товарни случаи. Истата е оптоварена со сите вертикални постојани, корисни, подвижни товари; и хоризонтални товари од ветер, сила од кочење температурни промени, собирање и течење, сеизмички влијанија и земјан активен и сеизмички притисок кои делуваат врз конструкцијата.

- Постојани вертикални товари: Сопствена тежина, асфалт, хидроизолација, ограда и рабници, парапети.
- Корисни вертикални товари: шема на товарење за V300 во три позиции (подвижен товар со динамички коефициент за анализа на горен строј, без динамички коефициент за анализа на долен строј); и товар од навала на луѓе.
- Хоризонтални товари: Сеизмика (VIII-степен по МКС скала), ветер, сили на кочење, температура, сили на собирање и течење.
- Земјан притисок: активен притисок влијание врз столбовите, крилата и темелите; земјан притисок од возило пред и после мост, и активен земјан сеизмички притисок согласно прописите за инженерски објекти.

6. СТАТИЧКО РЕШЕНИЕ

Објектот е проектиран за подвижни товари V300 соодветно категоријата на објектот.

Материјалите за насип треба да ги имаат следните карактеристики: γ=21 kN/m^3, φ=30° и Mv=80.MPa. Истите е потребно да се потврдат при изведба на објектот.

Статичкото решение и димензионирање на армиранобетонските конструктивни елементи од хоризонтални и вертикални оптоварувања е изработено во Tower 6. Притоа е третиран просторен модел, со сите негови

ıroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

конструктивни елементи, вклучувајќи ги и темелите, како елементи на апсолутно крута подлога.

За поврзување на трупот на патот на крајните столбови се предвидени преодни плочи со должина L=3,50 m. Од статички аспект, тие се третирани како плоча на еластична подлога и нивните реакции се пренесени во пресметката за мостовската конструкција.

Димензионирањето на армиранобетонските пресеци е извршено во согласност со ПБАБ 87. За усвоената арматура извршена е контрола на напрегања и гранични состојби на употребливост (угиб и прснатини) согласно наведените технички правилници. Со усвоените пресеци на конструктивните елементи и усвоената потребна арматура, конструкцијата ги задоволува условите за носивост и употребливост при експлоатација на објектот.

7. ОСТАНАТИ РАБОТИ

а) Коловоз

Предвиден е коловоз од асфалт со дебелина d=7,00 cm и хидроизолација со максимална дебелина d=1,00 cm.

б) Одводнување на објектот

Одводнувањето на објектот се одвива по проектираните попречни и подолжни наклони на патот, нема потреба од дополнителни сливници на објектот. Предвидени се каналети пред и после мостот за прифаќање и одведување на површинските води.

в) Фуги на мостовската конструкција

На оградниот систем предвидени се фуги во самата метална конструкција.

На горниот строј предвидена е фуга единствено на спојот на преодната плоча со крајниот столб, затварање на истата со трајно еластичен кит, и истата не ја прекинува асфалтната површина.

г) Заштита на бетонските површини

На коловозната површина предвидена е хидроизолација од полимеризирани битуменски траки поставени врз армирано бетонската плоча: помеѓу оградните елементи попречно и по цела должина на објектот.

Бетонските површини во контакт со природната почва и насипот се заштитуваат со средства соодветни на влажноста и агресивноста на средината.

ıroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

Истите се предвидува да се заштитат со средства на база на цемент “инфлекс” или слично пред се заради зголемување на отпорноста во поагресивни средини.

8. ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ

Согласно со Чл.287-РВАВ 87 со проектот се одредува временскиот интервал за контролни прегледи на објектот во експлоатација.

За следење на евентуалните неправилности во конструкцијата поставени се фиксни точки репери, на двете страни од објектот на столбовите и во средината на полето на конструкцијата.

Напомена: Изведувачот на работите пред почетокот на изведување на објектот мора да ја проучи целокупната документација и да ја почитува законската регулатива за заштита при работа за изведба на ваков вид на објекти.

Одговорен проектант,

Александра Митровска Стојков, дипл.град.инж.

ıroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

ТЕХНИЧКИ ОПИС

ТЕХНИЧКИ ОПИС ЗА КОНСТРУКЦИЈАТА

1. ПРИПРЕМНИ РАБОТИ

Под припремни работи се подразбираат сите активности неопходни за отпочнување на градба на овој објект.

1.1. Претходни испитувања на материјалите

Пред отпочнување на изведбените работи потребно е да се посвети внимание на претходни истраги на материјалите за изведба, предвидени со овој основен проект.

За изведба на земјани работи потребно е да се имаат во предвид геотехничките истраги извршени за овој објект, геотехничкиот елаборат за предметната локација, елаборатите за позајмишта за насипи, локациите за депонии од каде што може да се добијат попрецизни податоци за постоечките и применетите материјали.

За изведба на бетонските работи потребно е во рамките на Проектот за бетон да се дадат податоци за сите негови составни компоненти, како и да се дадат параметри за контрола на цементот, водата, агрегатот и додатоците.

За изведба на армирачките работи потребно е да се обезбедат атести за арматурата.

За изведба на останатите работи (хидроизолации, облагање и сл.) потребно е Изведувачот да располага со атести за материјалите применети за овој објект.

Посебно Изведувачот треба да ја има во предвид договорната документација со Инвеститорот (т.н. тендерска документација) во која што попрецизно треба да се дефинирани односите помеѓу Извадувачот и Инвеститорот во поглед на примената на соодветните материјали за градење.

1.2. Организација на градилиште

Организацијата на градилиштето треба да обезбеди потребен простор на местото на градење за остварување на технолошките процеси предвидени за изведба на овој објект.

www.euroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

2. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ И ГЕОДЕТСКИ МЕРЕЊА

Во проектот се презентирани доволен број геодетски податоци за обележување на објектот. Дадени се сите потребни висински коти на делови од конструкцијата како и координати на поедини точки за прецизно поставување на објектот.

Во тек на изведба хоризонталната и вертикална положба на поодделните конструктивни елементи се контролира со геодетски инструменти. Не се дозволени поголеми одстапувања од±10 mm.

3. ЗЕМЈАНИ РАБОТИ

Под земјани работи во рамките на овој Основен Проект се предвидени: ископ за темели со формирање на градежна јама, насипување околу темелите како и насип помеѓу крилни ѕидови односно насип под преодни плочи за уклопување со трупот на патот.

При изведба на работите Изведувачот треба да го има во предвид геотехничкиот елаборат со геотехнички истраги за предметниот објект, односно карактеристиките на вградените материјали од предвиденото позајмиште.

3.1. Ископ на темели и формирање на градежна јама

Формирањето на градежна јама подразбира активности за непречено изведување на ископот на земјан материјал за изведба на темелите.

Најпрво се пристапува кон изведба на широк ископ односно расчистување на теренот и хумусната почва. Потоа се пристапува кон изведба на ископ во "земјаниот материјал" за оформување на градежните јами за поодделните темели. Ископот на овие јами за темели е со наклон на косините 1:1 како што е прикажано во приложените детали.

Се препорачува постапка за технички прием на градежната јама од овластени стручни лица на Инвеститорот. При приемот на градежната јама, стручните лица би требало со соодветна постапка да ги проверат претпоставките и параметрите од истрагите во геотехничкиот елаборат.

3.2.Насипување околу темелите

Насипувањето околу темелите се врши во границите на оформената градежна јама до кота на околниот терен.

www.euroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

Материјалот за насипување околу темелите треба да ги има следните карактеристики: γ=21 kN/m^3, φ=30^o и Mv=80 MPa. Истите е потребно да се потврдат при изградба на објектот.

Насипувањето се извршува во слоеви од по 30cm со материјал пропишан во проектната документација, за кој е потребна минимална енергија на збивање. Збиеноста се контролира со теренска метода според пропишани технички услови.

Насипувањето околу темелите може да отпочне по комплетна изведба на столбовите.

3.3. Насипување помеѓу крилни ѕидови и крајни столбови

Насипувањето меѓу крилните ѕидови се извршува со материјал дефиниран во проектната документација. Во статичката пресметка насипот е земен со следниве карактеристики: γ=21 kN/m^3, φ=30^o и Mv=80 MPa.

Насипувањето се извршува во слоеви од по 30 cm, во зависност од расположливата механизација на Изведувачот, при што максималната големина на зрната се ограничува на ½ од висината на слојот. Материјалот при вградувањето да има оптимална влажност.

Контролата на постигнатата збиеност да се врши со соодветни испитувања за секој слој, пришто бараната збиеност за секој слој да изнесува: за завршен слој во висина од 2 m под нивелетата 100% во однос на модифициран Прокторов опит; за слоевите од дното на темелот до 2m под нивелетата 95% во однос на модифициран Прокторов опит.

Бараната збиеност да изнесува 100% од максималната волуменска тежина во сува состојба добиена по модифициран Прокторов опит, додека бараниот модул на стисливост со кружна плоча Ø300 mm да е поголем од 80 MPa.

4. БЕТОНСКИ И АРМИРАНО-БЕТОНСКИ РАБОТИ

Под овој вид работи се подразбираат работите за оплатирање, бетонирање, армирање и заскелување на конструктивните елементи.

Покрај препораките во воведниот дел општо за бетонските работи, опишани се и проектантските мислења како критериуми за изведба како поодделно за секој конструктивен елемент. Се подразбира дека Изведувачот практично коурира со сопствената технологија за квалитетна изведба на овој вид работи. Начинот на контрола ја пропишува Инвеститорот, а во согласност со Проектот на бетон, односно во рамките за контрола на објектите под траса.

www.euroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

За успешно извршување на бетонските работи, согласно ПБАБ87, Изведувачот е должен да изработи Проект за бетон, во кој што се дефинирани: производство, вградување и нега на проектираниот бетон како и начинот на контрола на свежиот односно стврднатиот бетон и составните делови.

Бетоните кои се проектирани за конструктивните елементи на објектот се МБ30, М100, за сите конструктивни елементи од горен и долен строј. Сите подбетони во конструкцијата се предвидени да се изработат од МБ20.

4.1.Општи услови за изведба на бетонските и армирано-бетонските работи

Општите услови за бетонските работи се однесуваат за сите конструктивни елементи и потребно е да бидат земени во предвид во Проектот за бетон.

Покрај изнесените технички услови за изведување и критериумите за оцена на квалитетот на материјалите, Изведувачот е должен да се придржува и кон важечката техничка и законска регулатива за бетонски и армиранобетонски работи.

Во рамките на овој Основен Проект под општи услови ќе бидат обележани и одредени препораки како потсетник за Изведувачот.

4.1.1. Изработка на кофражот-оплатирање

Конструирањето на оплатата мора де е во согласност со плановите за оплата на поодделни конструктивни елементи.

Димензиите на оплатата како и средствата за потпирање и поврзување на оплатата мора да се во согласност со МКС.У.Ц9.400.

Проектираната оплата и употребата на средствата за заштита на истата треба да обезбедат идеално мазна површина.

Изведувачот ја проектира оплатата согласно на горенаведеното и усвоената технологија на градба презентирана низ Проектот за бетон.

Притоа во периодот на оплата секако треба да се имаат во предвид барањата искажани преку презентираните детали и овој технички опис, за сите конструктивни елементи поодделно.

4.1.2. Бетонирање

а) Претходни испитувања на составните материјали

Пред отпочнувањето на работата Изведувачот мора да располага со доволен број на разновидни претходни истраги како на материјалите за бетон (агрегат,

www.euroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

цемент, вода и податоци) така и на свежиот, односно стврднатиот бетон, согласно со важечките прописи и стандарди. Со други зборови Изведувачот треба да има искуство со веќе оформена фабрика за бетон, со перманентни годишни испитувања, трајни снабдувања со цемент и агрегат и оформено долгогодишно производство. Претходните истражувања гарантираат дека барањето за бетоните од овој проект, односно Проект за бетон изработен од Изведувачот, ќе биде успешно реализирано. Покрај претходни испитувања, треба да има и контролни испитувања.

б) Производство, транспорт и вградување на бетонот

Производство, транспорт и вградување на бетони по поодделни позиции треба да се разработи врз база на претходни истраги, а во согласност со барањата на овој проект и презентира во Проект за бетон, и во согласност со ПБАБ-87.

Транспортот на бетоните мора да се извршува со соодветни современи и пред се исправни транспортни средства и да е проследено со оформен начин на контрола.

Вградување на бетоните во конструкциите подразбира вградување на свежа бетонска маса како и збивање на истата. Вградувањето на бетонот во оплатата за конструктивните елементи мора да се извршува низ посебни помошни средства “олуци”, доколку не се користи пумпа за бетон. Вградувањето треба да се врши во слоеви максимум 30-50cm.

Со збивањето мора да се обезбеди хомогена бетонска маса којашто ќе ја исполни оплатата во целост, а посебно заштитниот слој околу арматурата.

Вградувањето и збивањето треба да се во согласност со конструкциите што се изведуваат, а исто така и со конзистенцијата на свежата бетонска маса, што секако упатува уште еднаш на корелација меѓу овој Основен Проект и Проектот за бетон

в) Нега на вградените бетони

На вградениот бетон мора да му се овозможат услови за процесот со хидратација нормално да се одвива како би се запазиле бараните карактеристики на проектираниот бетон.

Негата се пропишува со Проект за бетон пришто треба да се имаат во предвид сите фактори што доведуваат до пребрзо сушење на бетонот. Пропишано е вадење на оплатата во согласност со конструкциите што се изведуваат.

Негата како битен фактор за квалитет не смее да се занемари. Во зависност од проектираниот бетон и временските услови се пропишува и времето на негување коишто треба да трае минимум 7-14 дена.

г) Припрема на подлогата

Припремање на подлогата е предвидено при прекини на бетонирање кај работни спојници. Притоа предвидено е отстранување на сите неврзани делови од цементното млеко и агрегатот со штемовање. Пред второто нанесување на бетонот, Потребно е подлогата да се навлажни, но не и да биде мокра. Обработената подлога треба да има рамни рабови, а на површината испакнати делови од врзаниот агрегат. Пред бетонирањето се препорачува подлогата да се премачка со “u” врска.

д) Завршна обработка

Бетонските површини што не се оплатирани завршно се обработуваат така да површината биде идеално мазна.

4.1.3. Армирачки работи

За армирање на бетонските конструктивни елементи се употребуваат арматурни прачки со дијаметар Ø<12mm и Ø>12mm од 240/360– глатка арматура и од РА 400/500-2 –ребраста арматура.

Пред почнувањето на армирачките работи потребно е да се извршат испитувања на арматурата по дијаметри и да се контролираат најважните карактеристики: јакост при кинење, граница на развлекување, издолжување при кинење и контракција. Задолжително треба да се изврши контрола на квалитетот на заварувањето на наддадената арматура.

Арматурата која се употребува во елементите од објектот треба да ги задоволува условите за квалитет дефинирани во ПБАБ-87 и важечките стандарди: МКС Ц.К6.020/87, МКС Ц.К6.120/86, МКС У.М1.091/80, МКС У.М1.092/87, МКС Ц.А4.035/66. Арматурата која се употребува за изработка на елементите од конструкцијата треба да биде беспрекорно чиста и прецизно изработена согласно арматурните детали.

Пред приготвувањето на арматурата потребно е да се контролираат должините дадени во арматурните планови. Монтажата на испорачаната арматура треба да биде прецизно извршена водејќи сметка за меѓусебните растојанија на одделните арматурни прачки како и за заштитните слоеви. За таа цел треба да се употребуваат цементни држачи и подметки- дистанцери.

4.1.4. Заскелување

Челичната цевна скела претставува привремена конструкција за превземање на товари од оплатата и свежо вградениот бетон. Исто така се користи и за привремено фиксирање на долгите арматурни прачки.

Заскелувањето се изведува врз база на проектна документација со внимателно конструирање и димензионирање.

Поединечните цевки може да прифатат главно центрични притисоци, додека при екцентричен притисок носивоста им се намалува.

На располагање на Изведувачот најчесто му се: цевна скела 48,3 mm, Y=4,05 mm (МКСС.В. 5222 и DIN 2441) и цевна скела 48,3 mm, Y = 3,50 mm (МКСС.В. 5222 и DIN 2440).

Посебно внимание е потребно при изведувањето на меѓусебните споеви затоашто со невнимателно ракување може да се загрози носивоста, а со тоа и безбедноста. Не би требало да се во употреба цевни скели, спојки и навртки зафатени од корозија.

Пред изведба се препорачува проверка на декларираните карактеристики за материјалите што се во употреба.

4.2 Посебни услови за изведување бетонски и армирано-бетонски работи

4.2.1. Армирано бетонски темели под крајни столбови

Најпрво се извршува бетонирање на подлога од бетон за израмнување на подлогата под темелот. Пред отпочнување на бетонирањето потребно е да се вгради проектираната арматура и постави предвидената оплата, а оплатата да се исчисти.

Арматурата за темелите се поставува врз дистанцерите предвидени за оваа позиција. Со оглед на дебелината на темелните плочи предвидени се дистанцери во вид на столици, за арматурата во горна зона. Исто така и арматурата за крајните столбови и крила се поставува во проектираната подлога согласно арматурните детали кои се во склоп на проектната документација. За монтирање на арматурата проектирана без анкери доколку е потребно да се предвиди скела со можност за фиксирање на арматурата во проектираната положба.

Меѓусебното поврзување на арматурните прачки како и фиксирањето за оплатата треба да овозможи стабилност и непоместливост на арматурата при вибрирањето на бетонската маса. Поставеноста на арматурата согласно арматурните детали ја контролира стручно надзорно лице овластено од Инвеститорот.

Изведбата на темелите е предвидена без работни спојници.

Оплатата треба да ја обезбеди формата на проектираниот бетонски волумен во текот на изведување. Избраната оплата треба да гарантира мазни бетонски површини, на кои подоцна ќе може да се нанесе хидроизолација.

Не се дозволува истекување на цементното млеко на меѓусебните врски. И покрај добриот пристап до градежната јама, сепак се препорачува вградувањето на бетонот со помошна пумпа за бетон во слоеви од 30-50cm пред се заради дебелината на бетонскиот пресек. Нанесувањето по широчината и должината треба прецизно да е обработено во Проектот за бетон. Во Проектот за бетон потребно е да се дадат и параметри за оцена на свежата бетонска маса посебно значајни за оваа позиција (конзистенција по метод на "Slamp", почеток и крај на врзување и др.)

Збивањето на свежата бетонска маса потребно е да се обработи во Проектот за бетон каде што во согласност со предвидената технологија на вградување потребно е да се пропишат средствата за збивање и времето на збивање на пооделните слоеви, пришто треба да се има во предвид и почетокот и крајот на врзување на свежата бетонска маса.

Потребна скела се планира за работни платформи и оплатирање на крајните столбови и крилни ѕидови за задржување на правецот на монтираната арматура доколку има потреба. Скелата во прва фаза се монтира надвор од габаритот на темелот, а за втора фаза може да налегнува на веќе изведен темел.

4.2.2. Крајни столбови и крилни ѕидови

Со Основниот проект се предвидени крајни столбови кои завршуваат со крилни ѕидови, и истите се во вид на АБ ѕидови-платна.

Бетонирањето на столбот и крилните ѕидови е предвидено да се изведува со што помал број на работни спојници. Прво се бетонира делот од столбот и крилниот ѕид во една фаза до нивото на "скриената" належна греда, т.е. непосредно под нивото на коловозната плоча. Во втората фаза се добетонира горниот дел на столбот заедно со остатокот од крилните ѕидови и коловозната плоча. И на крај како последна фаза се бетонираат парапетите по целата конструкција.

Се препорачува вградување на бетонот со помош на пумпа за бетон во слоеви од 30-60cm. Вградувањето и збивањето потребно е точно да се опишат со Проектот за бетон, водејќи сметка за почетокот и крај на врзување на бетонот, каде што во согласност на предвидената технологија на вградување потребно е 8-12h по бетонирањето да се чисти цементното млеко како и сите неврзани делови. Во Проектот за бетон мора да се даде можност на оцена на свежата бетонска маса (конзистенција, почеток и крај на врзување и сл.)

Дел од главната арматура за крајните столбови и крилните ѕидови со дел од разделната арматура е веќе вградена во текот на изведбата на темелот и треба да биде фиксирана на проектираната положба со потребна скела. Останатата арматура се монтира во согласност со предвидената технологија на оплатирање односно според предвидените фази на бетонирање, така да се овозможи непречено

вградување на бетонската маса. Заштитните слоеви се оформени со дистанцери предвидени за оваа позиција. Арматурата за належната греда и парапетите треба да се вградува по завршеното бетонирање на телото на столбот и третманот на работната спојница.

При изведбата крајните столбови се оплатираат заедно со крилните ѕидови. Оплатирањето може да се изведе класично, но и со степенасто поместлива оплата.

Предвидениот начин на оплатирање треба да биде во согласност со поставената скела за фиксирање на вградената арматура, и со предвидениот начин на бетонирање по фази. Избраната оплата треба да гарантира мазни бетонски површини погодни за нанесување на предвидената хидроизолација и да не го нарушуваат визуелниот ефект на видливата страна

Потребно е да се предвиди потребна скела за работни платформи за евентуално потпирање на проектираната оплата особено за конзолниот дел на крилните ѕидови.

4.2.3. Изработка на коловозна АБ плоча

Во овој Основен Проект предвидена е армирано-бетонска плоча како главен носив елемент од горниот строј со дебелина d=80cm.

Покрај условите зададени со овој технички опис Изведувачот треба да се придржува и кон општите услови за изведување на бетонски и армирано-бетонски работи, според ПБАБ-87.

За изведување на оваа позиција потребно е да се обезбедат подвижни работни платформи за движење на работниците и опрема за сите технолошки процеси, бетонирање, армирање и оплатирање за успешно и непречено извршување на работите.

Исто така Изведувачот треба да ги проучи и деталите за ограда и да ги обезбеди потребните мерки за изведување на оваа позиција.

Со проектот за оплатирање треба да се обезбеди оформување на проектираниот волумен предвиден за оплата, лесна монтажа на елементите од оградниот систем и лесна монтажа и демонтажа на страничната помошна оплата како и нејзина хоризонтална и вертикална стабилност.

Армирањето е предвидено да се изведува со ребраста арматура на класичен начин. За поставувањето на арматурата потребно е да се обезбедат работни платформи за движење на работниците. За поставување на арматурата во проектираната положба потребно е да се проучат арматурните детали и да се обезбедат дистанцери. За одржување на проектираната положба потребно е да се

преземат мерки за меѓусебно поврзување на арматурните прачки, при што треба да се има во предвид вибрирањето на свежата бетонска маса.

Вградувањето на свежиот бетон по можност се извршува со пумпа за бетон.

Конзистенцијата на свежата бетонска маса треба да е прилагодена на предвидениот начин на вградување. Заради обезбедување на континуитет на армирано-бетонската плоча потребно е да се дефинира почетокот и крајот на врзување во согласност со времето потребно за вградување и збивање. Притоа треба да се има во предвид широчината на појасот предвиден за вградување и времето потребно за дотур на свежа бетонска маса.

При проектирањето на конзистенцијата на свежата бетонска маса, Изведувачот треба да го има во предвид подолжниот и попречниот наклон на завршната површина. За подолжниот и попречниот наклон секако треба да се води сметка при изборот на почетокот и крајот на процесот на бетонирање.

Се препорачува користење на вибро летва за збивање на свежата бетонска маса. Се напоменува бетонирањето да се извршува во чист кофраж подготвен за нанесување свеж бетон. По 8-16h од извршеното бетонирање потребно е работните спојници да се обработат со отстранување на цементното млеко и неврзаните делови од агрегатот.

4.2.4. Ограден систем

Со овој Основен проект предвидена е да се вгради заштитна ограда за задржување на возила во согласност со стандардот MKS EN 1317, со степен на задржување H1 и класа на подрачјето на дејствување W5-A. За правилно прицврстување на оградата се изработува парапетна греда, која се изведува монолитно и се поврзува со коловозната плоча.

Анкерувањето на заштитната ограда на мостот се врши во парапетната греда, а пред и по мостот во насипот. Во наредните фази на изведба на објектот, откако ќе биде избран Изведувач кој ќе понуди ограда од конкретен производител, истиот ќе има обврска да ги провери условите за анкерување на оградата и доколку предложените услови во проектот не задоволуваат, заедно со Проектантот ќе изврши корекција на деталот за парапетната греда за анкерување.

5. ОСТАНАТИ РАБОТИ

5.1. Коловоз

Предвиден е коловоз од асфалт-бетон со дебелина d=7,00 cm и хидроизолација со дебелина d=1,00 cm. Истата се изведува согласно техничките нормативи предвидени за ваков тип на објекти.

5.2. Одводнување на објектот

Посебно одводнување на објектот не е предвидено истиот се одводнува преку проектираните подолжни и попречни наклони на коловозот и каналети за одведување на површинските води пред и по мостот.

5.3. Фуги на мостовската конструкција

Бидејќи објектот претставува монолитна градба АБ рамка класични дилатации не постојат. Фуги се јавуваат само кај деловите на спој преодна плоча – краен столб и истите се затвараат со трајноеластичен кит кој што има добра атхезија за бетонската подлога и отпорност на високи температури создадени при нанесување на коловозот од асфалт-бетонот. Применетите еластични китови се нанесуваат со постапка пропишана од Производителот.

5.4. Заштита на бетонските површини

Во овој Основен проект се предвидени следните типови на заштита на бетонските површини:

5.4.1. Хидроизолација врз коловозна плоча

Хидроизолацијата се изведува помеѓу армиранобетонските парапетни греди попречно и од едниот до другиот краен столб подолжно на објектот.

а) Припрема на подлогата

Подлогата за хидроизолација е самата АБ плоча. Нејзината горна површина потребно е да е идеално мазна, сува и исчистена пред нанесување на хидроизолацијата. Овластено надзорно лице од страна на Инвеститорот треба да ја исконтролира подлогата пред нанесување на хидроизолација.

б) Изведба

Изведбата може да биде со ладна, односно топла постапка. Се изведува на начин пропишан од страна на Производителот. Се препорачуваат хидроизолации од полимеризирани битуменски ленти. Самата хидроизолација треба да задоволува

одредени физичко-механички карактеристики како што се: јакосните карактеристики, водонепропустливост, отпорност на мраз и други агресии, постојаност при топлина, релативно издолжување и скратување итн.

Изведувачот е потребно да располага со соодветна референца и да овозможи соодветен начин на контрола на истата.

5.4.2. Заштита на бетонските површини во контакт со почва

Заштита на овие површини потребно е да се направи кај темелите, крајните столбови и крилните ѕидови до кота на терен, односно на сите оние површини кои се во допир со почва.

Се препорачува заштитата да се изведе со современи средства за заштита како што се: еластични изолации, односно изолации кои што се добро применливи на подлогата и со подолга трајност; како и изолации кај кои што не е неопходна идеална сува подлога, согласно горенаведеното.

5.4.3. Заштита на бетонските површини во контакт со атмосфера

Заштита на овие површини потребно е да се изведе на околу 1,00 m над површината на теренот кај крајните столбови, односно на деловите кои се во допир и изложени на атмосферски влијанија. Се препорачува примена на соодветна хидроизолација на база на цемент за да се задржи и природната боја на бетонот.

5.5. Коловоз од асфалт-бетон

Преку хидроизолацијата се поставува асфалт-бетонски коловоз со дебелина d=70 mm. Вградувањето на асфалт-бетонот треба да се изврши едновремено преку целата површина, без подолжни работни фуги. Посебно внимание треба да се посвети на висинското регулирање на нивелетата, квалитетот на масата и вградувањето, со цел да не се појават одредени нерамнини коишто би придонеле за зголемување на динамичките влијанија на подвижниот товар. Рецептурата за асфалт-бетонскиот коловоз треба да е иста со таа што ќе се применува надвор од објектот со цел да се обезбедат идентични вознодинамички услови и одржување.

6. УРЕДУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ

Пред предавање на објектот во употреба, Изведувачот е должен теренот околу самиот објект да го уреди, т.е. да го врати во првобитната состојба (како пред отпочнување на работите за изградба). Ова уредување опфаќа: затрупување на ископите околу темелните јами; одстранување или зарамнување на вишокот материјал; евентуалните ископи, депониите на материјали или слично, кои може неповолно да влијаат на стабилноста на теренот да се доведат во поволна стабилна

положба за која посебно треба да се погрижи Изведувачот заедно со Надзорниот орган.

7. ПРОБНО ТОВАРЕЊЕ НА ОБЈЕКТОТ

Поради малиот распон L<15,00 m нема потреба од пробно товарење.

8. ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ

По предавањето на објектот во употреба, организацијата за одржување на патишта има обврска да води грижа за исправноста на објектот. Таа обврска се состои во извршување на редовни и контролни прегледи на објектот во експлоатација во временски интервали согласно Чл.287-ПБАБ-87.

За да се има увид во однесувањето на носивата конструкција под дејство на експлоатационите товари, потребно е во текот на првите две години, на секои 4 месеци да се вршат оскултации – геодетски мерења на објектот, за да се регистрираат евентуалните вертикални и хоризонтални померувања. За таа цел пред пуштањето на објектот во употреба да бидат вградени мерни места – репери, кои се поставени од двете страни на објектот, над двата крајни столба како и во средина на распонот. Тие треба да бидат изработени од материјал што не кородира, а вградени на начин кој обезбедува нивна неограничена употреба. Апсолутните коти на тие мерни места треба да бидат определени користејќи трајна нивелманска мрежа. Во наредниот период, после две години, оскултациите да се извршуваат еднаш годишно. Покрај споменатите оскултации, потребно е да бидат вршени редовни годишни и контролни прегледи. Контролните прегледи треба да се извршуваат од страна на стручна комисија на период не подолг од две години.

Напомена: Изведувачот на работите пред почетокот со изведување на објектот мора да ја проучи целокупната документација и доколку забележи некакви недоследности да го извести Инвеститорот, а потоа и Проектантот.

При изведба на објектот Изведувачот мора да ја почитува законската регулатива за сигурност и заштита при работа за ваков вид на објекти

Одговорен проектант,

Александра Митровска Стојков, дипл.град.инж.

www.euroroad-designgroup.com,euroroaddesign@yahoo.com ,tel:+389 (0) 26142-449

АНАЛИЗА НА ТОВАРИ

АНАЛИЗА НА ТОВАРИ

**Сопствената тежина на конструктивните елементи автоматски е пресметана во софтверот Radimpex-Tower 6*

1. Дополнителни постојани товари

- Асфалт и хидроизолација (8cm) .....0.08*24=1.92 kN/m^2
- Тежина од парапетна греда .....0.25*25=6.25 kN/m^2
- Товар од ограда на парапетна греда ..... =1.0 kN/m`

2. Пешачка навала на цел мост ..... =3.00 kN/m^2

3. Земјен притисок на крајните столбови

γ_z=21 KN/m^3

φ=30°-*агол на внатрешно триење*

κ_0=1-sinφ –*коефициент на земјан притисок во мирување*

κ_0=1-sin 30°=0.50

$p_i=k_0*\gamma_z*h_i$ [KN/m^2]

за h=0 m,p=0 [KN/m^2]

за h=4.80 m, p=50.40 [KN/m^2]

- Земјан притисок врз темели

  - Краен столб-горен темел:

    - од страната на насипот, за h=4.80 m, p=50.40 [KN/m^2]

    - од страната на реката, за h=2.46 m, p=25.83 [KN/m^2]

  - Краен столб-долен темел:

    - од страната на насипот, за h=6.05 m, p=63.53 [KN/m^2]

    - од страната на реката, за h=3.71 m, p=38.96 [KN/m^2]

  - Среден столб-горен темел:

    за h=1,35 m, p=14.18 [KN/m^2]

- Среден столб-долен темел:

  за h=2.60 m, p=27.30 [KN/m^2]

4. Влијание од возило на насип врз крајни столбови

φ=30°-*агол на внатрешно триење*
$к_a$=tg^2(45- φ/2)=0.333
За возило V300, P=16.67 KN/m^2 + 10 KN/m^2
P_i=P* $к_a$=26.67*0.333=8.88 KN/m^2

5. Корисен товар-сообраќајно оптоварување

Према ПБАБ 87, член 20, за категорија III-мостови на сите останати патишта, усвоено е типско возило V 300. Товарот од возилото V300 е нанесен во софтверот на коловозната плоча како подвижен товар со соодветниот интензитет, помножен со коефициентот kd=1.304.

Kd=1.4-0.008*L≥1

Kd=1.4-0.008*12≥1

Kd=1.304≥1

Возило	Вкупен товар	Товар на едно тркало	Ширина на налегнување	
	KN	KN	b1	b2
V300	300	50	0.4	0.2



6. Сеизмичко влијание

Анализата на сеизмичко дејство, во согласност со Правилникот за технички нормативи за проектирање на инженерски објекти во сеизмички подрачја, е спроведена според еквивалентни статички сили.
Притисок од земјан насип при земјотрес:

$$K_s = \frac{\ddot{X}_{max}}{\mu_p}$$

Ks= 0.1/2.5= 0.04- за делумно вкопани објекти изложени на земјен притисок и очекуван земјотрес од VII степен според MCS
ψ= 0.75 за делумно вкопани објекти изложени на земјен притисок

$E_{a,s}=k_s*\psi*\Upsilon*h*R(y,\beta) = 0.04*0.75*21*4.80 = 3.02$ KN/m^2

7. Температура

Температурата е нанесена на коловозната со интензитет на промена на температурата од +/- 25°C согласно граничната температура, со коефициент на температурна промена за 1°C од 0.000010.

8. Собирање и течење

Конечна вредност на коефициент на собирање на бетонот
среден полупречник на пресекот
Ab=1200*80=96000 cm2
O=1200 cm
dm=2*Ab/O= 160 cm
Влажн. V=70% εs(t)=0.3 ‰

-за релативна влажност 70% и средна дебелина на елементите > 40cm
-за релативна влажност 70% и средна дебелина на елементите > 40cm и време од 90 дена после престанокна негување на бетонот

φ(t,t0)= 2.10
εs(~)= 0.30 ‰
εs(90)/εs(~)= 0.15
εs(90)= 0.045‰
εs(~)= 0.34‰

- течење извршено 48% за старост на бетонот 28-90 дена

εφ(90)/εt(~)= 0.48‰
εbφ(90)=φ(t,t0)*0.48= 1.01‰
εbφ(90)= 1.09‰
εbφ=(σb*50%/E)*ϕ(t,t0)= 0.15‰
εvk=εt+εs~+εbφ= 0.70‰

9. Товар од ветер

W=qmtz*Gz*Cf*As

qmtz- осреднето аеродинамичко дејство на ветер
Gz- динамички коефициент за дејство на ветер
Cf- коефициент на облик и тип на конструкција
As- ефективна површина

Осреднето аеродинамичко дејство на ветер (qmtz)

$$q_{mtz}=q_{mt10}*Sz^2*Kz^2$$

• Основен аеродинамички притисок на ветер (qmt_{10z})

$$q_{mt10}=1/2*\rho*(V*Kt*KT)^2*10^{-1}$$

V=30 m/s; - основна брзина на ветар
ρ=0.01225 kN/m^3 - густина на воздухот
Kt=1.00 - коефициент на осреднување
KT=1.00 - коеф. на повратен период за објект без сообраќај
KT=0.858 - коеф. на повратен период за објект со сообраќај

а) Објект без сообраќај
q_{mt50}=0.551 kN/m^2

б) Објект со сообраќај
q_{mt10}=0.406 kN/m^2

• Осреднето аеродинамичко дејство на ветер (q_{mtz})

kz=1.00 - фактор на експозиција на терен
Sz=1.50 - фактор на топографија на терен

а) Објект без сообраќај

$q_{mtz}= q_{mt50}*Sz^2*kz^2=1.240$ kN/m^2

б) Објект со сообраќај

$q_{mtz}= q_{mt10}*Sz^2*kz^2=0.914$ kN/m^2

• Динамички коефициент за дејство на ветер $G_H=2$

• Коефициент на облик и тип на конструкција

B=4.00 m

0.6B=2.40 m

0.9B=3.60 m

d_{pl}+asf=0.88 m, y1=1.05 m

d_{pl}+par=1.05 m, y2=3.35 m

H_{v300} =3.50 m $Hv_{300}+d_{pl}$+asf=4.38 m

а) Објект без сообраќај

Cf=1.6(y1/B)+1=1.42 kN/m2

б) Објект со сообраќај

на конструкција Cf=1.35 e=0,60*y1= 0.63 m

на возило Cf=1.60 e=0,60*(y1+y2)= 2.64 m

• Ефективна површина

а) На метар должен на конструкција

As= 1,00*y1=1.05 m^2

б) Вкупно на возило

As= 6,00*y2=20.10 m^2

• Хоризонтални сили од ветар

а) Објект без сообраќај (на метар должен на конструкција)

w=qmtz*Gz*Cf*As =3.698 kN/m'

б) Објект со сообраќај

- на метар должен на конструкција

w=qmtz*Gz*Cf*As =2.59 kN/m'

IV. ГРАФИЧКИ ДЕЛ



Ревизија *Забелешки*

Дата

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО (АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА) ОД СПОЈ СО А2 ДО М.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА -КНИГА2-МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ЦРТЕЖ:
СИТУАЦИЈА

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М-Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР.НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б.2.2384

СОРАБОТНИЦИ:
М-Р ИСИДОРА МИТРОВСКА ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:		БРОЈ НА ЛИСТ:
Г_823/2024		01
ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН	Г	
ФОРМАТ: 297mm-420mm		РАЗМЕР: 1:500

ДАТУМ, МЕСТО:
МАЈ,2025,Скопје


T = 1
Rkv = -2000m
μ = 2.00000 %
tg = 20.000m
a = -0.100m
KM = 315.73
h = 580.416m
L = 40.001m
1.0000 %
69.22 m
-1.0000 %
56.88 m
КРИВА ПАЛАНКА
НИВЕЛЕТА ЗА КРИВА ПАЛАНКА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
H.M КРСТАТА ПАДИНА
1.0%
S4
S5
S6
S7
S8
S9
S10
S11
S12
S13
S14
S15
S16
S17
S18
S19
S20
S21
S22
S23
S24
S25
S26
S27
S28
S29
S30
S31
S32
S33
S34
S35
S36
S37
S38
S39
S40
S41
S42
S43



















EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

СОРАБОТНИЦИ:
М-Р ИСИДОРА МИТРОВСКА ,ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
Г_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ:
03

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО (АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА) ОД СП0.I-СО А2 ДО М.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА – КНИГА 2–МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН
Г

ФОРМАТ:
297mm-850mm

РАЗМЕР:
1:100

ЦРТЕЖ:
ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ

ДАТУМ, МЕСТО
ДЕКЕМВРИ, 2024, Скопје

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М-Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ ,ДИПЛ. ГРАД. ИНЖ. БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б. 2 2284

РЕВИЗИЈА
ЗАБЕЛЕШКИ

ДАТА

ОСНОВА НА ТЕМЕЛИ, М=1:50



ИНВЕСТИТОР: ОБЩИНА КРИВА ПАЛАНКА	СЪРАБОТНИЦИ: Н.Р ИЖИДЕР МИТРОВСКА ,ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ
ПРОЕКТ: ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ЛАТ СО ГАБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД ОТО-СО А2 ДО Н.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОБЩИНА КРИВА ПАЛАНКА –КНИГА 2– МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: Т_827/2025 / ФАЗА: Г / БРОЈ НА ЛИСТ: 04
ФОРМАТ: 297мм.1188мм	РАЗМЕР: 1:50
ЦРТЕЖ: ОСНОВА НА ТЕМЕЛИ	ДАТУМ , МЕСТО: Мај , 2025, Тетово
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ: М.И АЛЕКСАНДАРА МИТРОВСКА СТЕФАНОВА ,ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б. У 2364	РЕВИЗИЈА: ДАТА: ЗАБЕЛЕШКИ

ОСНОВА НА КОНСТРУКЦИЈА, М=1:50



ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА	СОРАБОТНИЦИ: М.Р ИЛИЈАНА МИТРОВИЋА ,ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ
ПРОЕКТ: ИДЕЈЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ЛАТ СО (А6) МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД ОТО.ОО А2 ДО М.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА -КНИГА 2- МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИА	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: Т_827/2025 · БРОЈ НА ЛИСТ: 05 · ФАЗА НА ПРОЕКТ: ИДЕЕН ПРОЕКТ · Г
ЦРТЕЖ: ОСНОВА НА КОНСТРУКЦИЈА	ФОРМАТ: 297мм.-1150мм · РАЗМЕР: 1:50
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ: М.Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТЕВАНОВ,ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б. Д. 2341	ДАТУМ, МЕСТО: Мај, 2025, Тетово · РЕВИЗИЈА · ЗАБЕЛЕШКИ · ДАТА

ОСНОВА НА ВИСИНСКИ КОТИ, М=1:50



ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА	СОРАБОТНИЦИ: М.Р ИЛИЈАНА МИТРОВСКА ,ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ
ПРОЕКТ: ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО К.БР. МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СТО-СО А2 ДО М.В.КРСТАЛ ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА – КНИГА 2– ИЗВЕДБЕНА КОНСТРУКЦИЈА	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: Т_827/2025 БРОЈ НА ЛИСТ: 04
ФОРМАТ: 297мм.-1188мм	РАЗМЕР: 1:50
ДАТУМ , МЕСЕЦ: Мај, 2025 Скопје	
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ: М.И АЛЕКСАНДРА МИТРЕВСКА СТЕФАНОВ ,ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ БР на овластување Б. д. 2364	РЕВИЗИЈА ЗАБЕЛЕШКИ ДАТА

НАДОЛЖЕН ПРЕСЕК, М=1:50



ЗАБЕЛЕШКИ

М.Р.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО ЈАЗ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СТОЈ-СО А2,ДО М.В.КРСТАЛ ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА «КАТЕГ.5-РАСТОЈОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ЦРТЕЖ:
НАДОЛЖЕН ПРЕСЕК

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М.Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ., ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ. БР.НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б.2.2384

СОРАБОТНИЦИ:
М.Р ФЕОДОРА МИТРОВСКА., ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
ЕР_КУ/2025

БРОЈ НА ЛИСТ: 07

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖНО КОНСТРУКТИВЕН

Г

ФОРМАТ:
297мм × 1155мм

РАЗМЕР:
Р=1:50

ДАТА, МЕСТО
МАЈ 2025, СКОПЈЕ

КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК, М=1:25



ЗАБЕЛЕШКИ

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО (АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА) ОД СПОЈ СО А2 ДО М.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА -КНИГА 2-МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ЦРТЕЖ:
КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М-Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР.НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б.2.2384

СОРАБОТНИЦИ:
М-Р ИСИДОРА МИТРОВСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
Г_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ: 08

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН

Г

ФОРМАТ:
297mm - 420mm

РАЗМЕР:
Р=1:25

ДАТА, МЕСТО
МАЈ 2025, СКОПЈЕ

ПЛАН НА ОПЛАТА ЗА СТОЛБ S1 И S4, M=1:50

ОСНОВА, M=1:50



ПРЕСЕК 1-1, M=1:50



ПРЕСЕК 2-2, M=1:50



ЗАБЕЛЕШКИ

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО (АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА) ОД СПОЈ СО А2 ДО М.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА -КНИГА 2-МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ЦРТЕЖ
ПЛАН НА ОПЛАТА ЗА СТОЛБ S1 И S4

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М-Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ
БР.НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б.2.2384

СОРАБОТНИЦИ:
М-Р ИСИДОРА МИТРОВСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
Г_023/2024

БРОЈ НА ЛИСТ: 09

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН
Г

ФОРМАТ:
297mm - 720mm

РАЗМЕР:
P=1:50

ДАТА, МЕСТО
МАЈ 2025, СКОПЈЕ

ПЛАН НА ОПЛАТА НА КРИЛНИ SИДОВИ К1,К2,К3 И К4, М=1:50

ОСНОВА, М=1:50



ПРЕСЕК 1-1, М=1:50



ПОГЛЕД 2-2, К1,К3, М=1:50



ПОГЛЕД 3-3, К2,К4, М=1:50



ЗАБЕЛЕШКИ

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОКАПЕН ПАТ СО ИАБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СТОЈ.СО А2 ДО М.В.КРСТАЛ ПАДИНА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ,КНИГА 2-МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ЦРТЕЖ:
ПЛАН НА ОПЛАТА НА КРИЛНИ ЅИДОВИ К1,К2,К3 И К4

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М.И.А.АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР.НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б.2.2384

СОРАБОТНИЦИ:
М.И.А.ЖЕЖДРА МИТРОВСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: P_029/2024	БРОЈ НА ЛИСТ: 10
ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН	Г
ФОРМАТ: 297mm - 1800mm	РАЗМЕР: P.1:50
ДАТА, МЕСТО: МАЈ 2025, СКОПЈЕ	

ПЛАН НА ОПЛАТА ЗА СТОЛБ S2 И S3, M=1:50

ОСНОВА, M=1:50



ПРЕСЕК 1-1, M=1:50



ПРЕСЕК 2-2, M=1:50



ЗАБЕЛЕШКИ

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО (АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА) ОД СТОЈ.СО А2 ДО М.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА -КНИГА 2-МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ЦРТЕЖ:
ПЛАН НА ОПЛАТА ЗА СТОЛБ S2 И S3

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М-Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ
БР.НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б.2.2384

СОРАБОТНИЦИ:
М-Р ИСИДОРА МИТРОВСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
Г_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ: 11

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН
Г

ФОРМАТ:
297mm - 575mm

РАЗМЕР:
P=1:50

ДАТА, МЕСТО
МАЈ 2025, СКОПЈЕ

ДЕТАЉ ЗА ЗАШТИТНА ОГРАДА НА МОСТ
Р=1:25



Пресек А – А



Правец на движење



Мерките се во метри (m).

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА	СОРАБОТНИЦИ: М-Р ИСИДОРА МИТРОВСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
ПРОЕКТ: ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО (АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА) ОД СП0.I СО А2 ДО М.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА – КНИГА 2– МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА	ТЕХНИЧКИ БРОЈ: Г_823/2024 / БРОЈ НА ЛИСТ: 12
ЦРТЕЖ: ДЕТАЉ ЗА ЗАШТИТНА ОГРАДА	ВИД НА ПРОЕКТ: ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН: Г / ФОРМАТ: 297mm-420mm / РАЗМЕР: 1:25
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ: М-Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ,ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.2384	ДАТУМ, МЕСТО: МАЈ, 2025, Скопје / РЕВИЗИЈА / ДАТА / ЗАБЕЛЕШКИ

ДЕТАЉ И ШЕМА НА ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕПЕРИ ЗА ОСКУЛТАЦИЈА
P=1:10



РАСПОРЕД НА РЕПЕРИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ВЕРТИКАЛНИ ДЕФОРМАЦИИ



EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

СОРАБОТНИЦИ:
М-Р ИСИДОРА МИТРОВСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
Г_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ:
13

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО (АБ МОСТ НА КРИВА РЕКА) ОД СПОЈ СО А2 ДО М. В. КРСТАТА ПАДИНА, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА – КНИГА 2 – МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН
Г

ФОРМАТ:
297mm-210mm

РАЗМЕР:
1:25

ЦРТЕЖ:
ДЕТАЉ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕПЕРИ ЗА ОСКУЛТАЦИЈА

ДАТУМ, МЕСТО:
МАЈ, 2025, Скопје

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М-Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР. НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б 2.2384

РЕВИЗИЈА
ДАТА

ЗАБЕЛЕШКИ

- вкупно на возило
  w=qmtz*Gz*Cf*As =10.237 kN/m'

10. Останати оптоварувања

- Сила од придвижување и запирање на возила

F= 1/20*3.5*12*3=6.30KN
F= 0.3* G_{v300}= 90 KN

усвоено: F= 90KN =>90kN/3.50=25.71 kN/m'

ДЕТАЛЈ ЗА КАНАЛЕТИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ М= 1:20



ЗАБЕЛЕШКИ

М.П.

EURO ROAD DESIGN GROUP
design, consult and laboratory

ИНВЕСТИТОР:
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПРОЕКТ:
ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СО СЛБ МОСТ НА КРИВА РЕКА ОД СПОЈ СО А2 ДО М.В.КРСТАТА ПАДИНА,ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА – КНИГА 2– МОСТОВСКА КОНСТРУКЦИЈА

ЦРТЕЖ:
ДЕТАЉ ЗА КАНАЛЕТИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ:
М-Р АЛЕКСАНДРА МИТРОВСКА СТОЈКОВ, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.
БР.НА ОВЛАСТУВАЊЕ Б.2.2384

СОРАБОТНИЦИ:
М-Р ИСИДОРА МИТРОВСКА, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ.

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
Г_823/2024

БРОЈ НА ЛИСТ: 14

ВИД НА ПРОЕКТ:
ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН

Г

ФОРМАТ:
297mm - 510mm

РАЗМЕР:
Р=1:20

ДАТА, МЕСТО
МАЈ 2025, СКОПЈЕ